# КНИГАТА НА ПРОРОК ДАНИЕЛ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2020

**КНИГАТА НА ПРОРОК ДАНИЕЛ**
Автор: *Елиас Бразил де Суза*
Број 1/2020

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Од читање до разбирање ................................................ 7

2. Од Ерусалим до Вавилон ............................................. 14

3. Од тајна до откровение ................................................ 21

4. Од огнена печка до палата ............................................ 28

5. Од годост до понизност ................................................ 35

6. Од самољубие до пропаст............................................... 42

7. Од јама со лавови до јама со ангел чувар ..................... 49

8. Од разбранувано море до небесни облаци .................. 56

9. Од извалканост до чистота............................................ 63

10. Од признавање до утеха ............................................... 70

11. Од борба до победа ........................................................ 77

12. Од север и југ до Красната Земја ................................. 84

13. Од правот земски до ѕвездите ...................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - јануари ............................................. 98

Утрински стихови - февруари ............................................ 99

Утрински стихови - март .................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата ................................. 102

Текстови за вечерно богослужение .................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ........ 104-106



ВОВЕД

## ДАНИЕЛ, ПРОРОК КОЈ ПРОРОКУВА ЗА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

Кога 19. век исчезна во 20., чувство на оптимизам го проникна Западот. Благодарение на науката и технологијата, човештвото напредуваше кон златното доба, иднина со прекрасни можности, кога конечно ќе нема војни, болести, сиромаштија ниту глад. Во секој случај, луѓето имаа таква надеж.

Се разбира, во дваесеттиот век оваа надеж се покажа не само како погрешна туку и безумна и наивна. Ова објаснува зошто во 21. век не влеговме со големо чувство на оптимизам во подобра иднина.

Од современа гледна точка, се чини дека светот сè уште е во доста мрачна состојба и, што е уште полошо, постои мала надеж дека можностите ќе се подобрат. Луѓето денеска се исто толку склони кон алчност, угнетување, насилство, освојување, експлоатација и самоуништување како и нивните предци во изминатите векови. Во меѓувреме, многу наши технолошки достигнувања, иако понекогаш добро му служат на човечкиот род, придонесоа за нашата алчност, угнетување, насилство, освојување, експлоатација и самоуништување.

Се разбира, ниту едно од наведеното не треба да нè изненади, не покрај следниве текстови: „Лукаво е човечкото срце повеќе од сè и е наполно расипано; кој ќе го разбере?“ (Еремија 17,9) или „Зашто ќе се крене народ против народ, и царство против царство, и на разни места ќе има глад, помор и потреси“ (Матеј 24,7).

Сепак, среде сиот тој очај и несреќи, ја имаме Книгата на пророкот Даниел, предмет на нашето проучување во текот на ова тримесечје, Книга која е особено значајна за нас кои живееме во *ayt quatz*, „последното време“ (Даниел 12,9). Причината за тоа е што на светите страници од Книгата на пророк Даниел имаме силен и разумен доказ кој ја потврдува нашата вера не само во Бога туку и во Господа Исуса Христа и Неговата смрт на крстот, како и во ветувањето за Неговото враќање и сето она што тоа враќање опфаќа.

Размислете за следново. Во целата Книга на пророк Даниел (2,7,8,11 глава) е даден, од различни агли, следната низа од царства: Вавилон, Медо-Персија, Царството на Александар Македонски, Рим и Божјето вечно царство, кое ќе настапи по Второто Христово доаѓање. Од наша гледна точка, бидејќи живееме во ова време во коешто живееме, можеме да забележиме дека сите овоземни царства биле основани и завршиле како проречени. Или, како што пишува Даниел, кога станува збор за Римското царство, тоа е основано и трае, барем засега. Тоа е прикажано

со стапалата и прстите на нозете во текстот Даниел 2,33.41, и ги претставува сè уште поделените народи на Европа, како и самата Римска црква. Според тоа, историјата на светот е јасна и цврста потврда на библиското пророштво, која не можел да ја има некој што живеел во Вавилон, или во Македонија, па дури ни во раните денови на Рим.

Бидејќи на пророчката временска линија живееме во времето во коешто живееме, може исто така да се забележи дека Даниел бил во право во врска со сите овие царства; затоа имаме уште поголема причина да Му веруваме, кога станува збор за единственото царство што допрва доаѓа: Божјето вечно царство, по Второто Христово доаѓање.

Да, книгата на Даниел останува силен доказ кој ја потврдува верата, особено за нас христијаните адвентисти, бидејќи на нејзините страници наоѓаме текстови кои се однесуваат на нашата Црква, особено во текстот Даниел 8,14: „Другиот му рече: 'Две илјади и триста вечери и утрини; и тогаш светилиштето ќе се очисти'." Овој текст е паралелен со текстот Дениел 7,22.26.27, кој покажува дека по големиот небесен суд, кој „беше даден на светиите од Севишниот...", ќе се воспостави Божјето царство. За разлика од привремените, поминливи земни царства, тоа ќе трае вечно.

Сепак, и покрај „пошироката слика", можеме да видиме колку Христос може да биде близок со секој од нас поединечно. Од сонот на царот Навуходоносор до избавувањето на Даниел од лавовската јама, оваа Книга ни покажува дека Бог постои и е близу до нас; како што му рекол Даниел на безбожниот цар Валтазар: Тој е Бог „во чии раце е и твојата душа и во кого се сите твои патишта" (Даниел 5,23).

Накратко, Книгата на пророкот Даниел, која е предмет на нашето проучување во текот на ова тримесечје, останува истата онаа што била напишана пред неколку илјади години: моќно откровение на љубовта и карактерот на нашиот Господ Исус Христос.

*Елиас Бразил де Суза работи како директор на Институтот за истражување на Библијата при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква. Стекнал докторат од областа на старозаветната егзегеза и теологија при Универзитетот Ендрус.*

**Поука 1**
**Од 28 декември до 4 јануари 2020**

# ОД ЧИТАЊЕ ДО РАЗБИРАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 24,25–27; 2. Петрово 3,11–13; Книгата на Јона 3,3–10; 4. Мојсеева 14,34; Даниел 9,23; Даниел 10,11.12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кога Филип притрча и чу дека оној го чита пророкот Исаија, и рече: ’Го разбираш ли тоа, што го читаш?’“ (Дела 8,30)**

Постанокот на нашата Црква има свој темел на страниците на Книгата на пророкот Даниел, која ќе ја проучуваме во текот на ова тримесечје. На самиот почеток треба да ги имаме следните подробности на ум, како образец кој ќе ни помогне во самото проучување.

Прво, никогаш не треба да заборавиме дека Христос е средиштето на Книгата на пророк Даниел, како и на целата Библија.

Второ, Книгата на пророкот Даниел е организирана на начин кој ја открива книжевната убавина и ни помага да сфатиме што е во центарот на нејзиното внимание.

Трето, треба да ја сфатиме разликата меѓу обичните и апокалиптичните пророштва. Тоа ќе ни помогне да правиме разлика меѓу пророштвата на Даниел и пророштвата на пророците како што се Исаија, Амос или Еремија.

Четврто, додека ги проучуваме Даниеловите временски пророштва, треба да сфатиме дека тие опфаќаат долг временски период и дека се мерат според принципот ден за година.

Петто, треба да нагласиме дека Книгата на пророкот Даниел не пренесува само подробности за пророштвата туку е исклучително значајна за нашиот личен живот денес.

## ХРИСТОС: СРЕДИШТЕ НА КНИГАТА НА ПРОРОКОТ ДАНИЕЛ

**Прочитајте ги текстовите: Лука 24,25–27; Јован 5,39; 2. Коринќаните 1,19.20. Во која смисла Христос е средиште на Писмото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Нема сомнение дека Исус е средиште на Писмото, а тоа ја вклучува и Книгата на пророкот Даниел. На пример: Првата глава покажува, иако на ограничен и несовршен начин, дека Даниеловото искуство е слично на Христовото, кој го напуштил Небото за да живее во овој грешен свет и да им се спротивстави на силите на темнината. На Даниел и на неговите другари им е дарувана мудрост од височините слична на Христовата за да се соочат со предизвиците на вавилонската култура. Во втората глава е опишан каменот којшто ќе се појави во последното (есхатолошко) време и кој укажува дека Христовото царство на крајот ќе ги замени сите светски царства. Третата глава открива дека Христос оди со своите верни слуги среде огнена печка. Во четвртата глава е прикажано како Бог го оддалечува Навуходоносора од неговото царство за одреден временски период, со цел царот да сфати дека „небесата ја имаат сета власт“ (Даниел 4,26). Изразот „небесата ја имаат сета власт“ нè потсетува дека Христос, како „Син Човечки“ (Даниел 7,13) ја прима власта и царството како што е опишано во 7. глава на Книгата на пророк Даниел. Во 5. глава е прикажана смртта на царот Валтазар и падот на Вавилон во рацете на Персијците во ноќта во која се оддале на пијанство и разврат. Овој настан го навестува поразот на сатаната и уништувањето на Вавилон во последното време од страна на Христа и Неговите ангели. Шестата глава зборува за заговорот против Даниела, која потсетува на лажните обвинувања кои свештеничките поглавари ги изрекле против Исуса. Потоа, како што царот Дариј безуспешно се обидува да го поштеди Даниела така и Пилат безуспешно се обидува да го поштеди Исуса (Матеј 27, 17-24). Во 7. глава се опишува Христос како Син Човечки кој го прима царството и владее со својот народ. Осмата глава го прикажува Христа како свештеник во небесното Светилиште, а во 9. како жртва чија смрт повторно го потврдува заветот меѓу Бога и Неговиот народ. Текстот од 10. до 12. глава го претставува Христа како Михаил, главниот заповедник кој се бори со силите на злото и победоносно го спасува Божјиот народ, дури и од силата на смртта.

**Како можеме да го задржиме Христа во центарот на својот живот среде борбите, искушенијата, па дури и моментите на голема радост и напредок? Зошто е толку важно тоа да го правиме?**

# СТРУКТУРА НА КНИГАТА НА ПРОРОК ДАНИЕЛ

Уредувањето на арамејскиот исечок во Книгата на пророк Даниел, од 2. до 7. глава (еден дел од Книгата на пророк Даниел е напишана на еврејски, а другиот на арамејски), ни ја открива следната структура, која ја истакнува централната порака на тој дел и на целата Книга:

А. Навуходоносоровото видение за четирите царства (Даниел 2)

Б. Бог ги ослободува пријателите на Даниел од огнената печка (Даниел 3)

**В. Суд над Навуходоносор (Даниел 4)**

**В', Суд над Валтазар (Даниел 5)**

Б'. Бог го ослободува Даниел од лавовската јама (Даниел 6)

А'. Даниеловото видение за четирите царства (Даниел 7)

Ваквиот вид на литературно уредување служи за да ја нагласи главната тема поставувајќи ја во центарот на структурата, која во овој случај се состои од точките В и В' (Даниел 4 и 5): Бог му го одзема царството на Навуходоносор (привремено) и на Валтазар (трајно). Според тоа, во текстот од 2. до 7. глава е нагласена Божјата суверена власт над земните цареви со тоа што Тој ги поставува и ги отстранува.

Еден од најделотворните начини на пренесување на пораката и појаснување на суштината е повторувањето. На пример, Бог му дава на фараонот два сона во врска со блиската иднина на Египет (1. Мојсеева 41,1-7). Во првиот сон седум слаби крави изеле седум дебели крави. Во вториот сон, седум мали и тенки класови изеле седум класови жито. И двата сона упатуваат на истото: по седум години напредок ќе следат седум години сиромаштија.

Бог во Книгата на пророк Даниел исто така го користи повторувањето. Постојат четири пророчки циклуси, кои претставуваат повторување на целокупната основна структура. Оваа структура на крајот укажува на конечната Божја врховна власт. Иако секоја пророчка слика содржи поинаков агол на согледување, тие заедно покриваат ист историски период, кој се протега од времето на пророкот до последното време, како што покажува следниов дијаграм:

| **Даниел 2** | **Даниел 7** | **Даниел 8; 9** | **Даниел 10–12** |
|---|---|---|---|
| Вавилон | Вавилон | | |
| Медо-Персија | Медо-Персија | Медо-Персија | Медо-Персија |
| Царството на Александар Велики | Царството на Александар Велики | Царството на Александар Велики | Царството на Александар Велики |
| Рим | Рим | Рим | Рим |
| Божјето царство е воспоставено | Небесниот суд ѝ претходи на Новата Земја | Чистење на Светилиштето | Михаил станува |

**Каква голема надеж содржат овие текстови во врска со нашите долгорочни изгледи? Даниел 2,44; Псалм 9,7-12; 2. Петрово 3,11-13.**

## АПОКАЛИПТИЧКИ ПРОРОШТВА ВО КНИГАТА НА ПРОРОК ДАНИЕЛ

Пророчките виденија забележани во Книгата на пророк Даниел имаат поинаква природа од повеќето пророчки пораки што ги објавувале старозаветните пророци. Даниеловите пророштва припаѓаат на категоријата *апокалиптички пророштва*, додека повеќето од другите старозаветни пророштва спаѓаат во категоријата *класични пророштва*. За правилно разбирање на библиското пророштво мошне е важно да се разбере основната разлика меѓу овие пророштва.

*Апокалиптичките пророштва* имаат посебни одлики по кои се разликуваат од таканаречените класични пророштва:

*Виденија и сонови:* Во апокалиптичното пророштво Бог главно користи сонови и виденија за да му ја пренесе пораката на пророкот. Во класичното пророштво, пророкот ја прима „Господовата Реч“ – која може да вклучува видение – израз кој во мали варијации се јавува околу 1600 пати кај класичните пророци.

*Сложен симболизам.* Додека во класичното пророштво, симболизмот се јавува во ограничена мера, во најголем дел се опфаќаат симболите од реалниот живот; во апокалиптичкото пророштво Бог користи симболи и слики надвор од светот на човечката реалност, како што се хибридни животни или ѕверови со крилја и рогови.

*Божествена врховна власт и безусловност.* За разлика од класичните пророштва, чии исполнувања често зависат од човековиот одговор на Божјиот завет со Израел, апокалиптичките пророштва се безусловни. Во апокалиптичкото пророштво Бог го открива подемот и падот на светските царства од Даниеловите денови до крајот на времето. Овој вид на пророштво се заснова на Божјето предзнаење и суверена власт и ќе се оствари без оглед на човековите одлуки.

**Прочитајте го текстот Јона 3,3-10. Дали ова е класично или апокалиптичко пророштво? Образложете го својот одговор? Какво пророштво е забележано во текстот Даниел 7,6?**

________________________________________________________

Познавањето на општите видови пророштва, како што се класичното и апокалиптичкото пророштво, може да биде од голема корист. Прво, овие покажуваат дека Бог користи различни пристапи за да ја објави пророчката вистина (Евреите 1,1). Второ, таквото знаење ни помага повеќе да ја цениме убавината и сложеноста на Библијата. Трето, ова знаење исто така ни помага да ги толкуваме библиските пророштва на начини кои се во согласност со сведоштвата на целата Библијата и правилно го објаснуваат „словото на вистината“ (2. Тимотеј 2,15).

**Врз основа на текстовите како Осија 3,4.5; Амос 9,11 и Захарија 9,1, некои христијани очекуваат последните настани од земната историја да се одиграат на Блискиот Исток. Што е погрешно во ова толкување? Како познавањето на разликите меѓу апокалиптичките и класичните пророштва ни помага да го појасниме ова прашање?**

## БОЖЈА ВРЕМЕНСКА СКАЛА

Уште една важна мисла, која треба да ја имаме на ум додека ја проучуваме Книгата на пророкот Даниел, е историскиот пристап кон апокалиптичките пророштва. Овој пристап, воедно познат и како *историцизам,* може подобро да се сфати доколку се спореди со спротивните гледишта – претеризмот, футуризмот и идеализмот.

*Претеризмот* е наклонет на пророчките настани, кои се објавени во Книгата на пророкот Даниел, да гледа така како тие да се случиле во минатото. *Футуризмот* тврди дека истите тие пророштва сè уште чекаат на исполнување во иднината. *Идеализмот,* пак, смета дека апокалиптичките пророштва се симболи на општите духовни реални нешта без какво било посебно историско значење.

Застапниците на *историцизмот*, спротивно на тоа, сметаат дека Бог во апокалиптичкото пророштво ни ја открива целосната историска низа од времето на пророците до последното време. Додека ја проучуваме Книгата на пророк Даниел, ќе видиме дека во секое видение во Книгата (Даниел 2,7,8,11) се повторува овој историски преглед, даден од поинаква перспектива и со нови подробности. Пионерите на адвентизмот, а тука спаѓа и Елена Вајт, ги толкувале библиските пророштва од Книгата на пророк Даниел и Откровението од историцистичка гледна точка.

**Прочитајте ги следните текстови: 4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,5.6. Што во пророчкиот јазик обично претставува „ден“?**

___________________________________________________________

Додека ја проучуваме Книгата на пророк Даниел, треба да го имаме и тоа на ум дека пророчкото време се мери по принципот ден за година. Односно, еден ден во пророштвото обично одговара на една година во вистинското историско време. На пример, пророштвото за 2300 вечери и утра треба да се сфати како пророштво за 2300 години (Даниел 8,14). Слично на тоа, пророштвото за 70 седмици треба да се сфати како пророштво за 490 години (Даниел 9,24-27).

Овој временски распоред ни се чини правилен од следниве очигледни причини: 1) бидејќи виденијата се симболички, назначеното време исто така мора да биде симболичко. 2) Бидејќи настаните опишани во виденијата се одигруваат во долг временски период, дури до „крајот на времето“ во некои случаи, временските периоди поврзани со овие пророштва треба да се толкуваат во согласност со тоа. 3) Принципот ден за година е потврден во Книгата на пророк Даниел. Јасен пример наоѓаме во пророштвото за 70 седмици, кое се протега од денот на царот Артаксеркс до Исусовото доаѓање како Месија. Оттаму, за да бидат јасни пророчките временски периоди од Книгата на пророк Даниел, најочигледно е, и најправилно да ги толкуваме според принципот ден за година.

**Некои од овие временски пророштва опфаќаат стотини, дури и илјади години. Каква поука за трпението можеме да извлечеме од овој факт?**

## ДЕНЕШНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА КНИГАТА НА ПРОРОК ДАНИЕЛ

Иако е напишана пред повеќе од 2500 години, Книгата на пророк Даниел и понатаму е исклучително важна за Божјиот народ во 21 век. Забележуваме три области во кои оваа книга може да биде значајна за нас.

*Бог е суверен владетел на нашиот живот.* Дури и кога работите ќе тргнат наопаку, Бог суверено владее и дејствува преку непостојаните човечки постапки со цел на своите деца да им го пружи најдоброто. Даниеловото искуство во Вавилон нè потсетува на искуствата на Јосиф во Египет и Естира во Персија. Овие три млади личности биле заробеници во странски земји и под надмоќна власт на незнабожечките народи. На обичниот набљудувач може да му се чини дека се слаби и дека Бог ги заборавил. Меѓутоа, Господ им дал сила и ги употребил на моќен начин. Кога се соочуваме со искушенија, страдања и противење, можеме да се осврнеме на она што Бог го направил за Даниел, Јосиф и Естира. Можеме да бидеме сигурни дека Господ останува наш Господ и дека не нè напушта дури ни среде неволјите и искушенијата.

*Бог управува со текот на историјата.* Понекогаш нè загрижува конфузниот и бесцелен свет полн со грев и насилство. Меѓутоа, пораката на Книгата на пророк Даниел гласи дека Бог ја има контролата. Во секоја глава од Книгата на пророк Даниел забележуваме сосема јасна порака дека Бог управува со историскиот тек. Како што вели Елена Вајт: „Во записите на човековата историја, подемот на народите, издигнувањето и паѓањето на царствата, навидум зависат од волјата и јунаштвото на луѓето. Се чини дека развојот на настаните во голема мера е одреден од нивната сила, амбиција или своеволност. Но, во Божјата Реч завесата е тргната на страна и ние можеме слободно да гледаме зад, над, и во сите игри и судири на човечките интереси, сила и страсти, како орудијата на Семилостивиот тивко и трпеливо ги остваруваат намерите на неговата волја“ (*Воспитување*, стр. 153; стр. 173 ориг.).

*Бог му дава пример на својот народ на последното време.* Даниел и неговите пријатели служат како пример за живот во општество чиј поглед на свет е често во судир со гледиштата на Библијата. Кога на нив се врши притисок да ја компромитираат својата вера и да направат отстапки пред вавилонскиот систем во области кои би ја побиле нивната посветеност на Господа, тие остануваат верни на Божјата Реч. Нивното искуство на верност и потполна посветеност на Господа ни пружа охрабрување кога се соочуваме со противење и прогонство поради евангелието. Во исто време, Даниел покажува дека човек може да придонесе за државата и општеството и сепак да остане посветен на Господа.

**Прочитајте: Даниел 9,23; 10,11.12; Матеј 10,29-31. Што ни кажуваат овие стихови, колку е Бог заинтересиран за нашите лични борби?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Библијата е одредена да биде водач на сите што сакаат да ја запознаат волјата на својот Творец. Бог на луѓето им дал сигурна пророчка Реч. Ангелите, па и сам Христос, дошле Даниела и Јована да ги запознаат со настаните што треба наскоро да се исполнат. Она што е важно за нашето спасение не останало никаква тајна, ниту е откриено на таков начин да може да го збуни искрениот истражувач на вистината или да го доведе во заблуда. Господ рекол преку пророкот Авакум: 'Запиши го видението и одбележи го на плочи јасно, за оној што ќе чита, да може лесно да го прочита' (Авакум 2,2). Божјата реч е јасна за сите што ја проучуваат со искрена молитва. Секоја искрена душа ќе ја прими светлината на вистината. 'Светлина им зрачи на праведните' (Псалм 97,11). И ниедна црква не може да напредува во светоста ако нејзините верници не ја бараат вистината како скриено богатство“ (*Големата борба*, стр. 466; стр. 521.522. оригинал).

„Проучувајте го животот на Даниел и на неговите пријатели. Иако живееле на тоа место на коешто живееле и на секој чекор се соочувале со искушението да си удоволат себеси, тие го почитувале и го прославувале Бога во секојдневниот живот. Биле решителни во својата намера да го избегнуваат секој облик на зло. Одбиле да тргнат по непријателската патека. Бог со обилни благослови ја наградил нивната постојана верност“ (*Manuscript Releases* [бр. 224], 4. книга [Ellen G. White Estate, 1990], стр. 169.170).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Додека ја проучуваме Книгата на пророкот Даниел, една силна подробност ќе биде истакната. Бог не е само суверен владетел на сите народи, Тој мошне добро нè познава сите нас поединечно, на најдлабоко ниво. На пример, како што ќе видиме во текстот Даниел 2 глава, Тој на незнабожечкиот народ му подарил сон. Можноста некој да влезе во нечиј ум додека таа личност спие и да ѝ всади сон, открива блискост во која не можеме да проникнеме. Во исто време, како што ќе видиме, природата на сонот ни открива дека Бог управува дури и со најголемите светски царства и знае како сево ова ќе се заврши. Каква утеха и надеж можеме да извлечеме од овие описи на стварноста? Истовремено, како се чувствувате кога знаете дека Господ е толку блиску што ја знае секоја ваша мисла? Зошто во овој контекст ветувањето за крстот станува толку важно?**

**2. Во класата разговарајте за разликата меѓу класичното и апокалиптичкото пророштво. Кои примери за двете пророштва можете да ги пронајдете во Библијата?**

**Поука 2**
**4 -10 јануари 2020**

# ОД ЕРУСАЛИМ ДО ВАВИЛОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. За царевите 21,10–16; Даниел 1; Галатјаните 2,19.20; Матеј 16,24–26; 2. Коринќаните 4,17; Јаков 1,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На овие четири момчиња Бог им даде знаење и разбирање на сите книги и мудрости. Даниел ги разбираше виденијата и соништата“ (Даниел 1,17).**

Библијата не избегнува да ни ги покаже слабостите на паднатиот човечки род. Од 3. глава во 1. Мојсеева па натаму, јасно се прикажува човековата грешност и нејзините жални последици. Исто така, едновремено забележуваме и примери на луѓе кои покажуваат голема верност кон Бога, дури и кога ќе се соочат со силните поттици да бидат сè друго само не верни. Еден од најсилните примери на таква верност наоѓаме во Книгата на пророкот Даниел.

Меѓутоа, додека ја проучуваме оваа Книга, треба да имаме на ум дека вистинскиот јунак во неа е Бог. Толку сме навикнале на извештаите кои ја нагласуваат верноста на Даниел и неговите пријатели, што може да се случи да заборавиме да ја издигнеме верноста на Оној кој ги водел и ги поддржал овие четири момчиња кога се спротивставиле на моќта и привлечностите на Вавилонското царство. Да се остане верен е доволен предизвик во сопствената земја и местото во коешто живееме, а особено кога се соочуваме со притисокот на странска земја, култура и религија. Меѓутоа, луѓето се борат со предизвиците бидејќи, исто како апостол Павле, велат „знам во Кого сум поверувал“ (2. Тимотеј 1,12) и во Него ја полагаат својата доверба.

## БОЖЈАТА ВРХОВНА ВЛАСТ

На прв поглед Книгата на пророкот Даниел почнува со мрачен призвук на пораз. Јуда се предала на Навуходоносор, а садовите од Храмот се однесени од Ерусалим во земјата Шинар. Зборот *Shinar* се јавува во Библијата во текстот 1. Мојсеева 11,2, како место на кое се наоѓа Вавилонската кула. Шинар е кобен знак, бидејќи укажува на замисла која се темели на отворено отфрлање на Бога. Меѓутоа, иако градителите на Вавилон не успеале во својот обид да допрат до небото, однадвор гледано, се чинело како Навуходоносор и неговите богови – сместени во земјата Шинар – да го надвладеале заветниот израелски Бог.

Сепак, воведните стихови од Книгата на пророкот Даниел јасно кажуваат дека поразот на Ерусалим не треба да се припише на надмоќната сила на вавилонскиот цар; поразот се случил бидејќи „Господ му ги даде во рацете Јоакима, јудејскиот цар, и дел од садовите во Божјиот дом“ (Даниел 1,2). Многу порано, Бог објавува дека, доколку Неговиот народ Го заборави и го прекрши заветот, ќе ги испрати заробениците во странска земја. Според тоа, Даниел знае дека зад воената вавилонска сила небесниот Бог го води токот на историјата. Токму ова јасно согледување на Божјата врховна власт им дава поткрепа на овие млади луѓе и им влева сила и храброст да се соочат со искушението и притисокот на Вавилонското царство.

**Прочитајте: 2. Царевите 21,10-16; 24,18-20; Еремија 3,13. Зошто Бог ги дава Јуда и Ерусалим во рацете на Вавилонците?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Додека се соочуваме со предизвиците на 21. век, треба повторно да го усвоиме сфаќањето за Бога кое е толку живо прикажано во Книгата на пророк Даниел. Според оваа Книга, ние му служиме на Бога кој не само што благодарение на својата врховна власт управува со историските токови туку и милостиво дејствува во животот на својот народ и му обезбедува значајна помош во моментите на потреба. И како што подоцна ќе видиме, она што Бог го направил за еврејските заробеници, ќе го направи и за својот народ во последното време, без оглед на различните напади на нив и на нивната вера.

**Со какви предизвици сега се соочува вашата вера, било да доаѓаат однадвор или да се јавуваат во црквата, или да настануваат како последица на вашите лични недостатоци во карактерот? Како можете да научите да се потпирате на Божјата сила која може да ви помогне да го совладате сè она што ќе ви се најде на патот?**

## ВЕРАТА ПОД ПРИТИСОК

**Прочитајте го текстот Даниел 1. Каков притисок бил вршен на овие момчиња за да се потчинат?**

_______________________________________________________________

По доаѓањето во Вавилон, овие четири момчиња мораат да се соочат со најсериозниот предизвик за нивната вера и убедување: избрани се да пристапат кон посебна обука за да се оспособат да му служат на царот. Древните цареви често земале некои од своите најдобри заробеници да служат во царската палата, и на тој начин да ја пренасочат својата верност кон царот и боговите на царството во чие заробеништво се наоѓаат. Навистина, целиот процес имал за цел да оствари некаков вид обраќање и индоктринација што би довело до промена на светогледот. Како дел од тој процес, на еврејските заробеници им ги менувале имињата. Новото име означувало промена на сопственоста и промена на судбината. Според тоа, давајќи им нови имиња на заробениците, Вавилонците имале намера да ја потврдат власта над нив и да ги присилат да ги прифатат вавилонските вредности и култура. Нивните првични имиња, кои укажувале на израелскиот Бог, биле заменети со имиња со кои се почитувале туѓите божества. Покрај тоа, царот одлучува момчињата да јадат храна од неговата трпеза. Земањето од царевата храна имало длабоки импликации во старите времиња. Тоа значело неподелена верност кон царот и одразувало зависност од него. Бидејќи храната обично им била принесувана на некој бог или на богови на царството, секој оброк имал длабоко верско значење. Очигледно е дека тоа значело прифаќање на царскиот богослужбен систем и учествување во него.

Даниел и неговите пријатели се нашле околности со голем предизвик. Во нивниот случај, да се остане верен на Бога и да се преживее големата моќ на царскиот систем барало ништо помалку од чудо. За приликите да бидат уште посложени, градот Вавилон исто така стоел како величествен израз на човечкото достигнување. Архитектонската убавина на вавилонските храмови, висечките градини и реката Еуфрат која течела низ градот одразувале слика на ненадминлива моќ и слава. Исто така, на Даниел и неговите пријатели им била понудена прилика да напредуваат и можност да уживаат во предимствата и просперитетот на овој систем. Можеле да го изгубат статусот еврејски заробеници и да станат царски службеници. Дали ќе ги загрозат своите начела за да тргнат по полесната патека до слава?

**На кои начини овие момчиња можеле да ја оправдаат одлуката да прават отстапки во поглед на своите уверувања? На кои начини можеби вие сега се соочувате со слични или помали предизвици?**

# ЦВРСТА ОДЛУКА

**Прочитајте: Даниел 1,7-20. Кои два фактора ги забележуваме овде: Даниеловата слободна волја и Божјето дејствување? Исто така, кое важно начело се јавува овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Се чини дека четворицата еврејски заробеници не приговараат поради добивањето на вавилонските имиња. Најверојатно е дека ништо не можеле да направат во врска со тоа, освен да ги користат своите еврејски имиња меѓу себе. Меѓутоа, кога станува збор за храната и виното од царевата маса, сигурно тие одлучуваат дали да ги консумираат или не. Според тоа, слободниот избор на четирите момчиња овде е многу важен.

Меѓутоа, ако службеникот може да ги промени нивните имиња, тој исто така може да го промени и менито. Постојат две можни причини зошто момчињата не сакаат да јадат од царевата трпеза.

Прво, оброците од царевата маса можат да содржат нечисто месо (3. Мојсеева 11). Второ, храната прво се принесува на божествен лик, а потоа се испраќа кај царот. Затоа, кога Даниел објаснува, без да прибегне кон заобиколување или измами, дека неговото барање има верска заднина, односно дека храната на трпезата ќе го оскверни него и неговите пријатели (Даниел 1,8), тој покажува голема храброст.

Додека го следиме разговорот меѓу Даниел и вавилонскиот службеник, се издвојуваат неколку важни подробности. Прво, се чини дека Даниел добро сфаќа дека службеникот се наоѓа во тешка положба, па предлага проверка. Десет дена земање поинакви оброци требало да биде доволно да се покажат предностите на таквата исхрана и така да се отстранат стравовите на службеникот. Второ, сигурноста на Даниел дека резултатот ќе биде позитивен за мошне кратко време, потекнува од целосната доверба во Бога. Трето, изборот на вегетаријанска исхрана и употреба на вода упатуваат на храната која Бог му ја дал на човекот при создавањето (види: 1. Мојсеева 1,29), на фактот дека таа исто така можела да влијае на одлуката на Даниел. Впрочем, што може да биде подобро од исхраната што Бог првобитно ја дал?

**Што е толку важно во врска со Даниеловата слободна одлука која му овозможува на Бога да дејствува онака како што дејствува (види: Даниел 1,9)? Какви поуки можеме да усвоиме од ова за важноста на нашите сопствени одлуки? Како треба нашата доверба во Бога да влијае на нашите одлуки?**

# БЕЗ МАНА И МУДРИ

Даниел и неговите пријатели биле избрани за царска служба бидејќи одговараат на профилот кој го одредил Навуходоносор. Според царевите зборови, царските службеници мораат да бидат „без недостатоци“ и „убави“ (Даниел 1,4). Интересно е што жртвите и лицата кои служеле во Светилиштето требало да бидат „без недостатоци“ (3. Мојсеева 22,17-25; 3. Мојсеева 21,16-24). Се чини дека вавилонскиот цар себеси се споредува со израелскиот Бог, бидејќи бара од оние кои служат на неговиот двор да имаат слични особини. Од друга страна, таквите особини можат недвосмислено да укажат на тоа дека Даниел и неговите сонародници биле живи жртви за Бога кога се соочиле со предизвиците во Вавилонското царство.

**Прочитајте ги следните текстови: Галатјаните 2,19.20; Матеј 16,24-26; 2. Коринќаните 4,17. Што ни кажуваат овие стихови за тоа како можеме да останеме верни, без разлика со какви искушенија се соочуваме?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог ја наградува верност на четворицата еврејски заробеници и по истекот од нивниот десетдневен период на проверка тие изгледаат поздрави и поухранети од другите момчиња кои јаделе на царската трпеза. Според тоа, Бог на четворицата свои слуги им дава „знаење и разбирање на сите книги и мудрости“, а само на Даниел му дал да ги разбере „виденијата и соништата“ (Даниел 1,17). Овој дар ќе одигра значајна улога во Даниеловата пророчка служба.

Како што Бог ја наградува верата на своите слуги на вавилонскиот двор, така и нам ни дава мудрост кога се соочуваме со предизвиците во светот. Од искуството на Даниел и неговите другари учиме дека, и покрај расипаноста на нашето општество, човек навистина може да остане неизвалкан. Исто така, учиме дека не треба да се издвојуваме од општеството и од неговиот културолошки живот за да му служиме на Бога. Даниел и неговите пријатели не само што живеат во култура изградена на лаги, заблуди и митови туку и се школуваат со тие лаги, заблуди и митови. Па сепак, тие остануваат верни.

**Без оглед на тоа каде живееме, се соочуваме со предизвикот среде културолошките и општествените влијанија, кои се спротивни на нашето верување, да останеме верни на она во што веруваме. Препознајте ги негативните влијанија во својата култура и поставете си го себеси прашањето: *Колку успешно им одолевам?***

## КОНЕЧЕН ИСПИТ

**Прочитајте Даниел 1,17-21. Кој е клучот за успехот на четирите момчиња? (види и: За Јов 38,36; Мудри изреки 2,6; Јаков 1,5).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

По три години обучување на „Вавилонскиот универзитет“, четворицата Евреи се доведени пред царот на последниот испит. Не само што биле поздрави од останатите ученици туку и ги надминувале во знаењето и мудроста. Сите четворица веднаш биле задолжени да му служат на царот. Не треба да заборавиме дека нивното „знаење и мудрост“ во голема мера несомнено се состоеле од пагански учења. И покрај тоа, тие учат и очигледно успешно учат, иако не веруваат во тоа.

Навуходоносор можеби смета дека таквото постигнување е поврзано со начинот на исхрана на дворот и програмата за обука што ја поминале овие момчиња. Меѓутоа, Даниел и неговите пријатели знаат, а тоа наративот јасно го покажува, дека нивните врвни резултати не му должат ништо на вавилонскиот систем. Сè потекнува од Бога. Колку силен пример за тоа што Бог може да направи за оние кои се потпираат на Него. Не треба да се плашиме од неодоливата сила на медиумите, властите и другите институции кои се закануваат да го уништат нашиот идентитет како Божји деца. Кога имаме доверба во Бога, можеме да бидеме сигурни дека Тој може да нè поддржи во тешките моменти и да нè сочува од сите неволји. Клучно за нас е да донесуваме добри одлуки кога нашата вера се соочува со предизвици.

Проучувајќи ја 1. глава од Книгата на пророк Даниел, учиме некои многу важни поуки за Бога: 1) Бог управува со историјата: 2) Бог дава мудрост за да можеме да се движиме во непријателското опкружување во својата култура и општество; 3) Бог ги почитува оние што се надеваат во Него и кои тоа го покажуваат со своите уверувања и со својот начин на живот.

Главата се завршува со истакнување дека „Даниел остана таму до првата година на владеењето на цар Кир“ (Даниел 1,21). Споменувањето на Кир овде е значајно: ни пружа увид во надежта среде искуствата на прогонство. Бог го избрал Кир за да го ослободи Неговиот народ и да им дозволи да се вратат во Ерусалим. Иако главата почнува со слика на пораз и прогонство, завршува со надеж и враќање дома. Тоа е нашиот Бог: дури и во најтешките моменти во нашиот живот, Тој секогаш го отвора прозорецот на надежта за да можеме да ја видиме славата и радоста кои се наоѓаат зад болките и страдањата.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Даниел и неговите другари во Вавилон, во својата младост, навидум биле поголеми миленици на среќата отколку Јосиф во првите години од неговиот живот во Египет; сепак, и тие биле ставени на речиси исто толку тешка проверка на карактерот. Од сразмерната едноставност на своите јудејски домови, овие момчиња од царски род биле доведени во највеличествениот од сите градови, на дворот на неговиот најмоќен монарх, и биле издвоени да се подготват за посебна служба на царот. На тој расипан и раскошен двор биле опкружени со тешки искушенија. Фактот дека тие, обожаватели на Господа, биле заробеници во Вавилон; дека садовите од Божјиот дом биле ставени во храмот на вавилонските богови; дека самиот цар на Израел бил заробеник во рацете на Вавилонците, победниците горделиво го истакнувале како доказ дека нивната религија и обичаите се подобри од религијата и обичаите на Евреите. Во такви околности, дозволувајќи понижувања за кои Израелците самите биле виновни поради оддалечувањето од Неговите заповеди, Бог му дал на Вавилон доказ за својата врховна власт, за светоста на своите барања и за сигурните плодови на послушноста. Тоа сведоштво го дал на единствениот можен начин – преку оние кои останале цврсти во својата верност“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 48; стр. 54. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Поразговарајте во класата за различните културолошки и општествени предизвици со кои како христијани се соочувате во своето општество. Кои предизвици се во прашање и како Црквата како целина, може да научи да одговори на нив?**

**2. Размислете за тоа колку му било лесно на Даниел и на другите да направат отстапки кога е во прашање верата. Всушност, Вавилонците биле освојувачи. Еврејскиот народ бил поразен. Каков поголем „доказ“ бил потребен дека вавилонските „богови“ се посилни од израелскиот Бог, и според тоа Даниел и неговите другари треба да го прифатат тој факт. За кои важни библиски вистини можеле да се држат во оваа прилика, вистини кои можеле да ги поткрепат во тие моменти? (Види: Еремија 5,19; Еремија 7,22-34). Што ни кажува ова за важноста на познавањето на Библијата и сфаќањето на „сегашната вистина“?**

**3. Зошто верноста е толку важна не само за нас туку и за оние на кои нашата верност им сведочи за карактерот на Господа, на кого настојуваме да му служиме?**

**Поука 3**
**11 -17 јануари 2020**

# ОД ТАЈНА ДО ОТКРОВЕНИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 2,1–16; Дела 17,28; Даниел 2,17–49; Псалм 138; Јован 15,5; 5. Мојсеева 32,4; 1. Петрово 2,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Даниел го прифати словото и рече: ’Божјото име да биде благословено одвека довека, Негова е мудроста и силата’“ (Даниел 2,20).**

Во водите околу Гренланд пловат ледени брегови со различни големини. Понекогаш малите санти лед се движат во еден правец додека масивните санти одат во друг. Се работи за тоа дека ветровите кои дуваат на површината ги носат малите санти, додека огромните парчиња лед се носени од длабоките океански струи. Кога размислуваме за подемите и падовите на народите низ историјата, тоа можеме да го споредиме со површинските ветришта и океанските струи. Ветровите претставуваат сѐ она што е променливо и непредвидливо, како што е човечката волја. Меѓутоа, покрај овие силни ветрови, истовремено дејствува и уште една сила, која е помоќна и многу слична на океанските струи. Во прашање е движењето на Божјите мудри и суверени намери. Како што изјавила Елена Вајт: „Меѓутоа, слично на Ѕвездите што се движат по одредени патеки низ бескрајните пространства, Божјите намери не познаваат брзање ниту задоцнување“ (*Копнежот на вековите*, стр. 19; стр. 32. оригинал). Иако се чини дека подемите и падовите на народите, идеологиите и политичките партии се одвиваат исклучиво од човечки каприци (заб. прев.: каприц – необјаснива или ненадејна промена на мислење, своеволност), втората глава на Книгата на пророк Даниел покажува дека небесниот Бог е всушност Тој кој ја придвижува човечката историја кон нејзиниот величествен крај.

## БОЖЈАТА ИМАНЕНТНОСТ

**Прочитајте го текстот Даниел 2,1-16. Со каква криза се соочуваат Евреите поради сонот што Господ му го дава на царот?**

_______________________________________________________________

Во древниот свет луѓето сериозно ги сфаќале соновите. Кога се чинело дека сонот е злокобен, често укажувал на некоја некоја несреќа што претстои. Според тоа, разбирливо е зошто Навуходоносор толку ќе се вознемири во врска со сонот кога, за приликите да бидат уште полоши, повеќе не можел да се сети. Вавилонските мудреци верувале дека боговите можат да го откријат толкувањето на соновите, но во случајот на овој сон во Книгата на пророк Даниел не можеле ништо да сторат бидејќи царот заборавил што сонувал. Кога содржината на сонот би им била ним соопштена, тие пред царот би изнеле толкување кое нему би му било угодно да го слушне. Меѓутоа, во оваа ситуација без преседан, кога вештите толкувачи на сонот не можат да му кажат на царот за што се работи во неговиот сон, присилени се да признаат дека „нема никој што би можел да му го открие тоа на царот освен боговите, кои не живеат меѓу смртниците“ (Даниел 2,11).

Крајно разочаран, царот наредува сите вавилонски мудреци да бидат убиени. Таквата свирепост не била непозната во стариот свет. Историските извори сведочат дека, поради заговорот, Дариј I ги погубил сите мудреци, а Ксеркс ги усмртил градителите чиј мост се урнал.

Навудоходоносор издава декрет токму во времето кога Даниел и неговите другари ја завршиле обуката и биле примени во кругот на царските советници. Од таа причина, смртниот декрет што го издава царот се однесува и на нив. Всушност, оригиналниот јазик ни навестува дека погубувањата почнуваат веднаш и дека Даниел и неговите пријатели ќе бидат следните усмртени. Меѓутоа, Даниел „мудро и умно“ (Даниел 2,14) му пристапува Ариох, човекот кој бил задолжен за извршувањето на погубувањето. Даниел на крајот лично бара од царот да му даде време за да го протолкува таинствениот сон. Интересно е тоа што тој веднаш му дава одредено „време“ на Даниел, иако ги обвинил гатачите дека се обидуваат да купат „време“. Даниел се согласува со гатачите дека ниедно човечко суштество не може да реши таква тајна, но пророкот го познава Бога, кој може да ја открие содржината на сонот и како треба да го протолкува.

**Теолозите зборуваат за Божјата „иманентност“, за тоа дека, иако е поразличен од делата на создавање, Бог и понатаму може да им биде близок. Што можеме да научиме од фактот дека Тој на царот Навуходоносор му го дава сонот, за тоа колку Бог може да биде иманентен кога сме ние во прашање? (Исто така види: Дела 17,28).**

## МОЛИТВА

Даниел веднаш ги повикува своите тројца пријатели на молитва, објаснувајќи дека ќе бидат погубени доколку Бог не им го открие сонот. Кога ќе се соочиме со голем проблем, треба да препознаеме дека нашиот Бог е доволно голем за да ги реши дури и оние предизвици кои ни изгледаат најнерешливи.

**Прочитајте: Даниел 2,17-23. Кои два вида молитви се изговорени во овој текст?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во оваа глава се споменуваат два вида молитви. Во првата молитва се упатува молба во која Даниел го моли Бога да ја открие содржината на сонот и неговото толкување (Даниел 2,17–19). Зборовите на оваа молитва не се познати, но кажано е дека Даниел и неговите другари се мołеле за „милост од Небесниот Бог заради таа тајна, за да не загинат Даниел и неговите другари со другите вавилонски мудреци“ (Даниел 2,18). Додека се молеле, Бог ја услишил нивната молба и им ја открил содржината и толкувањето на сонот што го сонувал царот. Можеме да бидеме сигурни дека кога се молиме „за милост од Небесниот Бог“, Тој ќе ги слушне нашите молитви, можеби не на таков драматичен начин како во овој пример, бидејќи Даниеловиот Бог е и наш Бог.

Како одговор на Божјето услишување на нивните молби, Даниел и неговите другари упатуваат силна молитва на благодарност и пофала. Тие го слават Бога поради тоа што Тој е извор на секоја мудрост и што управува со природата и политичката историја. Од овој пример можеме да извлечеме важна поука. Додека се молиме на Бога и го преколнуваме за толку многу работи, колку често Го прославуваме и Го славиме што ги услишил нашите молитви? Исусовото искуство со десетте лепрозни е добра илустрација за човечката неблагодарност. Од десеттемина излечени, само еден се враќа да му се заблагодари на Бога (Лука 17,18). Одговорот на Даниел не само што нè потсетува на важноста да упатуваме благодарност и пофала, туку го открива карактерот на Бога кому му се молиме. Кога Му се молиме, можеме да имаме доверба дека ќе го направиме она што е најдобро за нас, и затоа треба секогаш да Го славиме и да Му се заблагодаруваме.

**Прочитајте: Псалм 138. Што можете да усвоите од оваа молитва на благодарност, а ќе ви помогне да му бидете благодарни на Бога, без оглед на околностите во кои се наоѓате?**

## КИПОТ, ПРВ ДЕЛ

**Даниел 2,24-30. Што кажува Даниел во овој текст а е многу важно да се запомни? (Исто така, види: Јован 15,5)**

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

Одговарајќи на молитвата, Бог ни ја открива содржината на сонот и неговото толкување. Даниел не се двоуми да му каже на царот дека решавањето на тајната доаѓа од „Небесниот Бог“. Исто така, пред да го изнесе значењето на сонот и неговото толкување, Даниел ги споменува царевите неизречени мисли и грижи додека царот измачен од несоница лежел во креветот. Овие подробно изнесени детали и понатаму ја нагласуваат веродостојноста на пораката, бидејќи таквите детали, кои ги знаел само царот, морале да му бидат откриени на Даниел со натприродна сила. Меѓутоа, кога Даниел и понатаму известува за содржината на сонот, тој се изложува на опасност да покрене уште една криза, бидејќи сонот не претставува нужно добра вест за Навуходоносор.

**Прочитајте: Даниел 2,31-49. Што кажува сонот за судбината на царството на Навуходоносор?**

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

_____________________________________________________________

Во сонот се јавува величествен кип, чија глава е „од чисто злато, градите и рацете од сребро, стомакот и бедрата од бронза, нозете од железо, а стапалата делумно од железо, делумно од глина“ (Даниел 2,32.33). Конечно, каменот „удри во кипот, во стапалата“ (Даниел 2,34) и целата структура станува уништена и разнесена како плевел на ветрот. Даниел објаснува дека различните метали ги претставуваат царствата кои во текот на историјата ќе се јавуваат едно по друго. Пораката упатена на Навуходоносор е јасна: Вавилон, со сета своја сила и слава, ќе исчезне и ќе биде заменет со друго царство, а по него ќе следи трето, сè додека царство со потполно поинаква природа не ги замени сите: Божјето вечно царство, кое ќе трае засекогаш.

**Погледнете колку се минливи и привремени човечките работи. Што треба да научиме од овој факт за големата надеж што ја имаме во Исуса, и само во Исуса (види: Јован 6,54; 2. Коринќаните 4,18)?**

## КИПОТ, ВТОР ДЕЛ

**Повторно прочитајте текст во кој се зборува за сонот и за неговото толкување (Даниел 2,31-49). Каква поука ни дава овој текст за Божјето предвидување на овоземната историја?**

Пророштвото објавено преку сонот на Навуходоносор ни го открива општиот пророчки план и служи како мерило со кое треба да им се пристапи на подеталните пророштва од 7,8 и 11 глава од Книгата на пророкот Даниел. Исто така, текстот Даниел 2 не е условно пророштво. Тоа е апокалиптичко пророштво: одредено претскажување на она што Бог го предвидел и што всушност ќе се оствари во иднина.

**1. Главата од злато** го претставува Вавилон (626–539 година пр. н. е.) Навистина, ниеден друг метал не би можел подобро да ја претстави силата и богатството на Вавилонското царство од злато. Библијата го нарекува „златен град“ (Исаија 14,4) и „златна чаша во Господовата рака“ (Еремија 51,7; споредете: Откровение 18,16). Древниот историчар Херодот известува дека градот бил украсен со злато во изобилство.

**2. Градите и рацете од сребро** ја претставуваат Медо-Персија (539–331 година пр. н. е.). Бидејќи среброто е помалку вредно од златото, Медо-Персиското царство никогаш не го достигнало сјајот на Вавилон. Покрај тоа, среброто е соодветен симбол на Персијците бидејќи користеле сребро во својот даночен систем.

**3. Стомакот и бедрата од бронза** го симболизираат царството на Александар Македонски (331–168 година пр. н. е.). Во текстот Езекиел 27,13, поданиците на ова царство се прикажани како разменуваат бронзени садови. Војниците на Александар Македонски биле познати по своите бронзени оклопи. Шлемовите, штитовите и борбените секири им биле направени од бронза. Херодот вели дека египетскиот фараон Псамтик I, во пиратите од ова царство кои вршеле напади, видел исполнување на пророштвото кое ги предвидело „бронзените луѓе кои доаѓаат од морето“.

**4. Нозете од железо** вешто го претставуваат Рим (од 168. година пр. н. е. до 476). Како што објаснил Даниел, железото го претставувало Римското царство кое уништува и крши сè пред себе, и кое траело подолго од сите претходни царства. Железото е метал кој совршено го претставува ова царство.

**5. Стапалата, дел од железо и дел од глина** ја претставуваат поделената Европа (476 – второто Христово доаѓање). Мешавината од железо и глина дава соодветна слика за тоа што се случило по распаѓањето на Римското царство. Иако постоеле многу обиди да Европа да се обедини, од брачните сојузи меѓу царските семејства до сегашната Европска Унија, поделбите и неединството преовладувале, и според ова пророштво, ќе остане така сè додека Бог не го воспостави вечното царство.

## КАМЕН

**Прочитајте: Даниел 2,34.35.44.45. Што учат овие стихови за конечната судбина на нашиот свет?**

___

Во центарот на вниманието во сонот е „она што ќе биде во последните денови“ (Даниел 2,28). Моќни и богати какви што можеби биле, царствата од метал (и глина) не се ништо друго туку најава за воспоставување на каменото царство. Додека металите и глината до одредена мера можат да бидат човечки производи, каменот во сонот не го допрела човечка рака. Со други зборови, иако секое од претходните царства на крајот завршиле, царството претставено со камен ќе трае засекогаш. Метафората за карпата често симболички го претставува Бога (на пример, 5. Мојсеева 32,4; 1. Самоилова 2,2; Псалм 18,31), и каменот, слично на ова, може да укажува на Месија (Псалм 118,22; 1. Петрово 2,4.7). Според тоа, ништо друго како сликата на камен не може подобро да го симболизира воспоставувањето на Божјето вечно царство.

Некои тврдат дека каменото царство е воспоставено за време на Исусовата земна служба, и дека ширењето на евангелието стои како показател дека Божјето царство го презело целиот свет. Сепак, каменото царство настанува дури откако четирите главни царства ќе паднат и човечката историја ќе го досегне времето на поделените царства, претставено со стапалата и прстите на кипот. Овој факт го исклучува исполнувањето во текот на првиот век, бидејќи Исусовата земна служба се одвивала во времето на владеењето на Рим, четвртото царство.

Меѓутоа, каменот ѝ отстапува место на планината. Односно, „каменот што удри во кипот стана голема гора та ја наполни сета земја“ (Даниел 2,35). Оваа гора ја оживува сликата на гората Сион, место на кое стоел Храмот, која навистина го претставувала Божјето земно царство во старозаветното време. Интересно е што каменот, отсечен од гората, самиот станува гора. Таа, која според текстот веќе постои, најверојатно укажува на небесниот Сион, небесното Светилиште, од каде што Христос ќе дојде да го воспостави своето вечно царство. А во Ерусалим, кој ќе се спушти од небото (Откровение 21,1-22,5), ова царство ќе го доживее своето конечно исполнување.

**Текстот Даниел 2 е вистинит во врска со сите царства до сега. Тогаш зошто е логично и мудро да веруваме во пророштвото за доаѓањето на конечното царство, Божјето вечно царство? Зошто е неразумно да не поверуваме во ова пророштво?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Поучно е да забележиме дека кипот од текстот Даниел 2 е направен од злато и сребро, метали кои се поврзани со економската моќ. Исто така, кипот е направен од бронза и железо, кои се користеле за изработка на алатки и оружја, како и од глина, која се користела во стариот свет за потребите во домаќинството и која имала книжевно значење. Според тоа, кипот пружа жива слика за човештвото и неговите достигнувања. На најсоодветен начин, различни делови на телото на кипот укажуваат на сменувањето на светските царства и на конечното неединство кое ќе владее во последните денови од човековата историја. За каменот, меѓутоа, посебно е кажано дека не е направен од „човечки раце“ (Даниел 2,45), и силно потсетува на натприродниот крај што ќе го снајде овој привремен свет како и сите човечки достигнувања.

Иако на „самото човечко око човечката историја може да се чини како хаотично сменување на спротивни сили... Книгата на пророк Даниел нè уверува дека зад сите работи стои Бог, кој сè гледа и управува со сè за да го постигне она што смета дека е најдобро“ Вилијам Х. Шеа, *Daniel: A Reader's Guide* [Nampa, ID: Pacific Press, 2005], стр. 98)

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Многу е добро да се знае дека среде сиот метеж и страдања во светот Бог управува во сè и сè ќе доведе до славниот крај. До тогаш, каква е нашата улога во настојувањето да правиме сè што можеме за да го ублажиме страдањето кое владе во овој паднат свет?**

**2. Како да го објасниме фактот дека Даниел и останатите заробеници блиско соработувале со паганскиот владетел и му биле очигледно верни, на владетелот кој му нанел толку многу штета на Даниеловиот народ?**

**3. Како што видовме, некои тврдат дека каменот што се откачил без рака се однесува на ширењето на евангелието. Тоа не може да биде точно од бројни причини, вклучувајќи го и тоа дека текстот Даниел 2,35 вели дека каменот ќе ги сотре претходните народи и дека „ветерот го однесе сето без трага.“ Тоа не се случило по крстот. Потоа, обидувајќи се каменото царство да се поистовети со црквата, поединци не успеваат да забележат дека каменото царство ги заменува сите други облици на човечка власт. Тоа е царство кое го опфаќа целиот свет. Според тоа, само Христовото второ доаѓање може да го покрене процесот прикажан како врв на овој пророчки сон. Зошто, тогаш, второто Христово доаѓање е единственото разумно толкување на она што каменот го прави во последните денови?**

**Поука 4**
**18 -24 јануари 2020**

# ОД ОГНЕНА ПЕЧКА ДО ПАЛАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 3; Откровение 13,11–18; 2. Мојсеева 20,3–6; 5. Мојсеева 6,4; 1. Коринќаните 15,12–26; Евреите 11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нашиот Бог кому му служиме може да нè избави од вжарената печка и од твојата рака, цару; Тој и ќе нè избави“ (Даниел 3,17).**

„Така, овие младичи, исполнети со Светиот Дух, на сите луѓе им ја објавиле својата вера дека Оној кому му служат е единствениот вистински и жив Бог. Оваа појава на вера била најелоквентното претставување на нивните начела. За да им укажат на идолопоклониците на моќта и величието на живиот Бог, Неговите слуги мора да го изразат своето почитување кон Бога. Тие мора да покажат дека Тој е единствениот на кого му укажуваат чест и кого го прославуваат, и дека ниту една околност, па дури ни грижата да се зачувува самиот живот не може да ги натера да направат најмала отстапка пред идолопоклонството. Овие поуки имаат непосредно и суштинско влијание врз нашето искуство во овие последни денови“ (Елена Вајт, *In Heavenly Places*, стр. 149) Иако може да изгледа дека соочувањето со закана со смрт поради прашањето за богослужбата му припаѓа на некое преднаучно доба во кое владеело суеверие, Писмото открива дека на крајот на времето, кога светот во голема мера ќе „доживее напредок“, ќе се случи нешто слично, но ќе попприми светски размери. Според тоа, со проучувањето на овој извештај ќе стекнеме увид во прашањата со кои, според Писмото, ќе се соочи Божјиот верен народ.

## ЗЛАТНИОТ ЛИК

**Прочитајте го текстот Даниел 3,1-7. Што е тоа што најверојатно го поттикнало царот да го направи овој лик?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Можеби поминале и околу дваесет години од сонот до правењето на ликот. Сепак, се чини дека царот не може да го заборави сонот и фактот дека Вавилон е осуден да го заменат други сили. Незадоволен што ја претставува само златната глава, царот сака да се прикаже целиот со златен кип за да им објави на своите поданици дека неговото царство ќе се одржи низ историјата.

Ваквиот горд став потсетува на градителите на Вавилонската кула, кои во својата возгордеаност се обидуваат лично да го предизвикаат Бога. Навуходоносор не е ништо помалку зол во тој момент. Тој постигнал многу како владетел на Вавилон, и не може да живее со мислата дека неговото царство на крајот ќе помине. Според тоа, во напорите да се издигне себеси, тој го гради ликот укажувајќи на својата сила и утврдувајќи ја на тој начин верноста на своите поданици. Иако не е јасно дали намерата била тој лик да го претставува царот или, пак, божество, треба да имаме на ум дека во древните времиња линијата што ја раздвојувала политиката од религијата често била нејасна, ако и воопшто постоела.

Исто така, треба да запомниме дека Навуходоносор имал две прилики да го запознае вистинскиот Бог. Прво, тој ги става на проба еврејските момчиња и увидува дека се десет пати помудри од другите паметни луѓе во Вавилон. Потоа, откако ниеден мудрец не успеал да го потсети што сонувал, Даниел ги изнесува неговите мисли, сонот и толкувањето на сонот. Конечно, царот ја препознава надмоќноста на Даниеловиот Бог. Меѓутоа, изненадува тоа што тие рани теолошки поуки не го спречуваат Навуходоносора да се врати на идолопоклонството. Зошто? Најверојатно поради горделивоста. Грешните човечки битија одбиваат да го признаат фактот дека нивните материјални и интелектуални достигнувања се безвредни и осудени на пропаст. Ние можеме понекогаш да се однесуваме како мали „навуходоносори“, кога посветуваме премногу внимание на своите достигнувања и заборавеме колку можат да бидат безначајни во споредба со вечноста.

**Како можеме да научиме да не паднеме, дури и на многу суптилни начини, во истата стапица како Навуходоносор?**

## ПОВИК НА БОГОСЛУЖЕНИЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Даниел 3,8-15; Откровение 13,11-18. Какви сличности забележуваме помеѓу настаните од Даниеловото време и идните настани?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Златниот лик што бил поставен во полето Дура, чие име на акадски значи „место опкружено со ѕид“, му дава на тоа опкружено подрачје изглед на пространо светилиште. Како тоа да не е доволно, блиската вжарена печка потсетува на олтар. Вавилонската музика претставува дел од литургијата. Наведени се седум видови на музички инструменти, како да треба да укажат на потполноста и важноста на церемонијата на обожавање.

Ние денес, од сите страни сме опсипани со повици да прифатиме нови начини на живот, нови идеологии, да ја напуштиме својата посветеност на Божјиот авторитет, каква што е изразена во Неговата Реч, и да ја посветиме нашата верност на современите наследници на Вавилонското царство. Привлечностите на овој свет понекогаш се големи, но не треба да заборавиме дека нашата крајна верност му припаѓа на Бога Создателот.

Според пророчкиот календар, ние живееме во последните денови од земната историја. Текстот Откровение 13 глава, објавува дека жителите на Земјата ќе бидат повикани да се поклонат на иконата на ѕверот. Тој ќе направи „сите – мали и големи, богати и сиромашни, слободни и робови – да им се даде ознака на десната рака или на челото“ (Откровение 13,16).

Кажано е дека шест групи луѓе својата верност ќе ја посветат на иконата на ѕверот: „Мали и големи, богати и сиромошни, слободни и робови“. Бројот на ѕверот, кој е 666, исто така го нагласува бројот 6. Тоа покажува дека ликот што го подигнал Навиходоносор претставува само слика на она што есхатолошкиот Вавилон ќе го направи во последните денови (види го текстот Даниел 3,1 во врска со броевите 60 и 6). Според тоа, добро е што посветуваме внимание на случувањата во овој наратив и на тоа како Бог суверено управува со сите настани во светот.

**Обожавањето не опфаќа само поклонување пред нешто или пред некој и отворено искажување на својата крајна верност. На кои други, многу попрефинети начини, можеме да обожаваме некого или нешто наместо Господа?**

# ПРОВЕРКА СО ОГАН

За трите еврејски момчиња, обожавањето на кипот наметнато од страна на царот е очигледна имитација на службата во Храмот во Ерусалим што ја доживеале во своите рани години. Иако заземаат одредена положба во царството и се верни на царот, нивната верност кон Бога поставува граница на нивната преданост на човекот. Тие сигурно се подготвени да продолжат да му служат на царот како верни управители; меѓутоа, не можат да учествуваат во церемонијата.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 20,3-6; 5. Мојсеева 6,4. Според овие стихови, што е тоа што сигурно влијаело на ставот кој го зазеле овие момчиња?**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Послушни на царевите налози, сите луѓе на звукот на музичките инструменти се поклонуваат и го обожаваат златниот лик. Само тие тројца – Седрах, Мисах и Авденаго – се осмелуваат да не го послушаат царот. Некои Вавилонци веднаш го изнесуваат тоа прашање пред царот. Обвинителите настојуваат да го разлутат царот со следните зборови: 1) царот лично ги поставил овие три момчиња над деловните работи на вавилонската земја; 2) Евреите не им служат на боговите на царот; 3) тие не му се поклонуваат на златниот кип што го поставил царот (Даниел 3,12). Меѓутоа, и покрај својот гнев кон нив, царот им нуди на трите момчиња втора шанса. Царот е подготвен да ја повтори целата постапка за да можат овие луѓе да се откажат од својот став и да се поклонат на ликот. Доколку одбијат да го направат тоа, тие ќе бидат фрлени во печката. Навуходоносор го завршува своето обраќање со најсуетното тврдење: „И кој е тој бог кој ќе ве избави од мојата рака?“ (Даниел 3,15)

Надарени со натприродна сила, му одговараат на царот: „Нашиот Бог кому му служиме може да нѐ избави од вжарената печка и од твојата рака, цару; Тој и ќе нѐ избави. Но ако тоа и не го направи знај, о цару: ние нема да им служиме на твоите богови, ниту ќе му се поклониме на кипот што си го подигнал“ (Даниел 3,17.18).

**Иако знаат дека нивниот Бог може да ги спаси, немаат гаранција дека сето тоа ќе го направи. Сепак, одбиваат да постапат според царевиот налог, иако знаат дека може да бидат живи запалени. Како и ние да изградиме таква вера?**

## ЧЕТВРТИОТ ЧОВЕК

**Прочитајте: Даниел 3,19-27. Што се случува во овој текст? Која е четвртата личност во огнот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Откако ги фрлил верните Евреи во оган, Навуходоносор е збунет поради присуството на четврта личност во печката. Во согласност со она што го знаел, царот ја поистоветува четвртата личност со „синот Божји“ (Даниел 3,25).

Царот не може да каже ништо повеќе од тоа, но ние знаеме која е четвртата личност. Тој му се покажува на Аврам пред уништувањето на Содом и Гомора, се бори со Јаков покрај потокот Јавок, и му се открива на Мојсеј во грмушката што гори. Тоа е Исус Христос пред своето отелотворување, кој доаѓа да покаже дека Бог е со својот народ во неволјите.

Елена Вајт вели: „Но, Господ не ги заборава своите. Кога неговите сведоци биле фрлени во печката, Спасителот лично им се открил одејќи со нив заедно среде огнот. Во присуство на Господарот над топлото и ладното, пламенот ја изгубил својата уништувачка моќ“ (*Пророци и цареви*, стр. 328; стр. 508.509. оригинал).

Како што вели Бог во Книгата на пророк Исаија: „Кога преминуваш преку вода, со тебе Сум; или преку река, нема да те потопи. Ако тргнеш низ оган, не ќе изгориш, пламенот нема да те опали“ (Исаија 43,2)

Иако ги сакаме ваквите извештаи, тие го покренуваат прашањето за останатите кои не се спасени на чудесен начин од прогонството поради својата вера. Тие луѓе сигурно знаат за искуството на Исаија и Захарија, кои биле усмртени од безбожни цареви. Низ целата света историја, дури до нашите денови, верните христијани поднесувале страшни страдања кои не завршиле, барем не овде, со чудесно избавување, туку со болна смрт. Ова е еден случај кога верните се чудесно спасени, но, како што знаеме, тоа не се случува секогаш.

**Од друга страна, што претставува чудесното избавување кое ќе го доживее сиот верен Божји народ, без оглед на својата судбина овде на Земјата? (Види: 1. Коринќаните 15,12-26).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ТАЈНАТА НА ТАКВАТА ВЕРА

Додека размислуваме за искуството на Седрах, Мисах и Авденаго, можеме да се запрашаме: *Во шшо е шајнаша на оваа шолку силна вера*? Како можеле да бидат поподготвени живи да ги спалат, отколку да му се поклонат на ликот? Размислете за сите начини на кои можеле да го оправдаат поклонувањето и да се покорат на царевите наредби. Па сепак, и покрај тоа што ќе увидат дека можат да умрат, како и многу други, тие остануваат цврсти.

**Прочитајте: Евреите 11. Што учи овој текст за тоа што е вера?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

За да развиеме таква вера, треба да сфатиме што е тоа вера. Поединци имаат квантитативно сфаќање за верата; тие својата вера ја мерат со одговорите што ги примаат од Бога. Тие одат во трговски центар и се молат за паркинг место. Ако се случи веднаш по пристигнувањето да пронајдат место, заклучуваат дека имаат силна вера. Доколку сите паркинг места се пополнети, можат да си помислат дека нивната вера не е доволно силна за Бог да ги слушне нивните молитви. Ваквото сфаќање на верата станува опасно бидејќи настојува да манипулира со Бога и не ја зема предвид Божјата сувереност и мудрост.

Вистинската вера, каква што ја искажувале другарите на Даниел, се мери со квалитетот на воспоставениот однос со Бога и потполната доверба во Него. Вистинската вера не тежнее да ја потчини Божјата волја и да ја усогласи со својата, туку ја предава својата волја на Божјата. Како што видовме, трите еврејски момчиња не знаат што точно подготвува Бог за нив, кога одлучуваат да го предизвикаат царот и да му останат верни на Бога. Донесуваат одлука да го направат она што е правилно, без оглед на последиците. Тоа е она што навистина ја карактеризира зрелата вера. Ни покажуваме вистинска вера кога се молиме на Господа за она што го сакаме, но имаме доверба во Него дека ќе го направи она што е најдобро за нас, дури и ако во тој момент не разбира што се случува и зошто.

**На кои начини од ден во ден можеме да покажуваме вера, дури и во „малите работи“, што може да ѝ помогне на нашата вера да расте и со тек на време да стане подготвена за поголеми предизвици? Зошто пробите во врска со „малите работи“ се најважни?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Значајни се поуките кои можат да се извлечат од искуствата на еврејските момчиња во полето Дура. И во наше време многу Божји слуги, иако невини, ќе бидат изложени на понижувања и злосторства од страна на оние кои сатаната ги поттикнува и ги исполнува со завист и верски фанатизам. Гневот на луѓето посебно ќе биде насочен против оние што ја празнуваат саботата според четвртата заповед; и на крај, со општ декрет ќе бидат прогласени за виновници кои заслужуваат смрт.

Во времето на неволји, кое му претстои на Божјиот народ, ќе биде потребна непоколеблива вера. Неговите деца мора да покажат дека му служат само на Бога и дека ништо, дури ни животната опасност, не може да ги натера да направат и најмала отстапка пред лажното богослужение. За верното срце, заповедите на грешен, смртен човек стануваат безначајни во споредба со речта на вечниот Бог. Вистината ќе биде почитувана дури и ако последиците бидат затвор, прогонство или смрт“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 329.330; стр. 512.513. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте: 1. Петрово 1,3-9. Зошто Бог некои луѓе ги спасува од страдања а некои не? Или одговорот на прашањето како што е ова, едноставно нема да го добиеме сега? Во случаите кога не доаѓа до чудесно избавување, зошто, и покрај таквите разочарувања, треба да веруваме во Божјата добрина?**

**2. Кога овој настан би завршил со смрт на еврејските момчиња во огнената печка, какви поуки сепак би можеле да извлечеме?**

**3. Според нашето разбирање на настаните на последните денови, кој ќе биде надворешниот знак, спорното прашање, во врска со тоа на кого му се поклонуваме? Што ни кажува тоа за важноста на саботата?**

**4. Прочитајте: Лука 16,10. Како, Христовите зборови од овој текст ни помагаат да сфатиме што значи искрено да живееме со вера?**

**5. Прочитајте го повторно текстот Даниел 3,15, кога Навуходоносор вели: „Кој е тој бог кој ќе ве избави од мојата рака?“, Како би одговориле на ова прашање?**

**Поука 5**
**25 -31 јануари 2020**

# ОД ГОРДЕЛИВОСТ ДО ПОНИЗНОСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 4,1–33; Мудри изреки 14,31; 2. Царевите 20,2–5; Јона 3,10; Даниел 4,34–37; Филипјаните 2,1–11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Колку се големи Неговите знакови! Колку се силни Неговите чудеса! Неговото Царство – е вечно Царство! Неговата власт е за сите поколенија!“ (Даниел 4,3)**

Горделивоста се нарекува вистински исконски грев. Најпрво се појавила кај Луцифер, ангелот во небесните дворови. Затоа Бог му вели на Езекиел: „Срцето ти се возгордеа заради твојата убавина, ја занемари својата мудрост, заради своето богатство! Те фрлив на земја и те предадов на земните цареви за да те гледаат презирно“ (Езекиел 28,17).

Горделивоста води кон Луциферовиот пад, па затоа тој сега ја користи својата горделивост за да поведе безбројно мноштво на патот кон уништувањето. Сите ние сме паднати човечки битија, чие постоење зависи само од Бога. Сите дарови кои ги имаме, и сѐ што сме оствариле благодарение на тие дарови, потекнува единствено од Бога. Според тоа, како се осмелуваме да бидеме горделиви, фалбаџиски настроени и надмени кога понизноста треба да владее со сите наши постапки?

На Навуходоносор му било потребно многу време за да ја сфати важноста на понизноста. Дури и појавувањето на четвртата личност во огнената печка (види ја лекцијата од минатата седмица), не го менува токот на неговиот живот. Царот ја увидува својата вистинска положба дури тогаш кога Бог му го одзема царството и го испраќа да живее со полските животни.

## „НЕ Е ЛИ ТОА ГОЛЕМИОТ ВАВИЛОН?“

**Прочитајте го текстот Даниел 4,1-33. Што му се случува на царот и зошто?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Бог му дава на Навуходоносора друг сон. Овој пат царот не заборава што сонувал. Меѓутоа, бидејќи вавилонските мудреци повторно не успеале да ја завршат својата задача, царот го повикува Даниела да му го открие толкувањето на сонот. Во тој сон царот гледа големо дрво кое досегнува до небото и небеско битие кое заповеда да се пресече дрвото. Само трупецот и жилите останале во земјата за да ги кваси небесната роса. Меѓутоа, она што сигурно го мачело Навуходоносора било дел од сонот во кој небесното битие рекло: „Човечкото срце нека му се смени, нека му се даде животинско срце! Седум времиња нека поминат над него!“ (Даниел 4,16). Увидувајќи ја сериозноста на царевиот сон, Даниел љубезно изразува желба сонот да се однесува на непријателите на царот. Меѓутоа, верен на пораката на објавениот сон, Даниел вели дека сонот всушност се однесува лично на царот.

Дрвото во Библијата обично се користи како симбол на царевите, народите и царствата (Езекиел 17; Осија 14; Захарија 11,1.2; Лука 23,31). Значи, големото дрво е соодветна слика на горделивиот цар. Бог му дава на Навуходоносора власт и моќ; сепак, тој упорно одбива да признае дека сѐ што има потекнува од Бога.

**Сосредоточете се на текстот Даниел 4,30. Која царева изјава покажува дека тој и понатаму не го сфаќа предупредувањето што му го упатил Господ.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Она што можеби е опасно во врска со горделивоста е тоа што може да нѐ наведе да заборавиме колку зависиме од Бога во секоја работа. Кога тоа ќе го заборавиме, се наоѓаме на опасен духовен терен.

**Што сте постигнале во својот живот? Можете ли да бидете горди на тоа, а да не станете возгордеани. Ако тоа е можно, како може да се оствари?**

## ОПОМЕНАТ ОД СТРАНА НА ПРОРОЦИТЕ

**Прочитајте Даниел 4,27. Покрај предупредувањето за тоа што треба да се случи, што му кажува Даниел на царот да направи и зошто? (Види, исто така: Мудри изреки 14,31).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Не само што го толкува сонот туку Даниел го упатува Навуходоносора и на излез од таа ситуација: „Затоа, цару, мојот совет нека ти биде мил: искупи ги своите гревови со правда и своите беззаконија со милосрдие спрема бедните, за да ти продолжи мирот“ (Даниел 4,27).

Навуходоносор во Вавилон врши обемни градежни работи. Градини, систем на канали, стотини храмови и други градежни проекти кои го претвориле градот во едно од чудата на стариот свет. Меѓутоа, тој раскош и убавина, иако делумно, остварени се со искористување на робовска сила и занемарување на сиромашните. Потоа, царот и неговата свита го користат богатството на царството за исполнување на своите задоволства. Според тоа, Навуходоносоровата горделивост не само што го спречува да го признае Бога туку и како последица на тоа го прави рамнодушен кон потешкотиите на неволните. Со оглед на посебната грижа којашто Бог ја покажува кон сиромашните, не изненадува што Даниел, од сите можни гревови кои можел да ги истакне пред царот, го издвојува гревот на занемарување на сиромашните.

Пораката што му била упатена на Навуходоносора не е нова. Старозаветните пророци често го предупредувале Божјиот народ во врска со угнетувањето на сиромашните. И навистина, меѓу гревовите кои доведуваат до царевото прогонство се истакнува занемарувањето на неволните. Всушност, сочувството кон сиромашните е највисок израз на христијанското добродетелство; спротивно на тоа, искористувањето и запоставувањето на сиромашните претставува напад на Бога лично. Грижејќи се за неволните, признаваме дека Бог поседува сè, што значи дека ние не сме сопственици, туку само повереници на Божјиот имот.

Кога им служиме на другите со она што го поседуваме, го почитуваме Бога и ја признаваме Неговата власт. Токму фактот дека сè е Божја сопственост, треба во крајна смисла да ја одреди вредноста и употребата на материјалните добра. Навуходоносор згрешил во тоа, а и ние се изложуваме на таква опасност да згрешиме доколку не ја признаеме Божјата врховна власт над нашите постигнувања и не покажеме дека ја увидуваме оваа стварност на тој начин што им помагаме на оние на кои им е потребна помош.

## НАЈВОЗВИШЕНИ ПРАВИЛА

И покрај тоа што му било кажано да се покае и да побара проштавање од Бога, упорната горделивост на Навуходоносор влијае на исполнувањето на небесната одлука (Даниел 4,28-33). Додека царот оди по палатата и се величи самиот себеси поради своите дела, тој е погоден од одредена ментална состојба која го принудува да ја напушти царската палата. Можеби доживеал патолошка ментална состојба наречена клиничка лекантропија или зоантропија. Таквата состојба го наведува пациентот да се однесува како животно. Во современото доба оваа болест се нарекува „дисфорија на видот“, и претставува чувство дека телото припаѓа на погрешен вид, и оттука желбата на личноста да се однесува како животно.

**Прочитајте ги следните стихови: 2. Царевите 20,2-5; Јона 3,10; Еремија 18,7.8. Што ни кажуваат овие текстови за царевата прилика да ја спречи казната?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

За жал, Навуходоносор мора да учи по потешкиот пат. Обземен со својата царска сила, Навуходоносор не размислува за својот однос со Бога. Според тоа, со симнувањето на царот од царската власт и испраќањето да живее со полските животни, Бог му дава прилика да ја признае својата потполна зависност од Него. Всушност, конечната поука на која Бог сака да го научи горделивиот цар е дека „небесата ја имаат сета власт“ (Даниел 4,26). Судот изречен над царот има поширока цел во Божјиот план, што е јасно изразено во изјавата на небесните битија: „За да знаат живите дека Севишниот владее над човечките царства и ги дава кому сака и ги поставува над нив најпонизните луѓе!“ (Даниел 4,17)

Со други зборови, дисциплинските мерки кои се применети во случајот на Навуходоносор, треба да бидат поука и за сите нас. Бидејќи припаѓаме на група „живи“, треба да обрнеме поголемо внимание на главната поука од која би требало да научиме дека „Севишниот владее над човечките царства“.

**Зошто сознанието дека „Севишниот владее“ е толку важна поука која треба да ја усвоиме? Како ова сознание, на пример, влијае на тоа како се однесуваме кон оние над кои имаме власт?**

# ОЧИ ПОДИГНАТИ КОН НЕБОТО

**Прочитајте го текстот Даниел 4,34-37. Како и зошто се промениле царевите прилики?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Бог дозволува Навуходоносор да биде погоден со чудна болест, но на крајот со драга волја му го враќа менталното здравје. Интересно е што сѐ се менува кога, на крајот од седумте проречени години, болниот цар ги подига своите очи кон Небото (Даниел 4,34)

„Цели седум години Навуходоносор предизвикувал чудење кај сите свои поданици; седум години бил понижуван пред очите на целиот свет. А потоа, кога му се вратил разумот и кога во понизност му се обратил на небесниот Бог, ја препознал Божјата рака во казната што го снашла. Јавно ја признал својата вина и дека само големата Божја милост му го вратила здравјето“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 335; стр. 520. оригинал).

Нема сомнение, големи промени можат да се случат кога ќе ги подигнеме своите очи кон Небото. Штом му се вратил разумот, царот дал сведоштво дека ја усвоил оваа поука.

Меѓутоа, овој извештај не зборува толку за Навуходоносора колку за Божјата милост. Царот пропушта три претходни прилики за да го прифати израелскиот Бог како Господ во својот живот. Таквите прилики му се достапни кога ја препознава извонредната мудрост на четворицата млади еврејски заробеници (Даниел 1), кога Даниел го толкува неговиот сон (Даниел 2), и кога трите еврејски момчиња се спасени од огнената печка (Даниел 3*). Всушност, ако тоа спасение не го научило на понизност, што ќе го научи*? И покрај тврдоглавоста на владетелот, Бог му дава четврта прилика, конечно го освојува царевото срце и го враќа на неговата царска положба (Даниел 4). Како што е прикажано во Навуходоносоровиот случај, Бог постојано ни дава прилики за да нѐ врати во вистинската заедница со Него. Како што Павле пишува многу векови подоцна, Господ „сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината“ (1. Тимотеј 2,4). Во овој извештај гледаме силен пример на таа вистина.

**На кои начини Бог ве научил на понизност? Што сте научиле од тие искуства? Какви промени можеби треба да направите за да избегнете повторно да ја примите таа поука?**

## ПОНИЗЕН И БЛАГОДАРЕН

**Царот се кае и вели: „Жителите на земјата - се како ништо“ (Даниел 4,35). Со оглед на контекстот, на каква суштина упатува тој?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како знаеме дека Навуходоносор навистина искрено го прифаќа вистинскиот Бог? Главниот доказ го пронаоѓаме во фактот дека лично Навуходоносор е писателот на 4. глава од Книгата на пророк Даниел. Голем дел од оваа глава е транскрипција на писмото кое царот го доставува ширум своето големо царство. Во ова писмо, царот зборува за својата возгордеаност и безумие, и понизно го признава Божјото дејствување во својот живот. Древните владетели ретко би забележале нешто што би го нарушило нивниот углед. Буквално во сите стари царски документи за кои знаеме, царевите се величаат. Според тоа, документот како овој, во кој царот ја признава својата возгордеаност и животинско однесување, упатува на искрено обратување. Покрај тоа, пишувајќи писмо во кое го опишува своето искуство и понизно ја признава Божјата суверена власт, царот постапува како мисионер. Тој повеќе не може да задржи за себе што доживеал и научил од вистинскиот Бог. Она што го видовме во молитвата на царот и зборовите на пофала (Даниел 4,34-37), ја открива стварноста на неговото искуство.

Царот сега негува поинакви вредности и може да ги препознае границите на човечката моќ. Во длабоката молитва на благодарност, царот ја воздигнува силата на Даниеловиот Бог и признава дека „жителите на земјата - се како ништо“ (Даниел 4,35). Односно, луѓето немаат со што да се пофалат. Така, овој последен осврт на Навуходоносор во Книгата на пророкот Даниел царот прикажува понизен и благодарен цар, кој со песна го прославува Бога и нè предупредува да се чуваме од горделивоста.

**Прочитајте: Филипјаните 2,1-11. Што наоѓаме во овој текст што треба да ја искорени горделивоста од нашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Некогаш возгордеаниот владетел станал понизно Божје дете; од тиран и диктатор се променил во мудар и сочувствителен цар. Оној што му пркосел на Бога и хулел на Него, сега ја признал власта на Севишниот и сесрдно се трудел да поттикне во срцата на своите поданици Господов страв и да придонесе за нивната среќа. По укорот од страна на Царот над царевите и Господарот над господарите, Навуходоносор најпосле ја разбрал поуката која секој владетел мора да ја научи - дека вистинската големина се огледува во вистинската добрина. Тој го признал Јехова за жив Бог говорејќи: ’Сега јас, Навуходоносор, му оддавам слава и го величам Небесниот Цар, чии сите дела се вистински и патиштата Негови праведни и кој има моќ да ги понизни горделивите’."

Така се исполнила Божјата цел - најголемото царство на светот да му оддаде почит. Ова Навуходоносорово јавно признавање на милоста, добрината и Божјата власт бил последниот чин од неговиот живот што бил запишан во светата историја" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 335.336; стр. 521. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Возгордеаноста го отвора патот за сите останати пороци – тоа е состојба на умот во потполност спротивставена на Бога. Дали ви се чини дека претерувам? Ако е така, размислете малку подобро... Колку е некој повозгордеан, толку повеќе ќе ја мрази горделивоста кај другите. Всушност, ако сакате да дознаете колку сте горделиви, најлесен начин е да се запрашате: ’Во колкава мера не сакам кога луѓето се нафрлуваат на мене, не ме забележуваат, ме буткаат, се однесуваат кон мене заштитнички, или се прават важни?’ Работата е во тоа што нашата горделивост се натпреварува со туѓата горделивост. Токму затоа што јас сакав да се истакнам на забавата, многу ми пречи што некој друг го има главниот збор. Никогаш двајца, чиишто интереси се спротивставени, нема да се сложат" (К. С. Луис, *Христијанство* [*Mere Christianity*; New York: Touchstone, 1996] стр. 111; стр. 110. оригинал). За што овде зборува К. С. Луис што би можело да ви помогне да ја забележите злобата во својот живот?**

**2. Темата присутна во оваа глава, како и во некои претходни, е Божјата врховна власт? Зошто е важно да ја разбереме оваа тема? Каква улога има саботата во тоа да ни помогне да ја сфатиме оваа суштинска вистина?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 6**
**1 -7 февруари 2020**

# ОД САМОЉУБИЕ ДО ПРОПАСТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 5; Откровение 17,4–6; Псалм 96,5; Колошаните 1,15–17; Римјаните 1,16–32; Проповедник 8,11; Откровение 14,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој ги менува добата и времињата, ги руши и ги поставува царевите, им дава мудрост на мудрите, а знаење на проницливите“ (Даниел 2,21).**

Во 5. глава од Книгата на пророкот Даниел, Божјата Реч ни дава силен пример за човечката гордост која се завршува на еден запрепастувачки и драматичен начин. Иако некој би можел да каже дека на Навуходоносора му било потребно многу време да научи одредени поуки, тој барем ги научил. Неговиот внук, Валтазар, не ги научил. Користејќи ги судовите од Храмот на развратната гозба, Валтазар ги осквернил. Таквиот чин на скврнавење е еднаков не само на предизвикување на Бога, туку и на напад лично на Бога. Според тоа, Валтазар ја полни чашата на своето беззаконие однесувајќи се слично на малиот рог (види: Даниел 8), кој ги нападнал темелите на Божјето светилиште. Одземајќи му ја власта на Валтазар, Бог нѐ предупредува што ќе му направи на непријателот на својот народ во последните денови. Настаните забележани во 5. глава од Книгата на пророк Даниел се случиле во 539 година пр. н. е. во ноќта кога Вавилон паднал пред медо-персиската војска. Тогаш доаѓа до премин од злато на сребро, проречено во текстот Даниел 2. Уште еднаш станува јасно дека Бог владее со настаните во светот.

## ГОЗБАТА НА ВАЛТАЗАР

**Прочитајте ги текстовите Даниел 5,1-4; Даниел 1,1.2. Кои се тие толку лоши работи што ги прави Валтазар? Како неговите постапки го откриваат неговиот вистински карактер? Споредете ги неговите постапки со текстот во Откровение 17,4-6. Какви совпаѓања можете да пронајдете?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Царот наредува светите садови од ерусалимскиот Храм да се употребат за пијалак. Навуходоносор ги запленил садовите од Храмот во Ерусалим, но ги ставил во домот на својот бог, што покажува дека барем малку ја почитува нивната света положба. Меѓутоа, Валтазар на најбогохулен начин ги претвора светите садови во садови за пиење.

Додека пијат од светите садови, кнезовите на Валтазар „ги славеа своите богови од злато и сребро, од бронза и железо, од дрво и камен“ (Даниел 5,4). Вреди да се забележи дека се спомнати шест материјали. Вавилонците го користеле сексадецималниот систем (систем кој се заснова на бројот 60) наспроти децималниот систем кој се користи денес (се темели на бројот 10). Значи, шестте групи богови ги претставуваат сите вавилонски божества, а според тоа, полнотата на вавилонскиот верски систем. Интересно е дека редоследот на материјалите одговара на редоследот на составните делови на ликот од сонот на Навуходоносор, освен што дрвото ја заменило глината. Како и во сонот, каменот се јавува последен; иако овде означува материјал од којшто се направени идолите, каменот едновремено упатува и на Божјиот суд над земните царства (види: Даниел 2,44.45), кои Вавилон симболички ги претставува.

Оваа гозба служи како вешт приказ на Вавилон од последното време, како што е опишан во Книгата Откровение. Исто како и Валтазар, жената во Вавилон на последното време држи златна чаша и на народот му нуди опоганет пијалак. Со други зборови, со помош на лажни учења и изопачен систем на богослужение, современиот Вавилон го мами народот кон злото (Откровение 17,4-6), несвесен за судот што најскоро ќе дојде над него, суд кој еден ден ќе биде извршен.

**Како нашето општество и култура ја обесвестуваат вистината на Божјата Реч? Како можеме да бидеме внимателни и да не учествуваме во тоа скверНавење, дури и на префинети начини? Изнесете го својот одговор пред класата во сабота.**

## НЕПОКАНЕТ ГОСТИН

**Прочитајте го текстот Даниел 5,5-8. Што се случува во овие стихови и зошто царот вака реагира? Како овој извештај се поклопува со 2 глава на Книгата на пророк Даниел, и зошто тоа поклопување е важно? (Види: Псалм 96,5; Колошаните 1,15-17).**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Како што прави Навуходоносор во претходната криза (Даниел 2,2; Даниел 4,7), Валтазар ги повикува ѕвездарите, Халдејците и гатачите, да го разјаснат таинствениот текст. За да биде сигурен дека ќе направат сè што е во нивна моќ, царот им ветува извонредни почести: 1) пурпурна облека, боја што ја носеле припадниците на кралските семејства во древните времиња (Естира 8,15); 2) златен синџир, кој бил знак за висока општествена положба (1. Мојсеева 41,42); и 3) положба на трет господар во царството. Оваа трета награда точно ги одразува историските прилики во Вавилон во тоа време. Бидејќи Валтазар бил втор владетел, кој владеел паралелно со својот татко Набонид, тој им ја нуди положбата на трет владетел. Меѓутоа, и покрај овие примамливи награди, мудреците повторно не успеваат да дадат објаснување.

Покрај сите свои гревови, царот се обидува да пронајде мудрост на погрешно место. Вавилонските мудреци не можат да го откријат значењето на пораката. Напишана е на нивниот јазик, на арамејски, како што ќе видиме во утрешниот отсек, но не можат да ја разберат нејзината смисла. Тоа може да нè потсети на Господовите зборови изговорени преку Исаија: „И ќе пропадне мудроста на неговите мудреци, ќе потемнее умноста на неговите умници“ (Исаија 29,14). По цитирањето на овој стих, апостол Павле вели: „Каде е мудриот? Каде е книжевникот? Каде е истражувачот на овој век? Не ја претвори ли Бог мудроста на светов во безумие. Зашто светот со својата мудрост не Го позна Бога во Божјата мудрост, Бог благоволи да ги спаси оние, кои веруваат“ (1. Коринќаните 1,20.21)

Одредени вистини се премногу важни за да бидат оставени на луѓето сами да ги сфатат. Тоа е причината зошто Бог нам ни ги открива вистините.

**Размислете за понудените награди и за тоа колку безвредни биле тие награди, имајќи го предвид она што следувало. Што ни кажува ова за минливоста на нештата во овој свет и зошто секогаш пред себе треба да ја имаме сликата за вечноста?**

# ДОАЃАЊЕТО НА ЦАРИЦАТА

**Прочитајте го текстот Даниел 5,9-12. Што кажува царицата за Даниел што царот веќе требало да го знае? Што ни зборува за него фактот дека тој не знаел за Даниел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога присутните во салата во која се одржувала гозбата останале збунети пред таинствената порака на ѕидот, настапува царицата и му дава насоки на збунетиот цар. Таа го потсетува царот на Даниел, кој во времето на Навуходоносор покажал способност да ги толкува соновите и да ги решава тајните. Да бил Валтазар мудар како неговиот претходник, тој би знаел кому да му се обрати за да го открие значењето на овој таинствен натпис. Се покажало дека било неопходно царицата да се вмеша, бидејќи во тој момент царот е збунет и воопшто не знае што да стори. Нејзините зборови звучат како прекор упатен до Валтазар, бидејќи ја превидел единствената личност во царството која може да го протолкува овој таинствен натпис. Таа исто така му изнесува на царот устен извештај за Даниел: Пророкот го има Духот на Светиот Бог, светлина, разум, божествена мудрост, вонреден дух и знаење; во состојба е да ги разбере и толкува соновите, да решава загадочни работи и да разјаснува тешки прашања; бил поглавар на гатачите, ѕвездарите, Халдејците и вражарите во времето на царот Навуходоносор (Даниел 5,11.12).

Во тој момент повторно се прашуваме зошто Валтазар не се осврнал на Даниел. Текстот не нуди непосреден одговор на ова прашање, но претпоставуваме дека Даниел во тоа време, откако му служел на царот најмалку до третата година од неговото владеење (Даниел 8,1.27), повеќе не бил во активна служба. Една од причините може да бидат и годините на Даниел. Тој веројатно има околу 80 години, и царот можеби посакал старото раководство да го замени со помладите генерации. Исто така, царот можеби одлучил да го занемари Даниел бидејќи не сакал да се посвети Даниеловиот Бог. Меѓутоа, без оглед на тоа дали е во прашање една или повеќе причини, изненадува фактот што некој со такви вештини како Даниел може толку бргу да биде заборавен.

**Прочитајте го текстот Римјаните 1,16-32. На кои сè начини принципот изразен во овие текстови се појавува не само во овој извештај, туку и во денешниот свет?**

# ИЗМЕРЕН И НАЈДЕН ЛЕСЕН

**Прочитајте: Даниел 5,13-28. Каква причина наведува Даниел за скорешната смрт на овој цар?**

___

Под влијание на околностите во кои се нашол царот, царот е принуден да го праша Даниел за совет, но сето тоа го прави безволно. Тоа повеќе ни зборува за ставот што го имал царот кон Даниеловиот Бог, отколку кон самиот Даниел.

Исто така, одговорот на Даниел на наградата што царот ја понудил зборува многу за приоритетите и карактерот на Даниел. Исто така, веројатно е дека Даниел, знаејќи го значењето на таинствените зборови, сфаќа колку таа награда е всушност безвредна.

Даниел го обвинува царот за три работи.

Прво, Валтазар воопшто не го зел во обѕир искуството на Навуходоносор. Во спротивно, тој би се покајал и би се понизил како својот претходник.

Второ, Валтазар ги употребил садовите од Храмот за опивање со вино и славење на своите идоли. Овде Даниел спомнува шест видови материјали од кои се прават идоли по истиот редослед како што е претходно забележано.

Трето, царот занемарил да го прослави Бога, Оној „кој во својата рака ги држи твојот здив и сите твои патишта“ (Даниел 5,23).

Откако ги навел грешките на царот, Даниел преминува на толкување. Сега дознаваме дека божествениот натпис се состои од три арамејски глаголи (со тоа што првиот се повторува). Нивното основно значење требало да му биде познато на царот и на неговите мудреци: МЕНЕ: „го изброи“; ТЕКЕЛ: „измерен си“; и УФАРСИН: „разделено е“.

Бидејќи медоперсиската војска се наоѓала пред портите на Вавилон, царот и мудреците сигурно претчувствуваат дека тој натпис крие некое злонамерно значење, но мудреците не се осмелуваат да му кажат нешто непријатно на царот. Само Даниел се покажува способен да ја протолкува постоечката порака и да му ја пренесе на Валтазар нејзината целосна смисла: „Мене: Господ го измери твоето царство и му ставил крај; Текел: беше мерен врз мерилка и најден си прелесен; Уфарсин: твоето царство е разделено и им е предадено на Медијанците и на Персијците“ (Даниел 5,27.28).

Тоа воопшто и не биле зборови на утеха и бодрење.

**Набргу судот го стигнува царот. Како можеме да научиме да имаме доверба во Бога во ситуации во кои, барем засега, правдата и судот сè уште не се остварени? (Види: Проповедник 3,17; 8,11; Матеј 12,36, Римјаните 14,12).**

# ПАДОТ НА ВАВИЛОН

**Прочитајте ги следните текстови: Даниел 5,29-31; Откровение 14,8; Откровение 16,19; Откровение 18,2. Што можеме да дознаеме за падот на Валтазаровиот Вавилон што укажува на падот на Вавилон на последното време?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Без оглед на неговите грешки, Валтазар бил човек од збор. И покрај лошата вест, тој бил задоволен од толкувањето на Даниел, што е причина да го дарува пророкот со ветените дарови. Признавајќи дека Даниеловата порака е вистинита, се чини дека царот молкум потврдува дека Бог, во кого Даниел верува, постои. Интересно е што сега Даниел ги прифаќа даровите коишто претходно ги одбил, веројатно затоа што тие дарови се безначајни бидејќи царството само што не паднало. Според тоа, пророкот веројатно од учтивост ги прифаќа наградите, затоа што цело време знае дека ќе биде трет владетел во царството само неколку часа.

Токму како што објавил пророкот, Вавилон паѓа. И тоа брзо; додека царот и неговите дворјани уште пиеле, градот паднал без битка. Според историчарот Херодот, Персијците ископале канал насочувајќи ја реката Еуфрат и влегле во градот по речното корито. Таа иста ноќ Валтазар бил погубен. Неговиот татко, Набонид, веќе го напуштил градот, а подоцна им се предал на новите владетели. И така, му дошол крајот на најголемото царство за кое човечкиот род некогаш чул. Повеќе го немало Вавилон, златната глава.

„На Валтазар му биле дадени многу прилики да го запознае Бога и да ја извршува Неговата волја. Тој бил сведок кога неговиот дедо Навуходоносор бил прогонет од општеството. Тој видел дека разумот, со кој се гордел надмениот владетел, му го одзел Оној што му го дал. Тој видел кога царот бил протеран од царството и им се придружил на полските животни. Меѓутоа, љубовта на Валтазар кон задоволството и воздигнувањето на самиот себе ги избришала лекциите што никогаш не требал да ги заборави; тој правел гревови слични на оние за кои бил осуден Навуходоносор. Ги отфрлил милостиво даруваните можности и занемарил да ги користи предимствата да се запознае со вистината“ (Елена Вајт, *Bible Echo*, 25 април 1898).

**Какви прилики имаме ние за да се „запознаеме со вистината“? Што значи тоа? Во кој момент можеме да кажеме дека ја познаваме сета вистина којашто треба да ја познаваме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Големите гозби биле вообичаени на дворовите на стариот свет. Царевите сакале да приредуваат собири кои се одликувале со неумереност и раскош за да ја покажат својата големина и самодоверба. Иако не ги знаеме сите подробности за оваа посебна гозба, знаеме дека се одржувала во време кога медоперсиската војска имала намера да го нападне Вавилон. Човечки гледано, немало причина за грижа. Вавилон имал утврдени ѕидишта, резерви на храна за неколку години, изобилство од вода, бидејќи реката Еуфрат течела низ центарот на градот. Затоа царот Валтазар не гледал никаков проблем во тоа што приредува гозба додека непријателите го опколувале градот. Наредува да имаат голема прослава, која наскоро ќе се претвори во разуздана пијанка. Колку силно сведоштво за злобата на човечкиот род, особено во споредба со Господовата сила. Бог преку Даниел му зборува на царот дека, и покрај приликите кои ги имал за да ја дознае вистината, тој 'не Му даде слава на Бога Кој во Својата рака ги држи твојот здив и сите твои патишта“ (Даниел 5,23).

„Историјата на народите ни говори и нам денес. На секој народ и на секој поединец Бог му одредил место во големиот план. Оној кој никогаш не греши им ги мери деновите на луѓето и на народот. Со својот избор секој одлучува за својата судбина, а Бог владее над сите и работи на остварување на своите возвишени цели“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 345; стр. 536. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во класата за прашањето во отсекот од недела за начините на кои општеството и културата можат да ја понижат Божјата вистина. Какви начини се во прашање и како ние како црква и како поединци треба да одговориме на овие дела на скверневење?**

**2. Што можеме да научиме од овој извештај за тоа дека спасението не е толку поврзано со тоа *што* знаеме, туку како *одговараме* на тоа што го знаеме? (види: Даниел 5,22)**

**3. Прочитајте: Даниел 5,23. Кои важни духовни начела ги наоѓаме во овој стих? На пример, како текстот нè предупредува за отфрлувањето на Бога? Или, што учи овој текст за Бога не само како Создател, туку и како Одржувач на нашиот живот?**

**4. Дури и додека не знаел што значат дадените зборови, Валтазар бил исплашен (Даниел 5,6). Што ни говори овој факт за тоа што значи да се живее со грижа на совеста?**

**Поука 7**
**8 -14 февруари 2020**

# ОД ЈАМА СО ЛАВОВИ ДО ЈАМА СО АНГЕЛ ЧУВАР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 6; 1. Самоилова 18,6-9; Матеј 6,6; Дела 5,27-32; Марко 6,14-29; Евреите 11,35-38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш прочелниците и сатрапите почнаа да бараат повод, нешто околу државната управа, заради што би можеле да го обвинат Даниела: ама не можеа да најдат ништо такво на него; ништо заради што би можеле да го прекорат, зашто беше верен, немаше во него ни негрижа ни погрешка“ (Даниел 6,4).**

Откако Медо-персијците го освојуваат Вавилон, Медиецот Дариј ја препознава Даниеловата мудрост и го повикува да стане дел од новата власт. Сега веќе остарениот пророк толку многу се истакнува на своите јавни должности што новиот цар го поставува за главен управител во целата Медо-Персија.

Меѓутоа, како што тече главата, Даниел се соочува со последицата на она што со право би можеле да ги наречеме „исконски грев“ – со завист. Сепак, пред да заврши извештајот, гледаме дека Даниел е верен не само на своите световни должности кои ги извршувал под власта на Медо-персијците, туку, што е најважно, на својот Бог. Можеме да бидеме сигурни дека неговата верност кон Бога во голема мера влијае на неговата верност и на секое друго поле.

Искуството на Даниел со прогонството служи како пример на Божјиот народ во последното време. Извештајот не навестува дека Божјиот народ ќе биде поштеден од искушенија и страдања. Она што гарантира е дека, во судир со злото, добрата волја на крајот ќе победи и дека Бог на крајот ќе го одбрани својот народ.

## ЉУБОМОРНИ ДУШИ

Дури и на Небото, во тоа совршено место, Луцифер чувствува завист кон Христа. „Луцифер станал завидлив и љубоморен на Исуса Христа. Кога сите ангели се поклониле и ја признале Неговата надмоќ, возвишен авторитет и праведно владеење, и тој се поклонил заедно со нив; но неговото срце било исполнето со завист и омраза" (Елена Вајт, *The Story of Redemption*, стр. 14). Љумората е чувство кое е толку опасно да се негува што во Десетте заповеди, покрај забраната за убиство и кражба, дадена е заповед која зборува против лакомството (2. Мојсеева 20,17).

**Прочитајте ги следните текстови: Даниел 6,1-5; 1. Мојсеева 37,11; 1. Самоилова 18,6-9. Каква улога игра љубомората во овие извештаи?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Управителските способности на Даниел оставаат впечаток кај царот, но предизвикуваат љубомора кај другите службеници. Затоа тие коваат заговор да го отстранат обвинувајќи го за расипаност. Меѓутоа, колку и да барале, не пронашле ниту една грешка во управувањето на Даниел. „Не можеа да најдат ништо такво на него; ништо заради што би можеле да го прекорат, зашто беше верен, немаше во него ни негрижа ни погрешка" (Даниел 6,4). Арамејскиот збор преведен како „верен", може да се преведе и како „човек од доверба".

Даниел е без мана; службениците никако не можат да изнесат лажно обвинение против него. Меѓутоа, тие исто така забележуваат колку Даниел му е верен на својот Бог и послушен на Божјиот закон. Наскоро увидуваат дека во својата намера да му подметнат нешто на Даниел, ќе мораат да создадат прилики во кои Даниел ќе се соочи до двоумење дали да биде послушен на Божјиот закон или на законот на царството. Врз основа на она што службениците го дознале за Даниел, потполно се уверени дека во соодветни услови тој ќе застане на страна на Божјиот закон, а не на царскиот. Какво сведоштво за Даниеловата верност!

**Со какви борби во врска со зависта сте морале да се соочите и како сте се избориле со тоа? Зошто зависта е толку кобна духовна мана која осакатува?**

# ЗАГОВОРОТ ПРОТИВ ДАНИЕЛ

**Прочитајте го текстот Даниел 6,6-9. Каква замисла се крие зад овој проглас? Како во таа замисла се игра на картата на царевата суета?**

---

Дариј може да изгледа смешно објавувајќи го прогласот кој наскоро сака да го укине. Тој паѓа во стапица што му ја поставиле службениците, кои се доволно лукави да си играат со политичките околности на неодамна воспоставеното царство. Дариј ја децентрализирал власта и основал 120 сатрапии за да може управувањето со државата да биде поуспешно. Меѓутоа, таквата постапка на долги патеки со себе повлекува одредени ризици. Влијателниот управник лесно може да предизвика бунт и да го подели царството. Според тоа, законот кој секого го принудува триесет дена да му се моли само на царот, претставува добра стратегија да се поттикне верноста кон царот и на тој начин да се спречи каков било бунт. Меѓутоа, службениците го мамат царот тврдејќи дека тој предлог го поддржуваат „сите“ старешини, управители, сатрапи, советници и советодавци – што очигледно не е точно, бидејќи Даниел не бил вклучен во тоа. Освен тоа, мислата кон него да се однесуваат како кон бог, можеби на царот му изгледала примамливо.

Не постојат докази дека персиските цареви воопшто некогаш барале статус на божество. Сепак, целта на декретот можеби била царот триесет денови да биде единствениот претставник на боговите; односно, преку него да им се упатуваат молитвите на боговите. За жал, царот не ги истражува мотивите кои се кријат зад овој предлог. Според тоа, тој не забележува дека законот, кој наводно требало да спречи заговор, всушност самиот претставува заговор да му се наштети на Даниел.

Два аспекти од овој закон заслужуваат внимание. Прво, казната за престапот е фрлање во лавовска јама. Бидејќи ваквата казна не се применува на други места, можеби е во прашање *ад хок* предлог на непријателите на Даниел. Старите блискоисточни монарси ги чувале лавовите во кафези и во одредени прилики ги пуштале поради лов. Значи, имало доволно лавови кои можеле да го нападнат секој оној што ќе се осмели да ја прекрши наредбата на царот. Второ, декретот не можел да се менува. Непроменливата природа на „персискиот и мидскиот закон“, се споменува и во текстот во Естира 1,19 и Естира 8,8. Стариот грчки историчар Диодор Сицилиски ја споменува приликата кога Дариј III (не треба да се меша со Дариј кој е споменат во Книгата на пророк Даниел) го променил своето мислење, но не можел да ја укине смртната казна што му ја одредил на невиниот човек.

## МОЛИТВАТА НА ДАНИЕЛ

**„А ти, кога се молиш, влези во својата скришна соба, затвори ја вратата и помоли Му се на твојот Татко, Кој е во тајност; и твојот Татко, Кој гледа во тајност, ќе те награди јавно“ (Матеј 6,6). Прочитајте го текстот Даниел 6,10. Зошто едноставно Даниел не се моли тивко за никој да не го забележи?**

__________________________________________________________

Даниел е искусен државник, но пред сѐ тој е Божји слуга. Како таков, тој е единствениот припадник на власта кој може да сфати што се крие зад царевиот проглас. За Дариј декретот претставува прилика да го зајакне единството на царството, а за заверениците стратегија да се ослободат од Даниел.

Секако, вистинските причини и мотиви на заговорот лежат во вселенската борба меѓу Бога и силата на злото. Во тој момент (539 година пр. н. е.) Даниел веќе го примил видението запишано во 7. глава (553. година пр. н. е.) и во 8. глава од Книгата на пророк Даниел (551. годинe пр. н. е.). Тој, значи, сфаќа дека царскиот декрет не се однесува само на човечката политика, туку и дека е пример на оваа космичка војна. Видението за Синот Човечки, кој царството му го дава на народот на Севишниот, и утехата и помошта што ја прима од ангелот толкувач (Даниел 7), можеби му влеале храброст да се соочи со идната криза. Можеби размислувал и за искуството на своите другари, кои биле доволно храбри да ја доведат во прашање наредбата на Навуходоносор (Даниел 3).

Според тоа, тој не ги менува своите побожни навики, туку ја продолжува својата вообичаена пракса да се моли три пати дневно свртен кон Ерусалим. И покрај забраната молитва да му се упатува на кој било друг човек или бог, освен на царот, Даниел не презема чекори на претпазливост да се скрие или да го прикрие својот молитвен живот за време на тие критични триесет дена. Тој во потполност е малцинство, бидејќи е единствениот, меѓу десетината управители и другите службеници, кој се спротивставува на царскиот декрет. Тој со својот отворен молитвен живот покажува дека верноста што му ја должи на Бога има предност во однос на преданоста кон царот и неговиот непроменлив декрет.

**Прочитајте: Дела 5,27-32. Иако опомената во овој текст е јасна, зошто мораме, кога го отфрламе човечкиот закон, секогаш да бидеме сигурни дека она што го правиме е навистина Божја волја? (Впрочем, помислете на луѓето кои биле поподготвени да умрат отколку да го предадат верувањето или системот од верувања кои ние ги сметаме за погрешни!)**

## ВО ЛАВОВСКАТА ЈАМА

**Прочитајте го текстот Даниел 6,11-23. Што му кажува царот на Даниел што ни открива колку Даниел е силен и верен Божји сведок?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Заговорниците брзо забележуваат дека Даниел се моли – односно го право токму она што се забранува со прогласот. Кога го изнесуваат обвинението пред царот, тие укажуваат на Даниел со омаловажување: „Даниел, оној од јудејските заточеници“ (Даниел 6,13). Во нивните очи еден од главните службеници во царството, царевиот миленик не е ништо повеќе од „роб“. Поради тоа, тие го свртуваат царот против Даниел зборувајќи дека Даниел „не се грижи за тебе, о цару, ниту за твојата забрана што ја потпиша“. Сега царот увидува дека со потпишувањето на декретот паднал во стапица. Текстот вели дека „дури до зајдисонце многу размислуваше како да го избави“ (Даниел 6,14). Меѓутоа, тој не може ништо да направи за да го спаси пророкот од пропишаната казна. Непроменливиот закон, медискиот и персискиот, мора да се примени. Така царот, иако безволно, издава наредба Даниел да се фрли во лавовската јама. Меѓутоа, правејќи го тоа, Дариј изразува одредена надеж, која звучи како молитва: „Твојот Бог, Кому што Му служиш така постојано, нека те избави“ (Даниел 6,16).

Библискиот текст не кажува што прави Даниел меѓу лавовите, но можеме да претпоставиме дека се моли. Бог ја наградува верата на Даниел и испраќа ангел да го заштити. Тоа утро Даниел е неповреден и подготвен да продолжи со своите државни работи. Коментирајќи го овој настан, Елена Вајт вели: „Бог не ги спречил Даниеловите непријатели да го фрлат во лавовска јама. Тој им дозволил на злите ангели и на расипаните луѓе до таа мера да си ги исполнат желбите, но само со цел што повеќе да го истакне избавувањето на својот слуга, а поразот на непријателите на вистината и неправдата да го направи уште поцелосен“ (*Пророци и цареви*, стр. 350; стр. 543.544. оригинал).

**Иако овој извештај има среќен крај (барем за Даниел), што е со оние извештаи, дури и библиски (види на пример; Марко 6,14-29), кои не се завршуваат со избавување? Како треба нив да ги сфатиме?**

## ОДБРАНА

**Прочитајте го текстот Даниел 6,24-28. Какво сведоштво царот му дава на Бога?**

___________________________________________________________

Важен детаљ во овој извештај е фактот што Дариј го слави Бога и ја признава Божјата врховна власт. Тоа е кулминација, односно врв, величање на Бога и изразување на почит кон Него во претходните глави (Даниел 2,20–23; Даниел 3,28.29; Даниел 4,1–3.34–37). Дариј, исто како и Навуходоносор, реагира на Даниеловото избавување и го слави Бога. Меѓутоа, прави и нешто повеќе: тој го менува претходниот декрет и на сите им заповеда: „нека се бојат и нека треперат пред Даниеловиот Бог“ (Даниел 6,26).

Да, Даниел е спасен на чудесен начин, неговата верност е наградена, злото е казнето и Божјата сила и чест се одбранети. Меѓутоа, овде гледаме само мал пример на она што ќе се случи на сеопшто ниво: Божјиот народ ќе биде ослободен, злото казнето, а Господ ќе биде одбранет пред целата вселена.

**Прочитајте: Даниел 6,24. Што е доста непријатно во врска со овој стих и зошто?**

___________________________________________________________

Меѓутоа, постои еден вознемирувачки проблем, а тоа е прашањето за жените и децата кои се, колку што знаеме, невини, а сепак ја доживуваат истата судбина како и оние кои ја сносат вината. Како можеме да го објасниме овој случај кој се чини како погрешно применување на правдата?

Прво, треба да забележиме дека царот таа одлука ја донел и ја спровел во согласност со персискиот закон, според кој, казната изречена на обвинетиот се однесува и на семејството. Според древниот закон, целото семејство сноси одговорност за навредата што му се нанесува на еден член од семејството. Ова не значи дека тоа е во ред, туку дека овој извештај се совпаѓа со оној што го знаеме за персискиот закон.

Второ, мораме да забележиме дека библискиот наратив известува за настанот, но не ја одобрува постапката на царот. Всушност, Библијата јасно забранува деца да бидат усмртени поради гревовите на своите родители (5. Мојсеева 24,16).

**Соочени со неправди слични на оваа и на многу други, каква утеха можете да пронајдете во текстот 1. Коринќаните 4,5? Што ни кажува овој текст и зошто е важно она што се истакнува тука?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ослободувањето на Даниел е забележано во 11 глава од посланието до Евреите. Она што можеме да го наречеме „Куќа на славните, кога е во прашање верата“, кажува дека пророците, меѓу останатите дела, „затворија уста на лавови“ (Евреите 11,33). Тоа е многу убаво, но треба да имаме на ум дека јунаци на верата не се само оние кои ја избегнале смртта како Даниел, туку и оние кои страдаат и храбро умираат, како што стои забележано во посланието до Евреите. Бог повикува поединци да сведочат со животот, а други да сведочат со смртта. Според тоа, извештајот за спасувањето на Даниел не укажува на тоа дека на сите им се дарува избавување, како што знаеме врз основа на примерите на мноштво мажи и жени кои станале маченици поради својата вера во Исуса. Меѓутоа, чудесното избавување на Даниел покажува дека Бог владее и дека на крајот ќе ги ослободи своите деца од силата на гревот и смртта. Тоа ќе ни стане многу појасно во наредните глави од Книгата на пророкот Даниел.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Французинот Жан Пол Сартр еднаш забележал дека „најдобриот начин да ја сфатиме фундаменталната замисла на човечката реалност е да кажеме дека човекот е битие чија помисла е да биде Бог“ (*Битие и ништожност: Увид во феноменолошката онтологија*, Washington Square Press, 1956, стр. 724) Како овој цитат ни помага да сфатиме, макар на одредено ниво, зошто царот паѓа во стапица? Зошто сите мораме, без разлика во каква положба се наоѓаме во животот, да бидеме внимателни во врска со истата оваа опасна склоност, без оглед во каков префинет облик се јавува? На кои други начини можеме да посакаме да бидеме „како Бог“?**

**2. Какво сведоштво им пружаме на другите во врска со верноста на Бога и Неговиот закон? Дали луѓето кои ве познават би помислиле дека би ја бранеле својата вера дури и по цена на својата работа или живот?**

**3. Што забележувате во Даниел што го прави личност која Бог успешно може да ја употреби за своите намери? Како со Господова помош во уште поголема мера можете да ја развиете оваа особина?**

**4. На кои сè начини Даниел можел да биде оправдан дека одлучил, во согласност со прогласот, да го промени начинот на кој се моли? Или тоа би било опасен компромис? Доколку би била опасна отстапка, зошто би била?**

**Поука 8**
**15 -21 февруари 2020**

# ОД РАЗБРАНУВАНО МОРЕ ДО НЕБЕСНИ ОБЛАЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 7; 2. Солуњаните 2,1–12; Римјаните 8,1; Марко 13,26; Лука 9,26; Лука 12,8; 1. Тимотеј 2,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А царството, власта и величеството под сите небеса, ќе им се даде на народот на Светите на Севишниот. Неговото Царство е вечно Царство, и сите власти ќе Му служат и ќе Му се покоруваат Нему“ (Даниел 7,27).**

Видението во 7. глава на Книгата на пророк Даниел, која е тема за оваа седмица, се совпаѓа со сонот од 2. глава во истата книга. Меѓутоа, во 7. глава се проширува темата откриена во 2. глава. Прво, видението е објавено ноќе и прикажува море кое го разбранувале четири ветрови. Темнината и водата упатуваат на создавањето, но овде се чини дека создавањето на некој начин е изобличено или изложено на напад. Второ, животните во видението се нечисти и хибридни, што претставува кршење на создадениот поредок. Трето, животните се прикажани како ја извршуваат власта: според тоа, се чини дека власта, која Бог му ја дал на Адама во градината, е присвоена од страна на тие сили. Четврто, со доаѓањето на Синот Човечки, Божјата власт им се враќа на оние на коишто им припаѓа. Она што Адам го изгубил во градината, Синот Човечки му го враќа на небесниот суд.

Претходниот опис дава сеопфатен приказ на библиските слики, кои се сменуваат во задницата на ова многу симболично видение. За среќа, ангелот објаснува некои од клучните детали на видението, така што можеме да ги разбереме главните црти на ова извонредно пророштво.

## ЧЕТИРИТЕ ЖИВОТНИ

**Прочитајте: Даниел 7. Која е суштината на она што му било покажано на Даниел и за што се работи во видението?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Секое животно, кое му било прикажано на Даниел, одговара на делот од кипот покажан на Навуходоносор, со тоа што сега се дадени повеќе подробности за секое царство. Интересно е дека сите суштества, кои симболички ги претставуваат незнабожечките народи, се нечисти ѕверови. Исто така, освен четвртиот ѕвер, животните што ги опишува Даниел потсетуваат на познати суштества. Затоа животните не се произволни симболи, бидејќи секое има одредени особини или укажува на поединечни аспекти на царството што го претставува.

*Лав:* Лавот е најсоодветниот приказ за Вавилон. Крилестите лавови ги украсувале ѕидовите на палатите и другите дела во вавилонската уметност. На лавот, опишан во видението, на крајот му се откинати крилата и тој се подига и застанува како човек и прима човечко срце. Овој процес симболички го претставува пропаѓањето на Вавилонското царство во време на подоцнежните цареви.

*Мечка:* Мечката ја претставува Медо-Персија. Фактот дека била исправена на едната страна, укажува на надмоќноста на Персијците над Медијанците. Трите ребра во устата се трите главни освоени територии на Медо-Персиското царство; Лидија, Вавилон и Египет.

*Рис (леопард):* Брзиот рис го претставува Македонско-грчкото царство што го основал Александар Велики. Четирите крила го прават овој ѕвер уште побрз, што е вешт приказ на Александар, кој за неколку години завладеал со целиот тогашен познат свет.

*Страшниот и ужасен ѕвер:* Додека претходните суштества наликуваат на споменатите животни, ова суштество е единствено. Односно, првите се опишани дека се „како“ лав, или „како“ мечка, но ова не е споредено со ниту едно животно. Овој ѕвер со многу рогови е воедно и многу посуров и поненаситен за разлика од другите. Како таков, тој е соодветен приказ на паганскиот Рим, кој освојувал, владеел и го газел светот со своите железни нозе.

**Илјадници години од човечката историја поминале како што е проречено. Во која мера може да ве утеши сознанието дека Бог владее над сета таа врева, над сите немири и моменти на потполн хаос? Што можеме да научиме од ова за довербата во Писмото?**

## МАЛИОТ РОГ

**Прочитајте ги следните стихови: Даниел 7,7.8.19–25. Кој ја претставува силата на малиот рог, кој непосредно се издигнува од четвртиот ѕвер и останува негов дел.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во отсекот од неделата дознавме дека страшното животно со десет рогови, кое владее со најголема суровост со светот, го претставува паганскиот Рим. Сега ќе размислуваме за малиот рог и за неговата сила. Како што е прикажано во видението, четвртиот ѕвер има десет рогови, од кои три се искорнати за да му се отстапи место на малиот рог. Овој рог има човечки очи и изговара „големи хули“ (Даниел 7,8). Јасно е дека малиот рог се појавува од суштеството коешто е претставено со ова ужасно животно, а тоа е незнабожечкиот Рим. На некој начин, рогот ги проширува или продолжува некои од обележјата на паганскиот Рим. Тој е само подоцнежен степен на истата сила.

Даниел гледа дека другиот рог војува против светите. Ангелот му објаснува дека овој рог е цар кој ќе изврши три дела на беззаконие: 1) ќе зборува хулни зборови против Севишниот, 2) ќе ги прогонува светите на Севишниот, 3) ќе помисли да ги промени времињата и законот. Светите ќе му бидат предадени во рацете. Потоа, ангелот дава временска рамка за дејствувањето на малиот рог*: за едно време и за две времиња и за половина време.* Во овој пример на пророчкиот јазик, зборот *време* значи „година“, така што изразот *времиња* означува години, односно дуален облик: „две години“. Оттука, во прашање е период од три и пол пророчки години, кои според принципот „ден за година“, укажува на период од 1260 години. Во текот на тоа време малиот рог ќе изврши напад на Бога, ќе ги прогонува светите и ќе се обиде да го промени Божјиот закон.

**Прочитајте го текстот: 2. Солуњаните 2,1-12. Какви сличности постојат меѓу човекот на беззаконието и малиот рог? За каква сила веруваме дека овде станува збор и зошто? Која е таа единствената сила која произлегла од паганскиот Рим и останува дел од Рим, сила која трае од времето на незнабожечкиот Рим па сè крајот на светот, што значи дека таа и денес постои?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

## ЗАСЕДАВАЊЕ НА СУДОТ

По видението за четирите животни и дејствувањето на малиот рог, пророкот ја гледа сцената на судот на Небото (Даниел 7,9.10.13.14), кога почнува заседание на судот, престолите се поставуваат и Старецот го зазема своето место. Како што покажува небесната глетка, илјадници и илјадници небесни битија служат пред Старецот, судот седнува и книгите се отвораат.

Она што е важно да го забележиме во врска со овој суд е дека се одржува по делувањето на малиот рог во периодот од 1260 години (538 – 1978; види го отсекот за петок), но пред воспоставувањето на Божјето конечно царство. Всушност, три пати во видението се јавува следниот редослед:

**Фаза на малиот рог (538 – 1798)**
**Небесниот суд**
**Божјето вечно царство**

**Прочитајте ги следните стихови: Даниел 7,13.14.21.22.26.27. На кои сè начини судот му оди во прилог на Божјиот народ?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во Стариот завет се опишани неколку примери на судот од Шаторот за состанок и Храмот, но судот кој овде се споменува е поинаков. Во прашање е космичкиот суд кој не влијае само на малиот рог, туку и на светите на Севишниот, кој на крајот ќе го прими царството.

Текстот Даниел 7 не го опишува судот, ниту пак изнесува подробности за неговиот почеток или крај. Меѓутоа, навестува дека судот се одржува по нападот на малиот рог на Бога и на Неговиот народ. Според тоа, суштината е дека во овој текст се нагласува почетокот на судот со космички размери. Во 8. и 9. глава од Книгата на пророк Даниел (видете ги лекциите за наредните седмици), ќе дознаеме повеќе за времето на почетокот на судот и фактот дека овој суд е поврзан со чистење на небесното Светилиште на небесниот Ден на помирување. Поуката што ја забележуваме овде е дека на Небото ќе се одржи предадвентен суд во полза на Божјиот народ (Даниел 7,22).

**Зошто разбирањето на тоа што Исус го направил за нас на крстот е толку суштински важно, кога станува збор за тоа зошто можеме да бидеме сигурни на денот на судот? Каква надеж ние би имале, или каква би можеле да имаме, без крстот? (Види: Римјаните 8,1)**

# ДОАЃАЊЕТО НА СИНОТ ЧОВЕЧКИ

**Прочитајте текст од Даниел 7,13. Кој е Синот Човечји и како можете да го препознаете? (исто така види: Марко 13,26; Матеј 8,20; Матеј 9,6; Лука 9,26, Лука 12,8)**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Како судот се развива, најважната личност стапува на сцената: Синот Човечки. Кој е Тој? Прво, Синот Човечки се јавува како посебна небесна личност. Меѓутоа, како што навестува и самото име, тој покажува и човечки одлики. Со други зборови, Тој е божествено-човечка личност која врши активна улога на судот. Второ, доаѓањето на Синот Човечки на небесните облаци е вообичаена слика на Второто доаѓање во Новиот завет. Меѓутоа, особено во текстот Даниел 7,13, е прикажано дека Синот Човечки не доаѓа од небото на Земјата, туку се движи хоризонтално од едно место на небото до друго, за да се појави пред Старецот. Трето, описот на Синот Човечки кој доаѓа од небесните облаци упатува на видлива манифестација на Господа. Меѓутоа, оваа слика потсетува і на првосвештеникот кој, опкружен со облак од темјан, влегува во Светињата над светињите на Денот на помирување за да изврши чистење на Светилиштето.

Исто така, Синот Човечки е воедно и царска личност. Нему му се дава „власт, слава и царство“ и „за да Му служат сите народи, племиња и јазици“ (Даниел 7,14). Глаголот „служи“, може да се преведе и како „поклонување“. Девет пати се јавува во текстот од 1. до 7. глава (Даниел 3,12.14.17.18.28; Даниел 6,16.20; Даниел 7,14.27) и ја изнесува мислата дека треба да му се укажува почит на божеството. Затоа, со обидот да го промени Божјиот закон, верскиот систем претставен со малиот рог ја уништува службата за која Бог е достоен. Судот прикажан овде покажува дека правото богослужение на крајот се обновува. Системот на богослужение, поставен од папскиот систем, меѓу другите елементи, го поставува паднатото човечко битие за посредник меѓу Бога и човечкиот род. Книгата на пророк Даниел укажува дека единствениот посредник, кој е способен да го претставува човечкиот род, е Синот Човечки. Како што е забележано во Библијата: „Зашто Бог е Еден, и Еден е Посредникот меѓу Бога и луѓето: Човекот Христос Исус“ (1. Тимотеј 2,5).

**Од сè што сме читале во Библијата за Исусовиот живот и за Неговата личност, зошто е утешно да се знае дека Тој има централна улога на судот кој е овде опишан?**

## СВЕТИТЕ НА СЕВИШНИОТ

**Што му се случува на Божјиот народ според следните текстови? Даниел 7,18.21.22.25.27.**

___

___

___

Припадниците на Божјиот народ се наречени „Светите на Севишниот“. Нив ги нападнала силата претставена со малиот рог. Бидејќи биле истрајни во тоа да останат верни на Божјата реч, биле прогонети за време на папското владеење. Христијаните исто така биле прогонувани и за време на паганското Римско царство (четвртиот ѕвер), но прогонството кое се спомнува во текстот Даниел 7,25 претставува прогонство на светите од страна на малиот рог, кој се подига откако ќе се заврши паганската фаза на Рим.

Меѓутоа, Божјиот народ нема засекогаш да биде изложен на угнетувањето на светските сили. Божјето царство ќе ги замени царствата на овој свет. Интересно е тоа што во самото видение на Синот Човечки му се дава „власт, слава и царство“ (Даниел 7,14). Меѓутоа, во толкувањето што го изнесува ангелот, „светите“ се тие кои го примаат царството (Даниел 7,18). Тука нема противречности. Бидејќи Синот Човечки е поврзан и со Бога и со човештвото, неговата победа е победа и на оние коишто Тој ги претставува.

Кога првосвештеникот прашува дали Исус е Месија, Божјиот Син, Исус, упатува на текстовите Псалм 110,1 и Даниел 7,13.14 и вели: „А Исус рече: „Јас Сум. И вие ќе Го видите Човечкиот Син, како седи оддесно на Силата и како иде со небесните облаци“ (Марко 14,62). Значи, Исус е Тој кој нѐ претставува на небесниот суд. Тој веќе ги поразил силите на темнината и ја дели својата победа со оние кои доаѓаат кај Него. Според тоа, нема причина за страв. Како што апостол Павле правилно вели: „Но во сѐ ова победуваме надмоќно преку Оној, Кој нѐ возљуби. Зашто сум уверен дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни силите, ни височината, ни длабочината, ниту некое друго создание, ќе може да нѐ оддели од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 8,37–39).

**Погледнете како видението на Даниел точно ја прикажува историјата, илјадници години однапред. Како тој фактор треба да ни помогне да научиме да веруваме во сите Божји ветувања во врска со иднината?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Површниот осврт на историјата ни открива дека по пропаста на Римското царство, кое се случило при нападот на варварите од север, римскиот бискуп го искористил поразот на трите варварски племиња и во 538. година се утврдил себеси како единствена власт во Рим. Тој во овој процес усвоил неколку институционални и политички функции во Римското царство. Од тоа се издигнало папството облечено со световна и религиска моќ, додека Наполеон не го отстранил од таа положба во 1798 година. Тоа не било крај за Рим, туку само таа посебна фаза на прогонство. Папата не само што тврдел дека е Христов наместник, туку вовел и неколку доктрини и обичаи кои се спротивставуваат на Библијата. Чистилиштето, покората, исповедањето на свештеник и промената на заповедта за празнувањето на саботата во празнување на неделата, спаѓаат меѓу многуте други промени на „времињата и законот“, кое ги извршило папството.

„Човекот не е во состојба со сопствена сила да се одбрани од нападите на непријателот. Тој стои пред Бога во облека извалкана од грев, признавајќи ја својата вина. Но Христос, нашиот Бранител, ги застапува сите оние кои во покајание и со вера Му ја довериле својата душа. Тој ги брани и го победува нивниот обвинител со силните докази од Голгота. Неговата совршена послушност кон Божјиот закон му ја дала сета власт и на небото и на земјата. Затоа Тој бара од својот небесен Отец милост и проштавање за грешниот човек. Тој му возвраќа на напаѓачот на својот народ: ’Господ да те укори, сатано, Господ да те укори, којшто го избра Ерусалим. Не е ли тоа гламња истргната од оган?’ А на оние коишто се надеваат на Него со вера, им упатува зборови на охрабрување: ’Еве, ја симнувам од тебе твојата вина и те облекувам во нова облека’ (Захарија 3,2-4)“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 380; стр. 586.587 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Повторно погледнете ги сите карактеристики на силата на малиот рог кој се издигнува од четвртиот ѕвер, Рим, и останува нејзин дел. Која единствена сила се издигнала од паганскиот Рим пред многу векови, и покрај тоа што го прогонила Божјиот народ, а постои и денес? Зошто ова јасно утврдување на идентитетот ни помага да се заштитиме од нагаѓања за неговиот идентитет, како и идејата дека малиот рог се однесува на паганскиот грчки цар кој исчезнал од историската сцена повеќе од еден и пол век пред првото Исусово доаѓање? Како овие јасни обележја со кои го утврдуваме идентитетот исто така нè штитат од верувањата дека малиот рог е некоја идна сила која допрва треба да се појави?**

**Поука 9**
**22 -28 февруари 2020**

# ОД ИЗВАЛКАНОСТ ДО ЧИСТОТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 8, Даниел 2,38; 1. Мојсеева 11,4; 3. Мојсеева 16; Евреите 9,23–28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Одговори: ’Уште две илјади и три стотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено’“ (Даниел 8,14).**

Видението забележано во 8. глава од Книгата на пророк Даниел, пророкот го примил во 548/547 година пр. н. е. Тоа ни дава значајни појаснувања за судот за кој се зборува во 7. глава. За разлика од видението во 2. и 7. глава од Книгата на пророк Даниел, видението во 8. глава не зборува повеќе за Вавилон, туку за Медо-Персија, бидејќи Вавилон во тоа време слабеел, а Персијците настојувале да го заменат Вавилон како следна светска сила. Видението од текстот Даниел 8 се поклопува со видението од 7. глава. Во 8. глава се менуваат јазикот и симболите бидејќи во самиот центар на вниманието е чистењето на небесното Светилиште на Денот на помирување на Небото. Според тоа, посебниот придонес од 8. глава лежи во неговата сосредоточеност на аспектите од небесното Светилиште. Додека текстот Даниел 7 го прикажува небесниот суд и Синот Човечки како го прима царството, Даниел 8 го опишува чистењето на небесното Светилиште. Како што укажуваат паралелите меѓу овие две глави, чистењето на Небесното Светилиште, опишано во 8. глава од Книгата на пророк Даниел, одговара на сцената на судот во 7. глава.

## ОВЕН И ЈАРЕЦ

**Прочитајте: Даниел 8. На што се однесува ова видение и како се совпаѓа со она што е забележано во 2. и 7. глава од Книгата на пророк Даниел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како во 2. и 7. глава, и овде е дадено уште едно видение на подем и пад на светските царства, иако со поинаков вид на симболика. Овие симболи непосредно се поврзани со Божјето светилиште. Во овој случај, симболите во вид на овен и јарец се користат поради својата поврзаност со обредот кој се вршел на Денот на помирувањето во Светилиштето, и кој претставува време на судот во стариот Израел. Овните и јарците се принесувале како жртви во службата во Светилиштето. Меѓутоа, само на Денот на помирување се споменуваат заедно. Според тоа, овие две животни се избрани со намера да упатат на Денот на помирувањето, кој е во центарот на виденијата.

Како што се развива виденито, Даниел гледа како овнот боде во три различни правци: кон запад, север и југ (Даниел 8,4). Ова тројно движење го навестува ширењето на оваа сила: „Гледав како овенот боде кон запад, кон север и кон југ. Ниедно животно не можеше да му устои, ништо не можеше да му избега. Правеше што сакаше, се засили“ (Даниел 8,4). Според објаснувањето на ангелите, овнот со двата рога го претставува Медо-Персиското царство (Даниел 8,20), а трите правци најверојатно упатувале на трите главни освоени територии на оваа светска сила.

Потоа се јавува јарецот со големиот рог, кој го претставува Царството на Александар Македонски (Даниел 8,21). Тоа што јарецот се движи „не допирајќи ја почвата“ (Даниел 8,5) означува дека се движи брзо. Овој симболички приказ укажува на брзината со која Александар ги освојувал териториите, кој во текстот на Даниел е прикажан како крилест рис (леопард). Меѓутоа, како што укажува пророштвото, „кога се засили, големиот рог се скрши“ (Даниел 8,8) и наместо него растат четири рога, кои се шират на четирите страни на светот. Ова пророштво се исполнува кога Александар умира во Вавилон во јуни 323 година пр. н. е. во триесет и третата година од животот, а неговото царство се дели меѓу четворица генерали.

**Меѓу текстот Даниел 2,38 и Даниел 8,20.21 именувани се три од четирите царства откриени во виденијата. Како овој неверојатен факт ја потврдува исправноста на нашето толкување на овие пророштва?**

# ПОДЕМОТ НА МАЛИОТ РОГ

**Внимателно прочитајте го текстот Даниел 8,8-12. Во кој правец се движи малиот рог и зошто е важно да го сфатиме тоа?**

______________________________________________________________

По описот на четирите рога кои се шират кон четирите небесни ветрови, библискиот текст вели дека од еден од нив излегол малиот рог. Се поставува прашањето дали овој рог/сила излегува од еден од четирите рогови, кој, како што видовме во отсекот од недела, ги претставуваат четворицата генерали на Александар Велики – или од еден од четирите небесни ветрови. Граматичката структура на текстот во оригиналниот јазик упатува дека овој рог излегува од еден од четирите небесни ветрови. А бидејќи оваа сила се издигнува по Грчкото царство и неговите четири ограноци, обично се смета дека овој рог е Рим, прво паганскиот, а потоа и папскиот. „Овој мал рог го претставува Рим во двете негови фази, паганската и папската. Даниел прво го видел Рим во паганската, царската фаза, која војува против еврејскиот народ и раните христијани, а потоа во неговата папска фаза, која продолжува до нашите денови и се протега во иднината“ (*The Seventh-day Adventist Bible Commentary*, 4. книга, стр. 841).

Според библискиот текст, малиот рог прво се движи хоризонтално и „израсте многу кон југ и исток, кон Прекрасната Земја“ (Даниел 8,9). Овие три правци одговараат на трите големи области кои паднале под власта на незнабожечкиот Рим.

Бидејќи малиот рог станува главен учесник во видението, неговото вертикално движење привлекува големо внимание. Во врска со тоа, овој рог сосема одговара на малиот рог од текстот Даниел 7, како што покажува следното споредување: 1) и двата рога во почетокот се мали (Даниел 7,8; Даниел 8,9). 2) Подоцна, двата рога стануваат големи (Даниел 7,20; Даниел 8,9). 3) И двата преставуваат сила која врши прогонство (Даниел 7,21.25; Даниел 8,10.24). 4) Обата се издигнуваат себеси и изговараат хулни зборови (Даниел 7,8.20.25; Даниел 8,10.11.25). 5) И двата рога се настроени против Божјиот народ (Даниел 7,25; Даниел 8,24). 6) Дејствувањето на двата рога е означено со пророчко време (Даниел 7,25.26; Даниел 8,17.19). 7) Обата допираат до последното време (Даниел 7,11.26; Даниел 8,25). 8) И двата се соочуваат со натприродно уништување (Даниел 7,11.26; Даниел 8,25). На крај, бидејќи малиот рог од текстот за Даниел 7 го претставува папството, вертикалното движење на малиот рог од 8. глава сигурно упатува на истата сила. Според тоа, како и во 2. и 7. глава од Книгата на пророк, конечната главна сила е Рим, и паганскиот и папскиот.

# НАПАДОТ НА СВЕТИЛИШТЕТО

**Прочитајте го текстот Даниел 8,10-12. Која активност на малиот рог се опишува овде?**

___

Во текстот Даниел 8,10, малиот рог во духовна смисла, се обидува да ги повтори напорите на градителите на Вавилон (1. Мојсеева 11,4). Изразите „војска“ и „ѕвезди“ во Стариот завет можат да го означуваат Божјиот народ. Израел е наречен војска Господова (2. Мојсеева 12,41). Даниел, исто така, вели дека Божјиот верен народ свети како ѕвезда (Даниел 12,3). Ова очигледно не е буквален напад на небесни тела, туку прогонство на Божјиот народ, чие е „жителство е на небесата“ (Филипјаните 3,20). Иако илјадници христијани биле убиени од страна на незнабожечките цареви, центарот на вниманието сега е насочено на активностите на малиот рог во вертикален правец. Според тоа, конечното исполнување на ова пророштво мора да биде поврзано со папскиот Рим и прогонствата кои со векови ги вршел.

Исто така, текстот Даниел 8,11 зборува за „поглаварот“, кој на друго место во Книгата на пророк Даниел се споменува како „Кнезот Помазаник“ (Даниел 9,25), „Михаил, вашиот кнез“ (Даниел 10,21) и „Михаил, големиот кнез“ (Даниел 12,1). Овој израз не може да се однесува на кој било друг, освен на Исуса Христа. Тој е кнез на претходно спомнатата „војска“ и наш Првосвештеник на Небото. Според тоа, папството и верскиот систем, кој тоа го претставува, се обидува да го фрли во сенка и да ја преземе Исусовата свештеничка улога.

Во текстот Даниел 8,11 „секојдневната жртва“ се споменува во врска со земното Светилиште, означувајќи различни и трајни аспекти на обредните служби – вклучувајќи ги и жртвите и посредувањето. Токму преку оваа служба им се проштава на грешниците и се решава прашањето на гревот во Шаторот за состанок. Овој земен систем ја претставува Христовата посредничка служба во небесното Светилиште. Како што претскажува пророштвото, папството го заменува Христовото посредување со посредување на свештеникот. Со помош на таквото лажно богослужение, малиот рог му ја одзема на Христа посредничката служба и симболички го урива Христовото светилиште.

„Ја обори вистината на земја, и успеа во сѐ што правеше“ (Даниел 8,12). Исус себеси се нарекува Вистина (Јован 14,6) и исто така упатува на тоа дека и Божјата реч е вистина (Јован 17,17). Спротивно на ова, папството го забранува преводот на Библијата на народен јазик, толкувањето на Библијата го става под авторитетот на црквата, и од Библијата поставува традиција како врховно правило на верата.

**Што ни кажува оваа лекција за тоа колку е драгоцено и важно познавањето на библиската вистина во споредба со човечките традиции?**

# ЧИСТЕЊЕ НА СВЕТИЊАТА

**Прочитајте: Даниел 8,14. што се случува во овој стих?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

По разорниот напад на рогот, објавено е дека Светињата ќе се очисти. За да ја сфатиме оваа порака, мораме да имаме на ум дека чистењето на Светињата, кое се споменува во текстот Даниел 8,14, одговара на сцената на судот прикажана во Даниел 7,9-14. Бидејќи тој суд се одигрува на Небото, значи дека и Светињата е сигурно поставена на Небото. Затоа, додека во 7. глава од Книгата на пророк Даниел се прикажува Божјето дејствување околу работите кои се однесуваат на луѓето и односот кон нив од перспектива на судот, Даниел 8 го опишува истиот настан од перспектива на Светињата.

Земното Светилиште било обликувано според небесната слика и служело во општи црти да го прикаже планот на спасение. Грешниците секој ден принесувале жртви во Светилиштето во кое им биле проствувани признаените гревови, бидејќи гревовите, во одредена смисла, биле пренесувани во Светињата. Како резултат на тоа, Светилиштето се валкало. Според тоа, периодичниот процес на чистење бил потребен за да се исчисти Светињата од гревовите забележани во неа. Во прашање бил Денот на чистење и се одржувал еднаш годишно (види: 3. Мојсеева 16).

Зошто е потребно да се очисти небесното Светилиште? Ако заклучуваме по аналогија, можеме да кажеме дека признатите гревови на оние кои го прифатиле Исуса се „пренесуваат" во небесното Светилиште, како што и гревовите на покаените Израелци се пренесувале во земното светилиште. На земниот Ден на помирувањето, многу животни биле усмртувани, симболички претставувајќи ја Исусовата идна смрт, а тоа било начин на кој грешниците можеле да се одржат на Денот на помирувањето.

Кога го имаме предвид Денот на помирување и чистењето на Светињата на Земјата, сфаќаме дека тоа ќе се оствари и на Денот на помирување на Небото, кога само Христовата крв ќе нè спроведе низ судот. Чистењето на Светињата, опишано во текстот Даниел 8,14, е небесна слика на земната служба чијашто главна порака гласи: како грешници, крвта на Месија ни е потребна за да ни бидат простени гревовите и да се одржиме на судот.

**Прочитајте: Евреите 9,23-28. Како овие стихови ја откриваат вистината за спасението, кое го имаме во Исуса преку жртвата што ја принел за нас?**

## ПРОРОЧКО ВРЕМЕ

**Прочитајте: Даниел 8,13. Кое прашање се поставува во овој текст и како тоа ни помага да го сфатиме одговорот во следниот стих?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Колку трае временскиот период од 2300 вечери и утра? Прво, мораме да забележиме дека, откако на Даниел во видение му биле покажани овенот и јарецот, по што следи дејствувањето на малиот рог, и штетата која ја нанел малиот род, видението во текстот Даниел 8,13 се претвора во прашање. Со ова прашање се покажува посебен интерес за тоа што ќе се случи на крајот од пророчкиот период, а не во текот на неговото траење. Покрај тоа, таквиот период не може да биде ограничен само на траењето на дејствувањето на малиот рог, бидејќи изразот „видение“ вклучува се, од сликата на овенот до постапката на малиот род. Според тоа, мора да се работи за долг период на вистинско историско време.

На прашањето: „До кога ќе трае тоа од видението“? (овенот [Медо-Персија], јарецот [царството на Александар Македонски] и малиот рог и неговото дејствување [Рим, паганскиот и папскиот]), второто небесно битие одговара: „Одговори: „Уште две илјади и три стотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено“ (Даниел 8,14). Како што веќе кажавме, овој период е долг бидејќи почнува во времето на Медо-Персиското царство и се протега сè до времето на Грчкото царство и паганскиот и папскиот Рим, и трае неколку илјади години. Според историцистичкото толкување (види ја 1. лекција), овој пророчки период треба да се смета врз основа на принципот ден за година, што значи дека 2300 вечери и утра одговара на временски период од 2300 години. Во спротивно, 2300 вечери и утра би изнесувале нешто повеќе од шест години, што е многу кратко време за исполнување на сите настани во видението. Оттука, овде мора да се примени начелото ден за година.

Текст Даниел 8 не дава информации кои би ни овозможиле да го одредиме почетокот на овој временски период, врз основа на што, секако, би се утврдил и неговиот крај. Меѓутоа, Даниел 9 ни ја обезбедува таа клучна подробност (види ја лекцијата за следната седмица).

**Пророштвото за две илјади и триста години претставува најдолго временско пророштво во Библијата. Размислете за тоа: 2300 години! Тоа е долг период, посебно во споредба со тоа колку е нашиот животен век. Како ова споредување може да ни помогне да бидеме трпеливи кога е во прашање Бог и нашето очекување на последните настани?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Следи ја табелата во која детално е опишано сè она што го проучувавме во врска со сменувањето на царствата опишано во 2., 7. и 8. глава од Книгата на пророк Даниел. Што ни кажува тоа за чистењето на Светилиштето?

| Даниел 2 | Даниел 7 | Даниел 8 |
|---|---|---|
| Вавилон | Вавилон | ------------ |
| Медо-Персија | Медо-Персија | Медо-Персија |
| Царството на Александар Велики | Царството на Александар Велики | Царството на Александар Велики |
| Паганскиот Рим | Паганскиот Рим | Паганскиот Рим |
| Папскиот Рим | Папскиот Рим | Папскиот Рим |
| ------------ | Судот на Небото | Чистење на светињата |
| Второто доаѓање | Второто доаѓање | Второто доаѓање |
| Каменот откорнат без рака | Светите го примаат царството | Уништен без рака |

Како што гледаме во табелата, постојат одредени паралели меѓу овие глави. Не само што народите се прикажани паралелно, туку и самата сцена на судот во текстот Даниел 7 – кој се јавува по 1260 години (538 – 1798) од папскиот Рим, непосредно се совпаѓа со чистењето на Светилиштето, кое во Даниел 8 се јавува исто така по времето на Рим. Накратко кажано, небесниот суд во Даниел 7 – судот кој води до крајот на светот – е исто што и чистењето на Светињата во текстот Даниел 8. Овде ни се дадени два различни описи на исти работи и обата се јавуваат по периодот од 1260 години на прогонство, кое го направила силата на малиот рог.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како претходната табела ни покажува дека чистењето на Светињата, исто како и судот во Даниел 7, мора да се случи некаде по исполнување на пророштвото за 1260 години во врска со малиот рог, а сепак пред да биде воспоставено Божјето конечно царство?**

**2. Пророштвото од 8. глава од Книгата на пророк Даниел ја прикажува историјата како насилна и полна со зла. Двете животни, кои симболички претставуваат две светски царства, се борат едно против друго (Даниел 8,8-12). Силата на малиот рог која настанува по нив е сила која врши насилство и прогонство (Даниел 8,23–25). Според тоа, Писмото овде не се обидува да ја омаловажи вистината за страдањата во овој свет. Како тоа може да ни помогне да имаме доверба во Бога и Неговата добрина и покрај постоењето на злото кое го забележуваме околу нас?**

Поука 10
од 29 февруари до 6 март 2020

# ОД ПРИЗНАВАЊЕ ДО УТЕХА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 9, Еремија 25,11.12; Еремија 29,10; 2. Царевите 19,15–19; Матеј 5,16; Јаков 5,16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Чуј Господи, Господи прости ни, Господи погледај и изврши, не колебај се поради Самиот Тебе, Боже мој, зашто името Твое се призива во Твојот град и во Твојот народ!“ (Даниел 9,19)**

Деветтата глава од Книгата на пророкот Даниел содржи една од најмоќните молитви во Библијата. Во клучните моменти во својот живот, Даниел прибегнува кон молитва за да се избори со предизвиците што се испречиле пред него. Кога Даниел и неговите пријатели се сочиле со смртна закана поради таинствениот сон што го сонил незнабожечкиот цар, пророкот му се обраќа на Бога во молитва (Даниел 2). А кога со царскиот декрет било забрането молитви да се упатуваат на други богови освен на царот, Даниел продолжил секојдневно да се моли свртен кон Ерусалим (Даниел 6). Според тоа, кога ја разгледуваме молитвата во текстот Даниел 9, да не заборавиме дека видението за 2300 вечери и утра во 8. глава од Книгата на пророк Даниел во голема мера влијае на пророкот. Иако пророштвото било појаснето во општи црти, Даниел не го разбира временскиот период што се спомнува во разговорот меѓу двете небесни битија: „Уште две илјади и три стотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено“ (Даниел 8,14). Дури во 9. глава на пророкот му е дадена поголема светлина и овој пат исто така е во прашање одговор на искрена молитва.

# ЦЕНТРАЛНО МЕСТО ВО БОЖЈАТА РЕЧ

**Прочитајте: Даниел 9,1.2. Даниел вели „го разбрав според книгите“ пророштвото, кое тој толку внимателно го проучува. На која библиска книга или книги мисли?**

________________________________________________________________

Кога ќе ја погледнеме оваа молитва, станува јасно дека тоа произлегува од внимателното проучување на она што Бог претходно им го открил на Мојсеја и пророците. Дознавајќи од списите на Еремија дека времето на неговото заробеништво ќе трае 70 години (видети: Еремија 25,11.12; Еремија 29,10), Даниел ја сфаќа важноста на историскиот момент во којшто живее.

Треба да имаме на ум дека Даниел упатува молитва во 539 година пр. н. е., кога Персиското царство му го отстапува местото на Вавилон. Поминале речиси седумдесет години откако Навуходоносор го освоил Ерусалим и го уништил Храмот. И така, според пророштвото на Еремија, Божјиот народ наскоро ќе се врати во својата татковина. Потпирајќи се на Божјата реч, Даниел знае дека на неговиот народ ќе му се случи нешто важно и дека, како што Бог ветува во својата Реч, ропството во Вавилон наскоро ќе заврши и Евреите ќе се вратат во својот дом.

Врз основа на проучувањето на Писмото кое му е достапно, Даниел исто така сфаќа колку се сериозни гревовите на неговиот народ. Иако го прекршиле заветот, го загрозиле својот меѓусебен однос со Бога; а неизбежна последица на тоа е ропство (3. Мојсеева 26,14–45). Затоа, проучувањето на Божјето откровение му овозможува на Даниел да го сфати времето во кое се наоѓа, како и важноста да се моли на Бога за народот.

Како што наближуваме кон последните денови од земната историја, мораме, како никогаш до сега, да ја проучуваме Божјата реч и да живееме во согласност со неа. Само Писмото може да ни обезбеди меродавно објаснување на светот во којшто живееме. Всушност, Писмото ни дава извештај за големата борба меѓу доброто и злото, и открива дека човечката историја ќе заврши со уништување на злото и со воспоставување на Божјето вечно царство. Колку повеќе го проучуваме Писмото, толку подобро можеме да ги разбереме современите прилики во светот и нашето место во него, како и причините за надеж, иако овој свет воопшто не ја нуди.

**Како Библијата ни помага донекаде да го сфатиме светот, кој сам по себе, иако лесно може да се чини како воопшто да нема смисла?**

## МОЛБА ЗА БЛАГОДАТ

**Прочитајте го текстот Даниел 9,3-19. Врз основа на што Даниел преколнува за милост?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Во оваа молитва посебно треба да забележиме неколку детали.

Прво, Даниел никаде во својата молитва не бара какво било објаснување за несреќите што го снашле еврејскиот народ. Тој знае зошто тоа се случило. Во голем дел од молитвата Даниел лично ги наведува причините: „И не го слушавме гласот на Господа, нашиот Бог, за да ги следиме Неговите закони, што ни ги даде преку Своите слуги, пророците" (Даниел 9,10). Последен пат кога Даниел нешто не разбрал, било на крајот од 8 глава во Книгата на пророк Даниел, кога вели дека не го сфаќа видението за 2300 вечери и утра (Даниел 8,27).

Втор детаљ е дека оваа молитва претставува молба за Божјата благодат, за Божјата подготвеност да му прости на својот народ дури и ако грешеле или правеле зло. Во одредена смисла, овде забележуваме силно потпирање на евангелието од страна на грешните луѓе кои немаат свои заслуги, а кои сепак бараат благодат којашто не ја заслужуваат и проштавање кое не го заработиле. Зар не се наоѓа секој од нас лично во таква положба пред Бога?

**Прочитајте го текстот Даниел 9,18.19. Што уште наведува Даниел како причина дека Господ ја услишил неговата молитва?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Уште еден дел од молитвата на Даниел заслужува да биде спомнат: молба да се прослави Божјето име. Односно, молитвата не е упатена поради Даниел лично или неговиот народ, туку поради Бога (Даниел 9,17-19). Со други зборови, молбата мора да биде одобрена, бидејќи со тоа ќе му се укаже чест на Божјето име.

**Прочитајте: 2. Царевите 19,15-19. На кои начини молитвата на Езекиел потсетува на молитвата на Даниел? Што ни кажува текстот Матеј 5,16 за тоа како ние, исто така, можеме да го прославиме Бога?**

## ВРЕДНОСТА НА ПОСРЕДУВАЊЕТО

**Прочитајте: Даниел 9,5-13. Што е значајно во врска со фактот дека Даниел постојано зборува дека „ние“ сме згрешиле, вклучувајќи се на тој начин и себеси во гревовите кои на крајот му донеле таква несреќа на народот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Даниеловата молитва е само една меѓу значајните посреднички молитви во Библијата. Таквите молитви го допираат Божјето срце, отфрлувајќи го судот и донесувајќи избавување од непријателот. Кога Бог е подготвен да го уништи целиот еврејски народ, Мојсеевото посредување ја запира Неговата рака (2. Мојсеева 32,7–14; 4. Мојсеева 14,10–25). Дури и кога големата суша се заканува да ја уништи земјата, Бог ја услишува молитвата на Илија и излева дожд обновувајќи ја земјата (1. Царевите 18).

Кога се молиме за членовите на семејството, пријателите и другите луѓе и за прилики, Бог ги слуша нашите молитви и може да дејствува. Понекогаш, можеби е потребно малку повеќе време за да биде услишена молитвата, но можеме да бидеме сигурни дека Бог никогаш не ги заборава потребите на своите деца (види: Јаков 5,16).

Во овој случај, Даниел има улога на посредник меѓу Бога и народот. Проучувајќи го Писмото, пророкот сфаќа дека неговиот народ станал грешен кршејќи го Божјиот закон и одбивајќи да ги послуша Божјите опомени. Според тоа, увидувајќи ја нивната очајна духовна состојба, Даниел се моли за исцелување и проштавање. Меѓутоа, пророкот исто така се поистоветува со својот народ. Даниел на одреден начин ја прикажува Христовата улога како наш посредник (Јован 17). Меѓутоа, постои коренита разлика: Христос е „без грев“ (Евреите 4,15) и затоа не е потребно да признава личен грев или да принесува жртви за простување (Евреите 7,26.27). Меѓутоа, Тој се поистоветува на единствен начин со грешниците: „Оној, Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев за нас, за да станеме Божја правда во Него“ (2. Коринќаните 5,21).

**„Кога би обединиле сè што е добро, свето, благородно и љубезно во човекот, а потоа го претставите тоа пред Божјите ангели како облик на учествување во спасението на човечката душа или задобивање заслуги, предлогот би бил отфлен како обично предавство“ (Елена Вајт, *Faith and Works*, стр. 24). Каква поука ни даваат овие зборови за нашата потреба за Посредник, кој ќе посредува за нас?**

# ДЕЛОТО НА МЕСИЈА

Посредничката молитва на Даниел опфаќа две главни прашања: гревот на народот и опустошувањето на Ерусалим. Значи, Божјиот одговор се однесува на овие две молби. Преку делото на Месија народот ќе биде откупен и Светилиштето помазано. Меѓутоа, овие две посебни молитви се услишени на начин кој ја надминува непосредната историска рамка на Даниеловото време: делото на Месија ќе му донесе добро на сиот човечки род.

**Прочитајте: Даниел 9,21-27. Какво дело требало да се изврши во периодот од 70 седмици? Зошто само Исус може да го оствари?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

1. „За да биде крај на престапот“. Еврејскиот збор за „престап“ (*pesha`*) укажува на намерни престапи на потчинетата личност во однос на надредената (на пример, Мудри изреки 28,24). Овој збор исто така се јавува во Библијата во врска со отвореното отфрлање на Бога од страна на човекот (Езекиел 2,3). Меѓутоа, благодарение на Исусовата крв, бунтот против Бога е задушен и на луѓето им се нудат заслугите кои бликаат од Голгота.

2. „Да му се стави печат на гревот“. Овој глагол значи „да се запечати“, а неговата смисла во овој текст е гревот да биде простен. Од падот, човечкиот род не може да живее според Божјите мерила, но Месија ќе се погрижи за нашите грешки.

3. „И избришани беззаконијата“. Како што вели Павле: „Зашто во Него благоволи да се всели сета полнота, и преку Него да измири кон Себе сè што е на земјата или на небото, творејќи мир преку крвта на Неговиот крст“ (Колошаните 1,19.20). Ова, исто така, само Исус може да го оствари.

4. „Да биде доведена вечната правда“. Христос го зазел нашето место на крстот и со тоа ни ја дарувал блажената состојба да бидеме „праведни“ пред Бога. Само со вера можеме да ја примиме оваа праведност која потекнува од Бога.

5. „Да им се стави печат на виденијата и пророците“. Кога Христос се понудил себеси како жртва, старозаветните пророштва, кои укажувале на Неговото дело на помирување, биле запечатени, односно исполнети.

6. „Да биде помазан Светиот над светите“. Светиот над светите, кој се спомнува овде, не е личност, туку место. Таа изјава се однесува на почетокот на Христовата посредничка служба во небесната Светиња (Евреите 8,1).

## ПРОРОЧКИ КАЛЕНДАР

На крајот од видението за 2300 вечери и утра, пророкот е тажен бидејќи не го разбира (Даниел 8,27). Десет години подоцна, Гаврил му помага на Даниел да го „разбере“ видението (Даниел 9,23). Ова подоцнежно откровение ја дава информацијата што недостасувала и открива дека делото на Месија ќе се оствари на крајот од периодот од 70 седмици. Според принципот ден за година и предвидениот тек на настаните, 70 седмици мора да бидат сфатени како 490 години. Појдовна точка на тој период е заповедта Ерусалим да биде обновен и повторно изграден (Даниел 9,25). Овој налог го издава Артаксеркс во 457. година пр. н. е. Тој им овозможува на Евреите, под водство на Ездра, повторно да го изградат Ерусалим (Ездра 7). Според библискиот текст, 70 седмици се „одредени“ или „отсечени“. Тоа укажува дека временскиот период од 490 години е отсечен од подолгиот временски период, односно од 2300 години одредени во 8. глава. Оттука следи дека 2300 години и 490 години имаат иста појдовна точка, 457 година пр. н. е. Пророштвото за 70 седмици е поделено на три дела: 7 седмици, 62 седмици и седумдесетта седмица.

Седум седмици (49 години) најверојатно се однесува на времето во текот на кој Ерусалим ќе биде обновен. По овие 7 седмици, ќе следат 62 седмици (434 години) кои ќе доведат до „Кнезот Помазаник“ (Даниел 9,25). Значи, 483 години по прогласот на Артасекс, односно во 27. година, Исус Месија се крштава и станува помазан со Светиот Дух за својата месијанска служба.

Во текот на 70. седмици, ќе уследат други важни настани: 1) „Помазаникот ќе биде предаден на смрт“ (Даниел 9,26), што се однесува на Христовата смрт. 2) Месија „ќе склучи сојуз со мнозина за една седмица“ (Даниел 9,27). Станува збор за посебна мисија која Исус и апостолите ќе ја извршат меѓу еврејскиот народ. Тоа ќе се оствари во време на последните „седмици“ од 27. до 34. година. 3) „А во половината на седмицата ќе прекрати жртвата и приносот“ (Даниел 9,27). Три и пол години по Исусовото крштавање (односно, во средината на седмицата), Тој го окончува жртвениот систем – во смисла дека повеќе нема пророчко значење – принесувајќи се Себеси како последна и совршена жртва на Новиот завет, укинувајќи ја потребата за понатамошни животински жртви. Последната седмица од пророштвото за 70 седмици се завршува во 34. година, кога Стефан бил каменуван, а евангелската порака почнува да ги досегнува не само Евреите, туку и незнабошците.

**Прочитајте го текстот Даниел 9,24-27. Дури и среде големите надежи и ветувања за Месија, читаме за насилства, војни и уништување. Како тоа може да нѐ увери дека среде несреќите во животот и понатаму постои надеж?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Следи табела во која е објаснето како е поврзано пророштвото за 70 седмици во текстот Даниел 9,24-27 со пророштвото за 2300 години во Даниел 8,14 и како тоа претставува негова појдовна точка. Ако ги сметаме 2300 години од 457 година пр. н. е. (да се сетиме да ја избришеме непостоечката нулта година), ја добиваме 1844 година; или, доколку ги сметате преостанатите 1810 години од 34. година (2300 минус првите 490 години), исто така ја добивате 1844 година. Според тоа, чистењето на Светињата во текстот Даниел 8,14 започнува во 1844 година.

Исто така, забележете, дека 1844. година се вклопува со она што го видовме во 7. и 8. глава во Книгата на пророк Даниел. Односно, судот од 7. глава, што е исто што и чистењето на Светињата во 8. глава (погледнете ги лекциите од последните две седмици), се јавува по прогонството од 1260 години (Даниел 7,25), а пред второто Христово доаѓање и воспоставување на Неговото вечно царство.

**Пророштвото за 2300 години**




ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Проучувачите на Библијата говореле, и тоа со право, дека пророштвата за 2300 денови и 70 седмици е едно исто пророштво. Зошто сметаат дека е така? Каков доказ можете да пронајдете за да го потврдите ова тврдење?**

**2. Што можеме да научиме од посредничката молитва на Даниел, а може да ни помогне во нашиот посреднички молитвен живот?**

**3. Христовата жртва, која е принесена за нас, претставува наша единствена надеж. Како тој факт може да ни помогне да останеме понизни и, што е уште поважно, да ги сакаме другите и да им простуваме? Што ни кажува текстот Лука 7,40-47?**

**4. Забележете дека Писмото е во центарот на Даниеловата молитва и надеж. Всушност, народот бил немилосрдно поразен, луѓето протерани, земјата опустошена, а главниот град уништен. Па сепак, тој се надева дека, и покрај сето тоа, народот ќе се врати во својот дом. Од каде би црпеле ваква надеж освен од Библијата и Божјите ветувања кои се запишани во неа? Што треба ова да ни каже за надежта која исто така можеме да ја добиеме од ветувањата во Божјата реч?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 11**
**7 -13 март 2020**

# ОД БОРБА ДО ПОБЕДА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефешаните 6,12; Даниел 10; Ездра 4,1–5; Исус Навин 5,13–15; Откровение 1,12–18; Колошаните 2,15; Римјаните 8,37–39.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој рече: ’Не бој се љубимецу! Мир ти тебе! Биди јак! Охрабри се!’“ (Даниел 10,19)**

Десеттата глава од Книгата на пророк Даниел нѐ запознава со последното видение на Даниел, кое продолжува во 11 и 12 глава. На почетокот од главата се кажува дека ова видение се однесува на „големите работи“ (големиот конфликт) (Даниел 10,1). Додека 11. глава од Книгата на пророк Даниел изнесува одредени подробности за овој конфликт, текстот Даниел 10 ја покажува неговата духовна страна и открива дека зад сцената на земните борби беснее духовен конфликт со космички размери. Додека ја проучуваме оваа глава, ќе видиме дека во овој космички конфликт се вклучуваме кога се молиме на начин кој има длабоки последици. Меѓутоа, во таа борба не сме сами; Исус води битка против сатаната во наше име. Ќе научиме дека конечната борба во која сме вклучени не се води против земните човечки сили, туку против силата на темнината.

Векови по Даниел, апостолот Павле рекол: „Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Ефешаните 6,12). Конечно, нашиот успех во судирот почива на Исуса Христа, кој лично го поразил сатаната на крстот.

## ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТОТ И МОЛИТВАТА

**Прочитајте го текстот Даниел 10,1-3.**

______________________________________________________________

Даниел не ги наведува причините за долгиот период на жалост. Меѓутоа, таквото сесрдно посредување најверојатно е поттикнато од приликите во кои се нашле Евреите, кои тукуштo се вратиле од Вавилон во Палестина.

**Прочитајте: Ездра 4,1-5. Со какви предизвици се соочуваат Евреите по враќањето?**

______________________________________________________________

Од текстот Ездра 4,1-5 дознаваме дека Евреите во тој момент, додека се обидуваат да го обноват Храмот, се соочуваат со силно противење. Самарјаните испраќаат лажни извештаи на персискиот двор, со цел да го наведат царот да ги сопре работите на изградбата. Со оглед на ваквата криза, Даниел три седмици го моли Бога да влијае на Кир да дозволи работите да продолжат.

Во тој момент, Даниел веројатно има околу деведесет години. Тој не мисли на себе, туку на својот народ и на предизвиците со кои се соочуваат. Три полни седмици тој истрајно се моли пред да прими одговор од Бога. За тоа време пророкот скромно се храни, воздржувајќи се од убавите јадења, па и од мрсно. Тој е потполно незаинтересиран за својата удобност и изглед, и е мошне загрижен за доброто на своите сонародници, Евреите, во Ерусалим кои се неколку илјади километри далеку.

Додека го гледаме молитвениот живот на Даниел, можеме да научиме вредни поуки. Прво, треба да истраеме во молитвата, дури и кога нашите молитви не се веднаш услишени. Второ, треба да посветиме време да се молиме за другите. Има нешто посебно во посредничката молитва. Не заборавајте дека „Господ го врати Јова во поранешната состојба, зашто се застапи за своите пријатели, па му го удвои она што го имаше“ (Јов 42,10). Трето, го наведува Бога да направи нешто конкретно и вистинско. Секогаш да се молиме за тоа, и да упатуваме различни молитви. Соочени со неподносливите искушенија, големите потешкотии и огромните предизвици, да му ги предадеме своите товари на Бога во молитва (Ефешаните 6,18).

**Прочитајте го текстот Даниел 10,12. Што ни кажува овој стих за молитвата како објективно искуство, кое го поттикнува Бога да направи нешто, и дека тоа е повеќе од субјективно искуство благодарение на кое се чувствуваме добро кога станува збор за Бога?**

## ВИДЕНИЕ ЗА КНЕЗОТ

**Прочитајте: Даниел 10,4-9. Што му се случува на Даниел во овој текст?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Додека Даниел го опишува своето искуство, едвај можеме да ја замислиме извонредната убавина на сцената што тој ја гледа. Таа човечка прилика (Даниел 10,5.6) личи на „Синот Човечки“, кој е прикажан во видението за небесниот суд (Даниел 7,13). Неговата ленена облека потсетува на свештеничката облека (3. Мојсеева 16,4), што оваа личност ја споредува со „Заповедникот на војската“ прикажан во врска со небесното Светилиште (Даниел 8). Златото, исто така, е поврзано со свештеничката облека како знак на царското достоинство. На крај, споредувањето на оваа личност со молња, оган, бронза и силен глас, го прикажува како натприродно суштество. Во прашање е некој кој е даруван со свештенички, царски и воени одлики. Оваа личност има и интересни сличности со небесното битие, кое му се јавува на Исус Навин непосредно пред освојувањето на Ерихон (Исус Навин 5,13.14). Во видението, Исус Навин го гледа „Водачот на Господовата војска“. Интересно е што еврејскиот збор преведен како „водач“ (*sar*) е истиот збор преведен како „кнез“, кој во текстот Даниел 10,21 се однесува на Михаил. Меѓутоа, поголеми сличности се јавуваат меѓу Книгата на пророк Даниел и Откровението на Јован.

**Какви сличности откриваме меѓу видението на Даниел на Бога во текстот Даниел 10 и оние од текстовите на Исус Навин 5,13-15 и Откровение 1,12-18?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Според зборовите на Даниел, оние кои се покрај него се исплашени, а и сам Даниел паѓа на земјата слаб и немоќен. Манифестацијата на Божјето присуство го совладува. Сепак, какви и да се неговите моментални стравови, видението на Даниел покажува дека Бог управува со историјата. Навистина, како што се одвива видението, ќе видиме дека Бог на Даниела му го открива општиот преглед на човечката историја од времето на пророкот до воспоставувањето на Божјето царство (Даниел 11 и 12).

**Ако Господ може да управува со човечката историја, како што секогаш одново гледаме во Книгата на пророк Даниел, што може Тој да направи во нашиот личен живот?**

## ДОПИРОТ НА АНГЕЛОТ

**Прочитајте го текстот Даниел 10,10-19. Што се случува секој пат кога ангелот ќе го допре Даниел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Преплавен со сјајот на божествената светлина, пророкот паѓа ничкум. Тогаш доаѓа ангелот да го допре и да го утеши. Додека го читате извештајот, забележете дека ангелот три пати го допира Даниела.

Првиот допир го оспособува пророкот да стане и да ги слушне зборовите на утеха кои доаѓаат од Небото: „Ми рече: „Не бој се Даниеле, зашто од првиот ден кога одлучи да се понизиш пред Својот Бог за да разбереш, твоите зборови се послушани, и јас дојдов заради твоите зборови“ (Даниел 10,12). Молитвата на Даниел го придвижило небото. За нас тоа претставува сигурност дека Бог ги слуша нашите молитви, што претставува голема утеха во моментите на неволја.

Вториот допир го оспособува Даниела да зборува. Пророкот ги излева своите зборови пред Господа, изразувајќи ги своите чувства и својот страв: „Господару мој, заради овој привид ме опфатија тешкотии, и останав без сила. И како слугата на својот Господар ќе зборува со Господарот, кога сосем се обессилив и ме остави здивот“ (Даниел 10,16.17). Значи, Бог не само што нам ни се обраќа туку Тој сака да му ги кажеме и нашите чувства, потреби и копнежи.

Третиот допир му влева сила. Кога Даниел ја увидува својата недостојност, ангелот го допира и го теши со Божјиот мир: „Тој рече: „Не бој се љубимецу! Мир ти тебе! Биди јак! Охрабри се!“ (Даниел 10,19). Не заборавајте дека ангелот бил испратен кај Даниел како одговор на неговата молитва, да му пружи разбирање и увид во одредени прашања. Со други зборови, видението кое следи во 11. глава, ќе го охрабри Даниела како одговор на неговото тагување и размислување за моменталните прилики во Ерусалим. Кога Бог е на наша страна, можеме да имаме мир, дури и тогаш кога ќе се соочиме со неволји. Неговиот допир полн со љубов нѐ оспособува да гледаме во иднината полни со надеж.

**„Небото може да ни биде многу близу и нам во нашето секојдневие“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 28; стр. 48. оригинал). Колку често размислувате за тоа колку се тесно поврзани Небото и Земјата? Колку ќе се разликува вашиот начин на живот ако оваа вистина ја чувате во своето срце и ум?**

## ГОЛЕМАТА БОРБА

**Прочитајте: Даниел 10,20.21. Што му е откриено на Даниел во овој текст?**

____________________________________________________________

Небесниот гласник ја поместува завесата и му ја открива на Даниела космичката војна, која се одвива зад сцената на човечката историја. Штом Даниел ја започнува молитвата, меѓу Небото и Земјата почнува да се води духовна битка. Небесните битија започнале борба со персискиот цар да им дозволи на Евреите да продолжат со обновата на Храмот. Од воведниот дел на 10 глава од Книгата на пророк Даниел дознаваме дека тоа е персискиот цар Кир. Меѓутоа, самиот цар не може да пружи значаен отпор на небесно суштество. Тоа укажува дека зад царот, кој е човек, постои духовна сила која го поттикнува Кир да ги запре Евреите во обновата на Храмот.

Слични прилики владеат и во 28 глава од Книгата на пророк Езекиел, во кој тирскиот цар го претставува сатаната, духовната сила која се крие зад царот на тој град. Според тоа, не треба да нè изненади што персиските цареви, против кои Михаил доаѓа да се бори, го вклучуваат и сатаната и неговите ангели. Тоа покажува дека покрај човечкото противење на обновата на Храмот во Ерусалим постои слично противење и во духовното царство.

**Прочитајте: Даниел 10,13. Каква битка се опишува овде?**

____________________________________________________________

„Додека сатаната се трудел да влијае најголемата власт во Медоперсиското царство да не покаже наклоност кон Божјиот народ, ангелите работеле во корист на заробениците. Во оваа борба целото Небо било вклучено. Преку пророкот Даниел ни е дадено да наѕреме во таа голема борба меѓу доброто и злото. Три седмици архангел Гаврил се борел со силите на темнината, трудејќи се да го осуети влијанието што дејствувало врз духот на царот Кир. И пред да се заврши борбата, лично Христос дошол да му помогне на Гаврил. 'Кнезот на персиското царство ми се противеше дваесет и еден ден', рекол Гаврил, 'но Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне зашто јас бев таму сам кај персискиот цар' (Даниел 10,13). Било направено сè што Небото можело да направи за Божјиот народ. Победата конечно била извојувана; силите на непријателот биле сопрени за сето време на владеењето на царот Кир и неговиот син Камбис, кој владеел околу седум и пол години" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 370; стр. 571. 572. оригинал).

# КНЕЗОТ ПОБЕДНИК

Најистакната личност во Книгата на пророк Даниел е личноста која во почетокот се нарекува „Синот Човечки“ (Даниел 7,13) или „Заповедникот на војската“ (Даниел 8,11). На крајот дознаваме дека името му е Михаил (Даниел 10,12), што значи „Кој е како Бог?“ Тој доаѓа да му помогне на Гаврил во судирот со персискиот цар (Даниел 10,13). Ангелот упатува на ова небесно суштество како на „Михаил, вашиот кнез“ (Даниел 10,21), имено, Кнезот на Божјиот народ (Даниел 12,1). Од 9. глава во Посланието на Јуда дознаваме дека Михаил, кого го нарекуваат и архангел, се бори против сатаната и го воскреснува Мојсеја. Текстот Откровение 12,7 ни открива дека Михаил е водач на небесната војска, која ќе го порази сатаната и неговите паднати ангели. Според тоа, Михаил не е никој друг, ами лично Исус Христос. Како што Персиското царство има свој врховен заповедник, духовна сила која се крие зад човекот кој има улога на водач, така и Божјиот народ има свој Врховен Заповедник - Михаил, кој стапува во борба и победува во вселенската војна во нивна полза.

**Прочитајте: Колошаните 2,15. Како Исус ја остварил победата во вселенскиот судир?**

____________________________________________________________

Кога се соочуваме со силите на злото, можеме да имаме вера во Исуса, нашиот Победник. Тој го победува сатаната во почетокот на својата јавна служба. Во текот на својот земен живот, Тој го победува сатаната во пустината, кога е изложен на искушенијата; Тој се бори против демонските орди и го ослободува народот од силата на темнината. Исус го поразил злото дури и кога било скриено зад обидот на Петар да Го одврати од тоа да продолжи на патот кон Голгота. Во своето последно обраќање до учениците, Исус зборува за својата смрт која наскоро ќе се случи како за битка која ќе го достигне врвот во одлучувачката победа над сатаната: „Сега е судот на овој свет. Сега кнезот на светов ќе биде исфрлен надвор! А Јас – кога ќе бидам издигнат од земјата – ќе ги привлечам сите кон Себе“ (Јован 12,31.32)

Понекогаш кога ќе погледнеме околу себе, приликите навистина изгледаат лоши. Насекаде владеат насилства, неморал, расипаност и болести. Непријателот, кој не е од месо и крв, сурово нè напаѓа од сите страни. Но, колку и да се тешки нашите борби, Исус се бори за нас и стои како наш Кнез и Првосвештеник во небесното Светилиште.

**Прочитајте го текстот Римјаните 8,37-39. Како можеме да дадеме ветување дека ќе стекнуваме вистински искуства во својот христијански живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Три седмици архангел Гаврил се борел со силите на темнината, трудејќи се да го осуети влијанието што дејствувало врз духот на царот Кир. И пред да се заврши борбата, лично Христос дошол да му помогне на Гаврил. 'Кнезот на персиското царство ми се противеше дваесет и еден ден', рекол Гаврил, 'но Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне зашто јас бев таму сам кај персискиот цар' (Даниел 10,13). Било направено сè што Небото можело да направи за Божјиот народ. Победата конечно била извојувана; силите на непријателот биле сопрени за сето време на владеењето на царот Кир и неговиот син Камбиз, кој владеел околу седум и пол години" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 370; стр. 572. оригинал)

„Колку голема чест му укажало Величеството Небесно на Даниел! Тој го уверува својот потресен слуга и го уверува дека неговата молитва е услишена на Небото. Како одговор на оваа сесрдна молитва, ангелот Гаврил бил испратен да влијае на срцето на персискиот владетел. Монархот се спротивставувал на влијанието на Божјиот Дух три седмици додека се молел и постел, но Кнезот на Небото, архангелот Михаил, бил испратен да го преобрати срцето на тврдоглавиот цар и да го повика да преземе некои решителни чекори и на тој начин да ја услиши молитвата на Даниел (Елена Вајт, *The Sanctified Life*, стр. 51).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Иако не сме првите луѓе во христијанската историја кои ја увидуваат ова вистина, како христијани адвентисти ние сме силни застапници на мотивите на „големата борба" или идејата дека целата вселена е дел од епската борба помеѓу Христа и сатаната. Ние веруваме дека секое човечко битие е вклучено во оваа борба. Другите, дури и световните луѓе, зборуваат за постоењето на некој вид борба во која сите сме вклучени. Какво е вашето искуство кога станува збор за големата борба? Како таа се пројавува во вашиот живот? Што научивте од тоа, а ќе може да им помогне и на другите во таа борба?**

**2. Прочитајте: Ефешаните 6,10-18. Забележете ги очигледните воени слики што ги користи Павле. Какви „упатства за битка" овде ни се дадени нам, кои учествуваме во големата борба?**

**3. Во текстот Даниел 10,11, Даниел по втор пат (види: Даниел 9,23) го нарекуваат *hamudot* или мил. Што ни открива ова за тесната поврзаност, дури и за емоционалната поврзаност меѓу Небото и Земјата? Размислете колку е оваа стварност сосема поинаква кога ќе се спореди со вообичаеното атеистичко гледиште на голем дел од современиот свет. Каква надеж ни нуди ова библиско гледиште, онака како што го гледаме во овој извештај за Даниел?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 12**
**14 -20 март 2020**

# ОД СЕВЕР И ЈУГ ДО КРАСНАТА ЗЕМЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 11; Даниел 8,3–8.20–22; Исаија 46,9.10; Даниел 8,9.23; Матеј 27,33–50.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Некои од разумните ќе настрадаат за да се испитаат, за да се очистат и за да обелат до времето на свршетокот, зашто уште не дојде одреденото време“ (Даниел 11,35).**

На почетокот од оваа глава, полна со предизвик, треба да нагласиме неколку подробности. Прво, Даниел 11 глава се поклопува со претходниот општ преглед на пророштвата во Книгата на пророк Даниел. Како и во 2, 7, 8. и 9 глава, пророчката порака се протега од времето на пророкот до последното време. Второ, се спомнува сменувањето на светските сили кои често го угнетуват Божјиот народ. Трето, срећниот крај претставува врв на секое пророштво. Во 2. глава каменот го уништува ликот: во 7 глава Синот човечки го прима царството; а во 8 и 9 глава небесното Светилиште се чисти благодарение на службата на Месија.

Според тоа, 11 глава опфаќа три основни подробности. Прво, почнува со извештај за персиските цареви и зборува за нивните способности и последното време, кога северниот цар ја напаѓа Божјата света гора. Второ, опишан е низ битките меѓу северниот и јужниот цар и нивното влијание на Божјиот народ. Трето, завршува со среќен крај кога северниот цар се соочува со смрт на кај „Славната Света Гора“ (Даниел 11,45). Ваквиот позитивен крај означува крај на злото и воспоставување на Божјето вечно царство.

## ПРОРОШТВАТА ЗА ПЕРСИЈА И ЦАРСТВОТО НА АЛЕКСАНДАР

**Прочитајте: Даниел 11,1-4. Што во овој текст нè потсетува на некое претходно пророштво од Книгата на пророк Даниел?**

___

___

___

Гаврил му зборува на Даниел дека трите царства ќе настанат во Персија. По нив ќе се појави четвртиот цар, кој ќе биде најбогат од сите и кој ќе настојува да го предизвика Царството на Александар Македонски. По Кир, три последователни цареви владеат над Персија: Камбиз (530–522 пр. н. е.), лажниот Смердис (522 пр. н. е.) и Дариј I (522–486 пр. н. е.) Четвртиот цар е Ксеркс, кој се споменува во книгата за Естира како Асвир. Тој е многу богат (Естира 1,1-7) и подготвува голема војска за напад на царството на Александар Македонски, како што е предвидено во пророштвото. Меѓутоа, и покрај неговата моќ, тој е одбиен од страна на помала војска храбри војници на Александар.

Не е тешко да се препознае Александар Велики како моќен цар кој се јавува во текстот Даниел 11,3, кој станува апсолутен владетел на стариот свет. Умрел во 32. година од животот не оставајќи зад себе наследник кој би управувал со царството. Тогаш царството било поделено помеѓу четворица генерали: Селеук владеел со Сирија и Месопотамија, Птоломеј со Египет, Лизимах со Тракија и делови од Мала Азија, Касандер со Македонија и Грција.

**Споредете ги следните текстови: Даниел 11,2-4; Даниел 8,3-8.20-22. Како овие текстови заедно ни помагаат да го препознаеме Александар Велики како оној кој поседува моќ?**

___

___

Што можеме да дознаеме од оваа низа на имиња, датуми, места и историски настани? Прво, дознаваме дека пророштвото е исполнето како што претскажал божествениот гласник. Божјата реч никогаш не греши. Второ, Бог е Господ на историјата. Можеме да стекнеме впечаток дека сменувањето на политичките сили, водачите и царствата е покренато со амбицијата на различните цареви, диктатори и политичари. Меѓутоа, Библијата открива дека Бог во конечна смисла управува со сè и дека ќе го движи тркалото на историјата според својот божествен план, кој на крајот ќе доведе до искоренување на злото и воспоставување на Божјето вечно царство.

## ПРОРОШТВАТА ЗА СИРИЈА И ЕГИПЕТ

**Прочитајте: Даниел 11,5-14. Што се случува во овој текст?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

По смртта на Александар Велики, неговото царство било поделено меѓу четирите генерали. Двајца од нив – Селеук во Сирија (север) и Птоломеј во Египет (југ) – основале династии кои меѓусебно се бореле околу управувањето со земјата.

Повеќето проучувачи на Библијата сфаќаат дека војните меѓу северниот и јужниот цар, кои се проречени во текстот Даниел 11,5-14, се однесуваат на многу битки во кои биле вклучени овие две династии. Според проороштвото, овие две династии ќе се обидат да се обединат со брак, но тој сојуз ќе трае многу кратко (Даниел 1,6). Историските извори нѐ известуваат дека Антиох II Тео (261–246. пр. н. е.), внукот на Селеук I, се оженил со Береника, ќерката на египетскиот цар Птоломеј II Филаделф. Меѓутоа, тој договор не траел долго и конфликтот, кој непосредно го опфаќал Божјиот народ, наскоро продолжил. Според тоа, Даниел 11 зборува за некои важни настани кои ќе влијаат понатаму на животот на Божјиот народ во вековите, откако пророкот Даниел ќе го напушти жариштето на настаните.

Можеме да го поставиме прашањето зошто Господ однапред ги открива сите овие подробности за војните кои ги опфаќаат царствата што во тој дел од светот се борат за превласт. Причината е едноставна: тие војни влијаат на Божјиот народ. Затоа, Господ однапред објавува многу предизвици со кои ќе се соочи Неговиот народ во годините кои следат. Исто така, Бог е Господ на историјата, и кога ќе го споредиме пророчкиот извештај со историските настани, повторно можеме да видиме дека пророчката реч се извршува како што е претскажано. Бог кој го претскажува сменувањето на овие хеленистички царства, кои меѓусебно се борат, е Бог кој ја знае иднината. Тој е достоен да имаме доверба во Него и да му веруваме. Тој е голем Бог, а не идол што го создала човечка фантазија. Тој не само што го насочува текот на историските настани туку може да го насочува и нашиот живот ако ние тоа Му го дозволиме.

**Прочитајте го текстот Исаија 46,9.10. Во колкава мера основната христијанска теологија ја наоѓаме во овие два стиха, и која возвишена надеж можеме да ја извлечеме од нив? Помислете колку страшен би бил 10. стих кога Бог не би бил добар и полн со љубов, туку одмаздлив и зол.**

## РИМ И КНЕЗОТ НА ЗАВЕТОТ

**Прочитајте: Даниел 11,16-28. Иако текстот е тежок, кои слики ги пронаоѓате во овој текст, а кои можете да ги пронајдете на уште некои места во Книгата на пророк Даниел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Пренесувањето на моќта од хеленистичките цареви на паганскиот Рим е прикажан во текстот Даниел 11,16: „Оној ќе навали против него и ќе направи со него како што ќе му се посака - никој не ќе му даде отпор: ќе се запре во Прекрасната Земја, и таа ќе настрада од неговите раце." Прекрасната Земја е Ерусалим, местото во кое живеел стариот Израил, а новата сила што ја презема оваа област е паганскиот Рим. Истиот настан, е претставен и со хоризонталното ширење на малиот рог, кој доаѓа до Прекрасната Земја (Даниел 8,9). Според тоа, јасно е дека силата која владее со светот во тој момент е паганскиот Рим.

Некои дополнителни факти во библискиот текст го зајакнуваат оваа забелешка. На пример, „На негово место ќе се издигне друг што ќе наметне данок", мора да се однесува на Цезар Август. Токму во времето на неговото владеење е роден Исус, а Марија и Јосиф патуваат во Витлеем поради пописот (Даниел 11,20). Исто така, според пророштвото, овој владетел ќе го наследи „еден никаквец" (Даниел 11,21). Како што вели историјата, Август го наследил Тибериј, посвоениот син на Август. Тибериј е познат по тоа што бил ексцентрична и подмолна личност.

Што е најважно, според библискиот текст, во времето на владеењето на Тибериј „дури и Кнезот на сојузот" ќе биде скршен (Даниел 11,22). Ова јасно укажува на Христовото распетие, кого го нарекуваат и „Кнезот Помазаник" (Даниел 9,25; види: Матеј 27,33–50), бидејќи Тој е усмртен за време на владеењето на Тибериј. Упатувањето на Исус во овој текст како на „кнезот на сојузот" е силен показател за текот на историските настани, повторно давајќи им на читателите силен доказ за Божјето восхитувачко познавање на иднината. Бог бил во право во врска со сè што претходно се случило во овие пророштва, така што ние можеме во потполност да Му веруваме кога станува збор за она што ќе се случи во иднина.

**Дури и среде сите политички и историски настани, во тие стихови се открива Исус од Назарет, „кнезот на сојузот". Како тоа ни покажува дека Исус, и покрај сите преврати и политички интриги, останува главна личност во Писмото?**

## СЛЕДНА СИЛА

**Прочитајте: Даниел 11,29-39. Која сила се издигнува по паганскиот Рим?**

___

___

Текстот Даниел 11,29-39 се однесува на новиот систем на моќта. Иако овој систем се надоврзува на паганското Римско царство и наследува одредени особини од својот претходник, едновремено се разликува во одредени аспекти. Библискиот текст вели дека „сега нема да биде како првиот пат“ (Даниел 11,29). Ако погледнеме понатаму, увидуваме дека се однесува како верска сила. Своите напади главно ги насочува кон Бога и кон Неговиот народ. Да се осврнеме на некои постапки на овој цар.

Прво, „ќе се разгневи против Светиот Завет“ (Даниел 11,30). Овој текст сигурно упатува на Божјиот завет на спасение, на кој царот се спротивставува.

Второ, овој цар ќе создаде сили кои ќе ја „осквернават светињата“ и ќе ја укинат „секојдневната жртва“ (Даниел 11,31). Во 8. глава од Книгата на пророк Даниел забележавме дека малиот рог ги урива темелите на Божјето „Светилиште“ и дека ја одзема „секојдневната жртва“ (Даниел 8,11). Ова мора да се сфати како духовен напад на Христовата служба во Небесното Светилиште.

Трето, како последица од нападите на Светилиштето, оваа сила ќе го постави „Гнасниот Пустошник“ во Божјиот храм. Напоредниот израз „бесчесно опустошување“ укажува на делата на отпадништво и бунт од страна на малиот рог (Даниел 8,13).

Четврто, оваа сила го прогонува Божјиот народ: „Некои од разумните ќе настрадаат за да се испитаат, за да се очистат и за да обелат до времето на свршетокот, зашто уште не дојде određеното време“ (Даниел 11,35). Ова нè потсетува дека малиот рог оборил некои од војската и од ѕвездите и ги згазил (Даниел 8,10; споредете: Даниел 7,25).

Петто, овој цар „ќе постапува како што ќе сака, вознесувајќи се и воздигнувајќи се себеси над сите богови: против Бога над боговите ќе зборува хули“ (Даниел 11,36). Не изненадува што и малиот рог исто така зборува „големи работи“ (Даниел 7,8), дури и против Бога (Даниел 7,25).

**Овде би можеле да спомнеме и други сличности, земајќи го предвид текстот што го читавме во Даниел 7. и 8. глава, но кој ја претставува оваа сила и зошто е толку важно, и покрај општествените притисоци, цврсто да останеме на тоа кого го претставува таа?**

## ПОСЛЕДНИТЕ НАСТАНИ

**Прочитајте: Даниел 11,40-45. Што се случува овде?**

Следните изрази ни помагаат да го сфатиме овој текст:

*Последното време.* Изразот „последното време" се јавува само во Книгата на пророк Даниел (Даниел 8,17; Даниел 11,35.40; Даниел 12,4.9). Проучувањето на пророштвата на Даниел укажува дека последното време се протега од падот на папството, во 1798 година, до воскресението на мртвите (Даниел 12,2).

*Северниот цар:* Прво, во географска смисла ова име ја означува Селеукидската династија, но потоа се однесува на паганскиот и конечно на папскиот Рим. Како такво, не опишува географска локација, туку духовниот непријател на Божјиот народ. Покрај тоа, треба да забележиме дека северниот цар претставува имитација на вистинскиот Бог, кој во Библијата симболички е поврзан со северот (Исаија 14,13).

*Јужниот цар:* Ова име на почетокот ја означува Птоломејската династија во Египет, на југ од Светата земја. Меѓутоа, како се одвива пророштвото, поприма теолошка димензија, и некои проучувачи го поврзуваат со безбоштвото. Елена Вајт, коментирајќи го тоа што во текстот Откровение 11,8 се спомнува Египет, вели: „Тоа е безбоштво" (*Големата борба*, стр. 242; стр. 269. оригинал).

*Прекрасната земја (заб. прев. во некои преводи света гора:* Во старозаветно време овој израз се однесувал на Сион, престолнината и срцето на Израел, кој географски е сместен во Ветената земја. По крстот, Божјиот народ повеќе не се определува според етничката припадност и географската положба. Според тоа, Светата гора мора да биде симболичко обележување на Божјиот народ раширен насекаде во светот.

Според тоа, настаните можеме да ги протолкуваме вака:

1) Јужниот цар го напаѓа северниот цар: Француската револуција се обидела да ја укине религијата и да го порази папството, но не успеала во тоа. 2) Северниот цар го напаѓа и го победува јужниот цар: верските сили предводени од папството и неговите сојузници на крајот ќе ги надвладеат силите на безбоштвото и ќе оформат коалиција со поразениот непријател. 3) Едом, Моав и истакнатите луѓе на Амон ќе побегнат: некои од нив, кои не се вбројувале во вистинскиот Божји народ, ќе му се придружат на стадото во последен час. 4) Северниот цар подготвува напад на Светата гора, но доаѓа неговиот крај: силите на злото се уништени и Божјето царство е воспоставено.

**Како можеме да извлечеме утеха од сознанието дека на крајот Бог и Неговиот народ ќе излезат како победници?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Интересно е дека во врска со текстот Даниел 11,29-39 Мартин Лутер го поистоветил „Гнасниот Пустошник“ од текстот Даниел 11,31 со папството и со неговите учења и практика. Според тоа, поврзаноста на 11 глава од Книгата на пророк Даниел со 7. и 8. глава, го поддржува гледиштето на Лутер и на многу други протестантски коментатори дека институцијата папство и неговите учења претставуваат исполнување на овие пророштва во историјата. Во врска со тоа, Елена Вајт вели: „Ниедна црква што се наоѓала во границите на римската власт не е оставена долго да ужива слобода на совеста. Штом папството се засилило, веднаш подало рака да го уништи секого кој не би сакал да ја признае неговата власт. Една по една црквите ја прифаќале неговата власт“ (*Големата борба*, стр. 54; стр. 62. оригинал).

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како можеме да бидеме осетливи кон чувствата на другите, а сепак да не го загрозуваме она што Библијата го учи за улогата на Рим во последните денови?**

**2. Текстот Даниел 11,33 гласи: „Разумните во народот ќе го поучуваат мноштвото, ама едно време ќе ги сотрува со меч, и со оган, со заточение и со грабеж.“ Што ни кажува овој текст за судбината на некои од припадниците на Божјиот верен народ? Исто така, што кажува за тоа што прави овој верен народ пред да биде мачен? Каква порака се крие овде за нас денес?**

**3. Текстот Даниел 11,36 гласи: „Царот ќе постапува како што ќе сака, вознесувајќи се и воздигнувајќи се себеси над сите богови: против Бога над боговите ќе зборува хули, и ќе успева додека не се исцрпи гневот – зашто она што е одредено, тоа ќе се исполни.“ На што и на кого ве потсетува овој текст? (Види Исаија 14,12-17; 2. Солуњаните 2,1-4).**

**4. Во стиховите Даниел 11,27.29.35. се користи изразот во *lammo’ed* или во „одредено време“. Што ни кажува повторно овој израз за Божјето управување со историјата?**

**Поука 13**
**21 -27 март 2020**

# ОД ПРАВОТ ЗЕМСКИ ДО ЅВЕЗДИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 12; Римјаните 8,34; Лука 10,20; Римјаните 8,18; Евреите 2,14.15; Јован 14,29; Откровение 11,3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Разумните ќе блескаат како сјајниот небесен свод, и кои ги учеа мнозината на праведност, како ѕвезди довека, во сета вечност“ (Даниел 12,3).**

Книгата на пророкот Даниел започнува со извештајот за Навуходоносор кој ја освојува Јудеја и ги води заробениците во Вавилон; спротивно на тоа, оваа книга завршува со извештајот за Михаил, кој станува да го ослободи Божјиот народ од Вавилон во последното време. Односно, како што е прикажано низ целата Книга на пророкот Даниел, на крајот, на самиот крај, Бог сето тоа го завршува во полза на својот народ.

Како што видовме, Даниел и неговите другари му остануваат верни на Бога и покажуваат неспоредлива мудрост среде искушенијата и предизвиците во прогонството. Слично на тоа, кога ќе се соочи со неволјите, Божјиот народ на последното време исто така ќе остане верен, особено во времето „на страдање какво немаше откако се луѓето, па до тоа време“ (Даниел 12,1). Исто како Даниел и неговите другари во Вавилон, ќе покаже мудрост и разум. Мудроста нема да ја искуси само како лична доблест, туку како резултат на таа мудрост, ќе се посвети на тоа и другите да ги донесе до правдата. Некои ќе умрат или ќе бидат усмртени, и така ќе се вратат во земниот прав, но ќе бидат подигнати во вечноста. Како што кажува библискиот текст: „Тогаш ќе се разбудат мнозина кои спиеја во земниот прав; едни за вечен живот а други за срам и вечен презир“ (Даниел 12,2).

## МИХАИЛ, НАШИОТ КНЕЗ

**Прочитајте: Даниел 12,1. Кој го менува текот на историјата на крајот од времето? Како текстовите во Римјаните 8,34 и Евреите 7,25 ни помагаат да сфатиме што значи овој текст?**

__________________________________________________________________

На почетокот од секоја глава во Книгата на пророк Даниел, до сега, се спомнати владетели од некој пагански народ. Текстот Даниел 12 исто така почнува со извештај за владетелот, но за разлика од сите други глави, владетелот е Божји кнез кој се подига за да го ослободи Божјиот народ од раката на непријателот.

Кога ќе се осврнеме на проучувањето на 10. глава од Книгата на пророк Даниел, гледаме дека Михаил е истото она моќно битие кое му се јавува на Даниел на реката Тигар. Тука доаѓа како небесен претставник на Божјиот народ. Тој се јавува и на други места во Книгата на пророк Даниел како Синот Човечки (Даниел 7), Заповедникот на војската (Даниел 8) и Кнезот Помазаник (Даниел 9). Затоа Михаил – чие име значи „кој е како Бог“ – не може да биде никој друг, освен Исус лично.

Важно е да забележиме во кој момент дејствува Михаил. Според текстот Даниел 12,1, Тој дејствува „во тоа време“. Овој израз се однесува токму на времето кое се спомнува во текстот Даниел 11,40-45. Тоа е временскиот период кој се протега од падот на папството во 1798 година до воскресението на крајот од времето (Даниел 12,2).

Од глаголот „стане“, кој се користи во текстот Даниел 12,1, со цел да се опише што прави Михаил, можеме да заклучиме кои се двата важни начина на дејствувањето на Михаил. Прво, глаголот „стане“ упатува на станувањето на царевите со намера да освојуваат и да владеат. Глаголот првенствено има воена смисла. Покажува дека Михаил постапува како воен заповедник кој го штити својот народ и го води по посебен пат во време на последните етапи од големата борба.

Второ, глаголот „стане“ исто така укажува на сликата на судот. Михаил „станува“ да дејствува како застапник на небескиот суд. Како Син Човечки, Тој доаѓа пред Старецот да го претставува Божјиот народ во времето на истражниот суд (Даниел 7,9-14). Според тоа, станувањето на Михаил или подигањето се однесува на воениот или судскиот аспект на Неговото дело. Со други зборови, Тој е исполнет со сила за да ги порази Божјите непријатели и со авторитет да го претставува Божјиот народ на небесниот суд.

**Размислете за тоа што значи Михаил да стане поради нас дури и сега. Каква надеж ви дава тоа вам како грешник?**

## ЗАПИШАНО ВО КНИГАТА

**Текстот Даниел 12,1 зборува за оние кои ќе се „најдат запишани во Книгата“. Што значи тоа?**

---

Времето на дејствувањето на Михаил е опишано и како време на неволја каква што не постоела никогаш. Тоа одговара на времето кога Божјиот Дух ќе се повлече од побунетиот човечки род. Тогаш седумте последни зла, изразот на Божјиот гнев кон народите, ќе се излие на Вавилон од последното време (Откровение 16; Откровение 18,20-24) и силите на темнината ќе бидат пуштени да дејствуваат во светот.

Елена Вајт за тој период пишува: „Тогаш сатаната земните жители ќе ги турне во голема, последна неволја. Кога Божјите ангели ќе престанат да ги задржуваат страшните луњи на човечките страсти, ќе бидат одврзани сите елементи на судирот. Цел свет ќе биде вовлечен во пропаст што ќе биде пострашна од онаа што некогаш го снашла Ерусалим“ (*Големата борба*, стр. 549; стр. 614. оригинал).

Меѓутоа, Божјиот народ ќе биде спасен во текот на овој страшен период бидејќи Исус, небесниот Првосвештеник, ги оправдал на истражниот суд одржан на Небото, а нивните имиња се запишани во книгата.

За да го сфатиме значењето на оваа книга, треба да имаме на ум дека во Библијата се споменуваат два вида небесни книги. Едната ги содржи имињата на оние кои му припаѓаат на Господа и понекогаш се нарекува Книга на животот (2. Мојсеева 32,32; Лука 10,20; Псалм 69,28; Филипјаните 4,3; Откровение 17,8).

Покрај Книгата на животот, во Писмото се споменуваат книги кои ги содржат извештаите за човечките дела (Псалм 56,8; Малахија 3,16; Исаија 65,6). Тоа се книги врз основа на кои на небескиот суд се одредува посветеноста на Господа за секоја личност. Тоа се небесни извештаи, „база на податоци“, кои ги содржат имињата и делата на секое човечко суштество. На некои луѓе не им се допаѓа идејата нивните имиња, а посебно делата, да се запишани на Небото. Меѓутоа, кога му го посветуваме својот живот на Христа, нашите имиња се бележат во Книгата на животот, а нашите лоши дела се бришат на судот. Овој небесен извештај пружаа пресудни докази пред целиот универзум дека му припаѓаме на Исуса и дека затоа имаме право да бидеме заштитени во времето на неволји.

**Зошто само Христовата праведност, која ни се припишува, е нашата единствена надеж да бидеме „запишани во книгата“? изнесете го својот одговор во саботношколската класа.**

## ВОСКРЕСЕНИЕ

**Прочитајте: Даниел 12,2.3. За кој настан се зборува во овие стихови и зошто, земајќи го предвид начинот на кој ја сфаќаме смртта, овој настан е толку важен за нас?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Даниел веројатно на најјасен начин во целиот Стар завет зборува за идното воскресение. Додека размислуваме за овој текст, можеме да усвоиме некои многу важни вистини. Прво, како што навестува сликата „спиење“, во човечкото тело не престојува бесмртна душа. Луѓето се неделива целина на телото, умот и духот. Кога човек ќе умре, престанува да постои и останува во несвесна состојба сè до воскресението. Второ, овој текст упатува на идното воскресение како укинување на она што се случува како последица на гревот. Изразот преведен како „земниот прав“, во оригиналниот јазик во текстот Даниел 12,2 гласи: „земја од прав“. Овој необичен редослед на зборовите нè враќа на текстот во 1. Мојсеева 3,19, единствениот друг библиски текст во кој зборот „земја“ претходи на зборот „прав“. Тоа укажува дека изрекувањето на смртната пресуда при падот на Адам ќе биде укината и смртта повеќе нема да има никаква моќ. Како што вели Павле: „Смрт, каде ти е победата? Смрт, каде ти е осилото?“ (1. Коринќаните 15,55)

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 8,18, Евреите 2,14.15. Зошто не треба да се плашиме од смртта?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Смртта уништува и коси сè на Земјава. Меѓутоа, нам ни е дадено ветувањето дека, за верните луѓе, смртта го нема последниот збор. Смртта е победен непријател. Кога Христос ги раскинал синџирите на смртта и воскреснал од гробницата, ѝ задал конечен удар на смртта. Уште сега можеме да гледаме зад привремената реалност на смртта до конечната стварност на животот што го примаме од Бога во Христа. Бидејќи Михаил „ќе стане“ (види: Даниел 12,1), и оние кои му припаѓаат Нему исто така ќе станат. Ќе станат од земниот прав за да можат засекогаш да светат како ѕвезди.

**Како среде животните неволји и борби можеме да извлечеме надеж и утеха од ветувањето за воскреснувањето на крајот од времето. Зошто навистина ништо друго не е важно?**

## ЗАПЕЧАТЕНА КНИГА

**Прочитајте: Даниел 12,4; Јован 14,29. Зошто Книгата на пророк Даниел треба да биде запечатена до последното време?**

---

На крајот од последниот важен отсек од Книгата (Даниел 10,1-12,4), пророкот прима налог да ја запечати книгата до последното време. Во исто време, ангелот прорекува дека „мнозина ќе талкаат овде-онде, обидувајќи се да разберат што се случува“ (Даниел 12,4). Иако некои проучувачи на Книгата на пророкот Даниел сметаат дека овие зборови го предвидуваат научниот напредок, кој исто така може да биде опфатен од нив, се чини дека контекстот укажува дека „испитувањето“ се однесува на проучување на самата Книга на пророкот Даниел. Кога се осврнуваме на историјата, забележуваме дека оваа книга со векови била нејасно литерарно дело. Можеби на одредени места ја познавале и истражувале, но некои од нејзините клучни учења и пророштва останале тајна. На пример, пророчките пораки поврзани со чистењето на небесното Светилиште, судот, идентитетот и дејствувањето на малиот рог, заедно со временската рамка на овие пророштва, биле доста нејасни.

Меѓутоа, од времето на протестантската реформација, сè повеќе луѓе почнале да ја истражуваат Книгата на пророк Даниел. Меѓутоа, дури на крајот од времето Книгата конечно е отворена и нејзината содржина е потполно откриена. Елена Вајт забележува: „Но од 1798 година отпечатена е книгата на Даниел, пророштвото почнало сè повеќе да се сфаќа и мнозина ја објавувале свечената вест за скорашниот суд“ (*Големата борба*, стр. 319; стр. 356. оригинал) „На крајот од 18. и почетокот на 19. век се разбудило ново интересирање за пророштвата од Книгата на пророк Даниел и Откровението на различни места ширум Земјата. Проучувањето на овие пророштва довело до раширено верување дека второто Христово доаѓање е блиску. Бројни толкувачи во Англија, Џозеф Вулф на Блискиот Исток, Мануел Лакунца во Јужна Америка и Вилијам Милер во Соединетите Американски Држави, заедно со голема група други проучувачи, врз основа на истражувањата на пророштвата на Даниел, објавиле дека Второто доаѓање е близу. Денес ова убедување станало движечка сила на движењето ширум светот“ (*The Seventh-day Adventist Bible Commentary*, 4. книга, стр. 879).

**Размислете за големото предимство што денеска го имаме кога се навраќаме на историјата и гледаме како историските пророштва на Даниел се исполниле. Како тоа треба да ни помогне да имаме доверба во сите Божји ветувања?**

## ВРЕМЕ НА ЧЕКАЊЕ

**Прочитајте: Даниел 12,5-13. Како завршува Книгата?**

Интересно е дека оваа последна сцена се одигрува на „реката“ или на реката Тигар, местото на кое Даниел го примил своето последно видение (Даниел 10,4). Меѓутоа, зборот употребен во овој текст не е вообичаен еврејски збор за „река“ туку израз *ye'or*, кој обично ја означува „реката Нил“. Ова нè потсетува на излегувањето и покажува дека Бог ќе го откупи својот народ на последното време како што го ослободил Израел од Египет.

Во овој текст дадени се три пророчки периоди. Прво – „По едно време, по две времиња и по половина време“ – дава одговор на прашањето: „Кога ќе дојде крајот на тие чудеса?“ (Даниел 12,6). „Чудесата“ се однесуваат на деталите опишани во видението во 11 глава, кои претставуваат разработување на 7. и 8. глава од Книгата на пророк Даниел. Конкретно, овој временски период се спомнува и во текстот Даниел 7,25, а подоцна и во текстовите Откровение 11,3; 12,6.14; 13,5. Исто така, тој одговара на периодот од 1260 години папска превласт, кој траел од 538 до 1798 година. Текстот Даниел 11,32-35 се однесува на истото прогонство, со тоа што не се спомнува неговото траење.

Другите два временски периода, 1290 и 1335 денови, претставуваат одговор на прашањето – „Кога ќе дојде крајот на тие чудеса?“ – кое Даниел лично му го поставил на Човекот облечен во ленена облека. И двата одговори почнуваат со укинување на „секојдневната жртва“ и поставување на „бесчесното опустошување“. Од лекцијата во којашто ја проучувавме 8. глава на Книгата на пророк Даниел дознаваме дека „секојдневната жртва“ се однесува на постојаното Христово посредување, кое било заменето со лажно богослужение. Според тоа, овој пророчки период треба да започне во 508 година, кога францускиот крал Клодвиг се преобратил во католичката вера. Овој важен настан го подготвил патот на сојузот меѓу црквата и државата, кој бил силен во текот на средниот век. Оттука 1290-те дена завршиле во 1798 година, кога папата бил уапсен по наредба на францускиот цар Наполеон. Времето од 1335 денови, последниот пророчки период што се спомнува во Книгата на пророк Даниел, се завршил во 1843 година. Тоа било времето на Милеритското движење и време на обновување на проучувањето на библиските пророштва. Тоа било време на чекање и надеж во скорото Христово доаѓање.

**Низ целата книга на пророкот Даниел забележуваме две работи: Божјиот народ доживува прогонство и Божјиот народ на крајот е одбранет и спасен. Како овој факт може да ни помогне во настојувањето да останеме верни, без оглед на моменталните неволји?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Пророштвата изнесуваат низа настани што се одигруваат до почетокот на судот. Ова е посебно случај со книгата на пророк Даниел . Но оној дел на своето пророштво што се однесува на последното време, Даниел морал да го затвори и да го запечати ’до последното време’. Дури кога ќе настапи тоа време, ќе може да биде објавена веста за судот што се темели на исполнувањето на ова пророштво. Но, во ова последно време, вели пророкот, ’мнозина ќе ја истражуваат (таа книга) и знаењето ќе се умножи’“ (Даниел 12,4).

Апостол Павле ја опоменувал црквата Христовото доаѓање да не го очекува во неговите денови: „Тоа нема да се случи додека прво не настане отпад и не се појави човек на беззаконието, син на гибелта“ (2. Солуњаните 2,3). Дури по еден голем отпад и по едно долго владеење на таканаречениот ’човек на беззаконието’ можеме да го очекуваме доаѓањето на нашиот Господ. ’Човекот на беззаконието’ (’човек на гревот’), наречен и ’тајна на беззаконието’, ’син на гибелта’ и ’беззаконик’, го претставува папството кое, како што е кажано во пророштвото, ќе има превласт 1260 години. Ова време се завршило 1798 година. Христовото доаѓање не можело да се случи пред оваа година. Опомената на Павле го опфаќа целиот христијански период до 1798 година. Дури по оваа година требало да се проповеда веста за второто Христово доаѓање“ (*Големата борба*, стр. 318.319; стр. 356. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Со кои опасности можеме да се соочиме ако одредуваме датуми за идните настани на последното време? Што се случува со верата на многумина кога овие предвидени настани не се остваруваат? Кое клучно пророчко начело го пронаоѓаме во Христовите зборови во текстот Јован 14,29, кое треба да ни помогне да сфатиме како да го искористиме пророштвото за наш духовен напредок и како да ја избегнеме стапицата да поверуваме во лажните предвидувања?**

**2. Како, благодарение на времето во кое сега живееме, со сегашната комуникација и извонредниот научен напредок, кој не ни донесува секогаш добро, не е тешко да замислиме што ќе се случи во тоа „време на страдање какво немаше откако се луѓето“.**

**3. Поразговарајте во класата за последните прашања од отсекот за понеделник, за тоа зошто евангелието е возвишена вистина за Христовата праведност, нашата единствена надеж да бидеме „запишани во Книгата“. Каква надеж имаме без тоа?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈАНУАРИ

# СИЛА ВО УНИВЕРЗУМОТ

### ВЕТУВАЊЕ ЗА МИР

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Исаија 26,3.4.*** | *Ветување за мир* |
| *2. Четврток* | ***1. Јованово 2,6.*** | *Во согласност со вистината* |
| *3. Петок* | ***Матеј 18,20.*** | *Средување на почвата* |
| *4. Сабота* | ***Исаија 61,11.*** | *Службата на Бога почнува на земјата* |

### БЛАГОДАРНОСТ ЗА ВЕТУВАЊАТА

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Евреите 4,13.*** | *Ти си Бог кој сè гледа* |
| *6. Понеделник* | ***Матеј 5,18.*** | *Судирот е завршен* |
| *7. Вторник* | ***Ефешаните 6,6.7.*** | *Благодарност за ветувањата* |
| *8. Среда* | ***Јаков 4,8.*** | *Христијанска понизност* |
| *9. Четврток* | ***Исаија 52,1.*** | *Красна облека* |
| *10. П еток* | ***Римјаните 1,16.*** | *Противотров за безволноста* |
| *11. Сабота* | ***Матеј 5,23.24.*** | *Најнапред помирување* |

### СИЛА ВО УНИВЕРЗУМОТ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Езекиел 3,17.*** | *Нема спиење на работа* |
| *13. Понеделник* | ***1. Петрово 3,8.*** | *Агенти за Небо* |
| *14. Вторник* | ***Плачот на Еремија 3,25.26.*** | *Дали баравте?* |
| *15. Среда* | ***Еремија 23,29.*** | *Помошта ни е ветена* |
| *16. Четврток* | ***Исаија 41,10.*** | *Сила во универзумот* |
| *17. П еток* | ***Матеј 5,13.*** | *Мерата на христијанството* |
| *18. Сабота* | ***1. Коринќаните 12,4-6.*** | *Дајте сè од себе* |

### СОВРШЕНИ ВО НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Псалм 62,8.*** | *Ден за ден* |
| *20. Понеделник* | ***Матеј 6,22.*** | *Небото е на моја страна* |
| *21. Вторник* | ***Исаија 46,4.*** | *Најсветол и најдобар* |
| *22. Среда* | ***Псалм 119,105.*** | *Гледај на примерот* |
| *23. Четврток* | ***Псалм 60,4.*** | *Небесни влогови* |
| *24. П еток* | ***Матеј 5,48.*** | *Совршени во Него* |
| *25. Сабота* | ***Марко 13,34.*** | *Божјо знаме* |

### ХРИСТИЈАНСКИОТ МИР

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***2. Коринќаните 4,17.18.*** | *Пропусница за Небо* |
| *27. Понеделник* | ***1. Коринќаните 1,10.*** | *Усогласување* |
| *28. Вторник* | ***Ефешаните 6,12.*** | *Господи, Ти знаш сè за тоа!* |
| *29. Среда* | ***Матеј 11,29.*** | *Христијанскиот мир* |
| *30. Четврток* | ***Исаија 66,2.*** | *Твојот случај не е безнадежен* |
| *31. П еток* | ***1. Мојсеева 18,19.*** | *Бог ќе работи со тебе* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ФЕВРУАРИ

# НЕБОТО ПОЧНУВА ОВДЕ

### ШТО ОЧЕКУВА БОГ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | ***Јаков 4,6-10.*** | *Што очекува Бог* |

### НЕБЕСНО ОГЛЕДАЛО

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | ***Дела 4,13.*** | *Како да се влијае* |
| *3. Понеделник* | ***Псалм 37,3.*** | *За плашливите, слабите и очајните* |
| *4. Вторник* | ***2. Тимотеј 2,15.*** | *Помош во проучувањето* |
| *5. Среда* | ***Псалм 27,14.*** | *Безбројни благослови* |
| *6. Четврток* | ***Ефешаните 5,20.*** | *Благодарно срце* |
| *7. Петок* | ***2. Коринќаните 3,18.*** | *Небесно огледало* |
| *8. Сабота* | ***Исаија 50,7.*** | *Сила која се црпи од борбата* |

### БОЖЈИ СОРАБОТНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | ***Матеј 13,33.*** | *Нов живот* |
| *10. Понеделник* | ***2. Тимотеј 4,2.*** | *Бог ветил дека ќе биде присутен* |
| *11. Вторник* | ***1. Петрово 2,9.*** | *Божјата откриена добрина* |
| *12. Среда* | ***2. Коринќаните 5,20.*** | *Амбасадори* |
| *13. Четврток* | ***Лука 10,27.*** | *Служба од љубов* |
| *14. Петок* | ***1. Коринќаните 3,9.*** | *Божји соработници* |
| *15. Сабота* | ***Јаков 3,16.17.*** | *Разумна служба* |

### НЕБОТО ПОЧНУВА ОВДЕ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | ***Исаија 58,1.*** | *Бог не ја сака измамата* |
| *17. Понеделник* | ***Римјаните 15,4.*** | *Одвојте време да бидете свети* |
| *18. Вторник* | ***Псалм 31,19.*** | *Небо почнува овде* |
| *19. Среда* | ***Псалм 77,11.12.*** | *Мир во Неговото присуство* |
| *20. Четврток* | ***Мудри изреки 20,11.*** | *И детето се познава по своите дела* |
| *21. Петок* | ***Римјаните 6,12.*** | *Силни со Неговата сила* |
| *22. Сабота* | ***Филипјаните 4,11.*** | *Каде било, Господе* |

### ПО НЕГОВИТЕ СТАПКИ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | ***Дела 14,22.*** | *Нема причина за страв* |
| *24. Понеделник* | ***Исаија 55,7.*** | *Како да се ослободиме од вината* |
| *25. Вторник* | ***Еремија 17,5-7.*** | *Доверба и послушност* |
| *26. Среда* | ***2. Коринќаните 4,6.*** | *Тајната на посветувањето* |
| *27. Четврток* | ***1. Петрово 1,13.*** | *Правилно размислување* |
| *28. Петок* | ***Исаија 40,11.*** | *Под пастирите* |
| *29. Сабота* | ***Ефешаните 2,10.*** | *По неговите стапки* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАРТ

# СИГУРНИ ВО ПОБЕДАТА

## ЕДИНСТВЕНА СИГУРНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **1. Мојсеева 31,13.** | *Единствена сигурност* |
| *2. Понеделник* | **Псалм 39,1.** | *Поттикнати на љубов* |
| *3. Вторник* | **1. Мојсеева 33,19.** | *Прифатлива амбиција* |
| *4. Среда* | **Ефешаните 2,8.** | *На секој чекор од патот* |
| *5. Четврток* | **Мудри изреки 4,23.** | *Повеќе од зборови* |
| *6. Петок* | **Откровение 3,20.** | *Отворете ја вратата* |
| *7. Сабота* | **1. Дневникот 16,11.** | *Отворете ги горните прозорци!* |

## ЛИЧНА, ВИСТИНСКА ПОБОЖНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Псалм 146,2.** | *Што прави љубовта* |
| *9. Понеделник* | **Јован 6,31.** | *Следете ги упатствата* |
| *10. Вторник* | **Евреите 13,20.21.** | *Правило на праведноста* |
| *11. Среда* | **Римјаните 12,10.** | *Прекрасен христијанин* |
| *12. Четврток* | **Ефешаните 1,18.** | *Лична, вистинска побожност* |
| *13. Петок* | **Филипјаните 2,14.15.** | *Осветлување на патот* |
| *14. Сабота* | **Псалм 32,8.** | *Благослови по правото на првородство* |

## СИГУРНИ ВО ПОБЕДАТА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Ефешаните 4,32.** | *Љубезен христијанин* |
| *16. Понеделник* | **Галатите 1,4.** | *Сигурни во победата* |
| *17. Вторник* | **1. Петрово 4,10.** | *Даровите треба да се користат* |
| *18. Среда* | **Проповедник 3,11.** | *Цената на гревот* |
| *19. Четврток* | **1. Петрово 2,24.** | *Избор и дела* |
| *20. Петок* | **Галатјаните 6,14.** | *Лек за уништувањето* |
| *21. Сабота* | **1. Јованово 1,9.** | *Каење, признавање, соработка* |

## ДОСЛЕДЕН ХРИСТИЈАНИН

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **1. Петрово 4,11.** | *Искушенијата и усовршувањето* |
| *23. Понеделник* | **Ефешаните 6,11.** | *Забележете го неговото заземање!* |
| *24. Вторник* | **1. Јованово 1,5-7.** | *Доследен христијанин* |
| *25. Среда* | **1. Солуњаните 5,21.** | *Урамнотежено испитување* |
| *26. Четврток* | **Колошаните 3,1.2.** | *Одвојување од гревот* |
| *27. Петок* | **Ефешаните 6,10.** | *Зајакнување во спасението* |
| *28. Сабота* | **Псалм 16,11.** | *Неговото постојано присуство* |

## ДАЈТЕ МАСЛО ЗА МОЈАТА СВЕТИЛКА

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **Мудри изреки 11,25.** | *Давање на она што сме го примиле* |
| *30. Понеделник* | **Захарија 4,6.** | *Дајте масло за мојата светлика* |
| *31. Вторник* | **2. Коринќаните 10,4.5.** | *Неговата своина ослободена со откуп* |

## Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| **4.** | 10-12 |
| | |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| 7. | 20-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-30 |
| 10. | 31-33 |
| **11.** | 34-36 |
| | |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| 14. | 43-46 |
| 15. | 47-50 |
| 16. | 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| **18.** | 7-9 |
| | |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| **25.** | 30-31 |
| | |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| 28. | 38-40 |
| 29. | 1-4 |
| 30. | 5-7 |
| 31. | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| **1.** | 3. Мојс. 11-13 |
| | |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| 4. | 20-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| **8.** | 7-9 |
| | |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| **15.** | 30-32 |
| | |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| **22.** | 17-19 |
| | |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |
| **29.** | И. Навин 3-4 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 5-9 |
| 2. | 10-13 |
| 3. | 14-17 |
| 4. | 18-21 |
| 5. | 22-24 |
| 6. | Судии 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| | |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-12 |
| 10. | 13-15 |
| 11. | 16-18 |
| 12. | 19-21 |
| 13. | За Рута 1 и 2 |
| **14.** | 3 и 4 |
| | |
| 15. | 1. Сам. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-17 |
| 20. | 18-20 |
| **21.** | 21-23 |
| | |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-31 |
| 24. | 2. Сам. 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-11 |
| 27. | 12-14 |
| **28.** | 15-17 |
| | |
| 29. | 18-20 |
| 30. | 21-24 |
| 31. | 1. Цар. 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
3. Псалм 3
**4.** Псалм 4
5. Псалм 5
6. Псалм 6
7. Псалм 7
8. Псалм 8
9. Псалм 9
10. Псалм 10
**11.** Псалм 11
12. Псалм 12
13. Псалм 13
14. Псалм 14
15. Псалм 15
16. Псалм 16
17. Псалм 17
**18.** Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
22. Псалм 20
23. Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
**25.** Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
27. Псалм 24
28. Псалм 25
29. Псалм 26
30. Псалм 27
31. Псалм 28

## *Февруари*

**1.** Псалм 29
2. Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
6. Псалм 33
7. Псалм 34
**8.** Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
14. Псалм 39
**15.** Псалм 40
16. Псалм 41
17. Псалм 42
18. Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
**22.** Псалм 46
23. Псалм 47
24. Псалм 48
25. Псалм 49
26. Псалм 50,1-5
27. Псалм 50,16-23
28. Псалм 51
**29.** Псалм 52

## *Март*

1. Псалм 53
2. Псалм 54
3. Псалм 55
4. Псалм 56
5. Псалм 57
6. Псалм 58
**7.** Псалм 59
8. Псалм 60
9. Псалм 61
10. Псалм 62
11. Псалм 63
12. Псалм 64
13. Псалм 65
**14.** Псалм 66
15. Псалм 67
16. Псалм 68
17 Псалм 69 ,1-16
18. Псалм 69,17-36
19. Псалм 70
20. Псалм 71,1-15
**21.** Псалм 71,15-24
22. Псалм 72
23. Псалм 73,1-15
24. Псалм 73,16-28
25. Псалм 74
26. Псалм 75
27. Псалм 76
**28.** Псалм 77
29. Псалм 78 ,1-14
30. Псалм 78,15-28
31. Псалм 78,29-42

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. | 31. |
| Виница | 16:10 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Колешино | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Стар Дојран | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Куманово | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Неготино | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Струмица | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Кочани | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:34 | 16:43 |
| Велес | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 | 16:46 |
| Кавадарци | 16:14 | 16:20 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Дебар | 16:19 | 16:26 | 16:34 | 16:42 | 16:51 |
| Скопје | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Битола | 16:18 | 16:24 | 16:32 | 16:40 | 16:49 |
| Кичево | 16:18 | 16:24 | 16:32 | 16:41 | 16:49 |
| Лаки | 16:10 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Чифлик | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Штип | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Тетово | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Јегуновце | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 | 16:47 |
| Росоман | 16:14 | 16:20 | 16:28 | 16:37 | 16:45 |
| Гевгелија | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Свети Николе | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Делчево | 16:09 | 16:16 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Валандово | 16:12 | 16:19 | 16:26 | 16:35 | 16:43 |
| Охрид | 16:19 | 16:26 | 16:34 | 16:42 | 16:51 |
| Радовиш | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Прилеп | 16:16 | 16:23 | 16:30 | 16:39 | 16:47 |

** Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ФЕВРУАРИ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***7.*** | ***14.*** | ***21.*** | ***28.*** |
| **Виница** | **16:51** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Колешино** | **16:51** | **17:00** | **17:08** | **17:17** |
| **Стар Дојран** | **16:52** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Куманово** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:20** |
| **Неготино** | **16:54** | **17:02** | **17:11** | **17:20** |
| **Струмица** | **16:52** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Кочани** | **16:52** | **17:00** | **17:09** | **17:18** |
| **Велес** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:21** |
| **Кавадарци** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:20** |
| **Дебар** | **17:00** | **17:09** | **17:17** | **17:26** |
| **Скопје** | **16:55** | **17:04** | **17:13** | **17:22** |
| **Битола** | **16:58** | **17:06** | **17:15** | **17:23** |
| **Кичево** | **16:58** | **17:07** | **17:16** | **17:24** |
| **Лаки** | **16:51** | **17:00** | **17:08** | **17:17** |
| **Чифлик** | **16:53** | **17:02** | **17:11** | **17:19** |
| **Штип** | **16:53** | **17:02** | **17:10** | **17:19** |
| **Тетово** | **16:57** | **17:06** | **17:15** | **17:24** |
| **Јегуновце** | **16:56** | **17:05** | **17:14** | **17:23** |
| **Росоман** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:20** |
| **Гевгелија** | **16:53** | **17:01** | **17:10** | **17:18** |
| **Свети Николе** | **16:53** | **17:02** | **17:11** | **17:20** |
| **Делчево** | **16:50** | **16:59** | **17:08** | **17:16** |
| **Валандово** | **16:52** | **17:01** | **17:09** | **17:18** |
| **Охрид** | **17:00** | **17:08** | **17:17** | **17:25** |
| **Радовиш** | **16:52** | **17:01** | **17:09** | **17:18** |
| **Прилеп** | **16:56** | **17:05** | **17:13** | **17:22** |

** Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| **Виница** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Колешино** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:48** |
| **Стар Дојран** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:48** |
| **Куманово** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Неготино** | **17:28** | **17:36** | **17:43** | **17:51** |
| **Струмица** | **17:26** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Кочани** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Велес** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:52** |
| **Кавадарци** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:51** |
| **Дебар** | **17:34** | **17:42** | **17:50** | **17:57** |
| **Скопје** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:54** |
| **Битола** | **17:31** | **17:39** | **17:46** | **17:54** |
| **Кичево** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:56** |
| **Лаки** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Чифлик** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** |
| **Штип** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** |
| **Тетово** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:56** |
| **Јегуновце** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:55** |
| **Росоман** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Гевгелија** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Свети Николе** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Делчево** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Валандово** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Охрид** | **17:33** | **17:41** | **17:49** | **17:56** |
| **Радовиш** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Прилеп** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:53** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# ТЕМЕЛИ
# на среќниот дом

Во книгата „Темели на среќниот дом“ Елена Вајт оставила многу совети за тоа што сѐ е потребно за нашиот дом да биде среќен, водејќи се притоа според божествениот првичен план за домот и семејството. Таа навлегла во сите сфери на семејниот живот, давајќи извонредни упатства и насоки за надминување на многубројните проблеми кои денес ги загрижуваат совесните и често вознемирени родители.

Оваа книга едновремено претставува и прирачник за презафатените родители и модел и поставен идеал за она што еден дом може и треба да стане. Таа ги содржи одговорите на многу прашања, изразени со мудрите зборови на небесниот Татко.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).